ра за напредокот во однос на критериумите за успех, се нагласуваат потешкотиите, се предлагаат мерки за решавање на проблеми се водат неформални дискусии, или формални разговори со учесниците од училиштето, за да се добијат повратни информации за активностите.

При следењето на акциските планови, критериум за успех се квалитетот на промената, која сакаме да ја постигнеме. Инструменти кои се користат при евалуација на акциските планови се: тестовите на знаење, скали на проценки, прашалници, потсетник за водење на интервјуа, протоколи за набљудување и сл. Индикаторите за успешност(на пример ако се работи за зголемување на постигањата на учениците кај одреден наставен предмет, ќе биде покачен просек на успех на учениците по тој предмет, намалување на бројот на слаби оценки, зголемена соработка со родители, зголемен број на различни видови стратегии на учење, на оценување).

Секогаш при следењето или формативната евалуација се дава повратна информација за постигнувањата и препораки за подобрување на состојбата, било подобрување на успех, или мотивација кај учениците, самостојност во учењето и вреднување на напредокот.

# 8. Програми и организација на работата во училиштето

## Организација и реализација на воспитно-образовната дејност

Функцијата, содржината и организацијата на основното образование и воспитание се темелат врз основа на:

- Уставот на Република Северна Македонија ;
- Законот за основно образование;
-Концепцијата за основно образование
- анализа за развојот на основното образование;

СпоредЗакон за основно образовани и Концепцијата за основно образование, основното образование се развива врз основа на следните начела:
- најдобар интерес и целосен развој на ученикот,
- еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност,
- општо образовен карактер на основното образование,
- обезбедување на квалитет на образованието и меѓународна споредливост на знаењата на учениците,
- активно учество на учениците во животот на училиштето и заедницата,
- подготвување на ученикот за доживотно учење,
- унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, интеркултурност, мултикултурализам, интеркултурализам и мултикултурност,
- грижа за физичка безбедност и здравје,

- автономност, компетентност и одговорност и
- партнерство помеѓу училиштето, родителите, односно старателите и единиците на локалната самоуправа.

Наставата во основното училиште се изведува според Наставен план и програма за одделенска и предметна настава, донесена од Министерството за образование и наука на национално ниво и БРО.

## Преглед на бројот на ученици по одделенија и паралелки
## на почетокот од учебната 2025/2026 година од I до IX одделение

**Одделенска настава**

| Одд | Паралелка | Ученици м | ж | СЕ | Одделенски наставници |
|---|---|---|---|---|---|
| I | 1(м) | 4 | 6 | 10 | Данче Манчева |
| I | 2(м) | 5 | 5 | 10 | Зорица Цвејоски |
| I | 3(т) | 3 | 3 | 6 | Аида Бекирова |
| I | 4(т) | 3 | 4 | 7 | ЕрдалУсеинов |
| I | 5(т) | 3 | 4 | 7 | Ташмиран Мемедова |
| I | с.Рич (комб.) | 1 | 1 | 2 | Елена Христова |
| **Вкупно** | | **19** | **23** | **42** | |
| II | 1(м) | 11 | 7 | 18 | Елена Милкова |
| II | 2(м) | 8 | 15 | 23 | Мери Витанова |
| II | 3(т) | 8 | 10 | 18 | ЌеремЈусеинов |
| II | 4(т) | 13 | 6 | 19 | Ферихан Тахир |
| II | с.Рич. (комб.) | 2 | 1 | 3 | Наталија Ѓеоргиева |
| **Вкупно** | | **42** | **39** | **81** | |
| III | 1(м) | 13 | 7 | 20 | Љубинка Цветанова |
| III | 2(м) | 10 | 9 | 19 | Марија Илиева |
| III | 3(т) | 12 | 12 | 24 | ИнтишеМустафова |

**Предметна настава**

| Одд | Паралелка | Ученици м | ж | СЕ | Одделенски раководители |
|---|---|---|---|---|---|
| VI | 1 | 10 | 10 | 20 | Бојана Здравева |
| VI | 2 | 11 | 9 | 20 | Соња Ивановска |
| VI | 3 | 12 | 8 | 20 | Ивана Крстова |
| VI | 4 | 10 | 10 | 20 | Валентина Христова |
| **Вкупно** | | **43** | **37** | **80** | |
| VII | 1 | 14 | 7 | 21 | Ленка Чиркова |
| VII | 2 | 9 | 8 | 17 | Тина Јанева |
| VII | 3 | 17 | 9 | 26 | Саветка Андонова |
| VII | 4 | 14 | 9 | 23 | Ѓорги Ќосевски |
| **Вкупно** | | **54** | **33** | **87** | |
| VIII | 1 | 11 | 11 | 22 | Стојанче Кировски |
| VIII | 2 | 14 | 6 | 20 | Ристо Обрадов |
| VIII | 3 | 11 | 9 | 20 | Анкица Костадинова |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| III | 4(т) | 14 | 5 | 19 | Махмуре Тахир |
| III | с. Рич | 1 | / | 1 | Наталија Ѓеоргиева |
| Вкупно | | 50 | 33 | 83 | |
| IV | 1(м) | 10 | 5 | 15 | Ирена Ристова Стевкова |
| IV | 2 (м) | 9 | 10 | 19 | Славе Ковачев |
| IV | 3(т) | 12 | 3 | 15 | МејдинУсинов |
| IV | 4(т) | 7 | 6 | 13 | Фунда Ибраимова |
| IV | 5(т) | 7 | 9 | 16 | ХулјаДурова |
| IV | с.Рич | 1 | 2 | 3 | Љупка Глигорова |
| Вкупно | | 46 | 35 | 81 | |
| V | 1(м) | 16 | 10 | 26 | Тања Ѓоргиева |
| V | 2(м) | 10 | 8 | 18 | Петар витанов |
| V | 3(т) | 19 | 9 | 28 | Тургут Селманов |
| V | 4(т) | 11 | 18 | 29 | Мерал А.Салиова |
| V | с.Рич | / | 2 | 2 | Љупка Глигорова |
| Вкупно | | 56 | 47 | 103 | |
| **ВКУПНО I - V** | | 213 | 177 | 390 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| VIII | 4 | 9 | 3 | 22 | Анета Крстова |
| Вкупно | | 45 | 29 | 74 | |
| IX | 1 | 10 | 12 | 22 | Билјана Пујуклиева |
| IX | 2 | 11 | 8 | 19 | Трајанка Колева |
| IX | 3 | 10 | 9 | 19 | Љубица Галабовска |
| IX | 4 | 7 | 6 | 13 | Никола Ристов |
| Вкупно | | 38 | 35 | 73 | |
| **ВКУПНО VI- IX** | | 180 | 134 | 314 | |
| **ВКУПНО I- IX** | | **393** | **311** | **704** | |

## Настава

Наставата е комплексен процес заснован на научни вистини, законитости кои се вградени во Наставниот план за основно образование, кои овозможуваат поделба на задолжителна, изборна, и други видови на настава. Наставата овозможува да се остваруваат основните образовни и воспитни активности со учениците во училиштето. Индивидуалноста на учениците, нивните желби, можности, способности и интереси се поттикнуваат и поддржуваат низ воспитно-образовниот процес и затоа се оди со една флексибилна структура на предмети со можност за вклучување на изборни предмети. Наставата во прво, второ,трето,четврто,петто и шесто одделение се реализира според Новата концепција за основно образование..

***Вид на настава***

а) задолжителна настава
б) изборна настава
в) дополнителна настава
г) додатна настава

***Организација на задолжителна настава***

Неделниот фонд на часови по задолжителните предмети е утврден во Наставниот план, а целите, содржините, поимите и планираните активности се содржани во наставните програми донесени од БРО .

## Календар за организација и работата на училиштето

Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела;
На денот на „Св. Кирил и Методиј“ – 24 Мај не се изведува настава и се организираат културни, спортски и други манифестации;
На Денот на училиштето – 25 Мај – не се изведува настава, но училиштето активно го одбележува тој ден со културни, спортски и други манифестации во училиштето и надвор од него;
Традиционалниот ден на просветата на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот се одбележува со организирање на културни и други манифестации;
Работните денови кога се изведуваат ученички екскурзии, денот на еколошката акција на младите во Република Северна Македонија, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми;
Ученичките одмори се организираат во текот на учебната година и тоа како: зимски и летен одмор на учениците.
Основните училишта војуни организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити и во август организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите.

**Месеци**

Септември

Октомври

***Еколошки календар***

Ноември

***Еколошки календар***

Декември

Вкупно работни денови во првото полугодие

5 март: Светски ден за заштеда на енергија

22 март: Светски ден за заштеда на водите

7 април: Светски ден на здравјето

22 април: Светски ден на планетата Земја

15 мај: Светски ден за заштита на климата

31 мај: Светски ден против пушењето

5 јуни. Светски ден за заштита на животната средина

16 септември: Светски ден за заштита на озонската обвивка

22 септември: Меѓународен ден без автомобили

08 октомври: Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата

15 октомври: Меѓународен ден на пешаците

16 октомври: Меѓународен ден на храната

Ден на акција на еко -училиштата- се реализира два пати во текот на една учебна година

Ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Македонија

***Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите***

(ПрилогПреглед на наставен кадар заучебната 2025/26 год. со број на часови, наставен предмет што го предаваат и раб. стаж)
(ПрилогРаспоред на часови за учебната 2025/26 год. во прилог)

***Работа во смени***

Наставата се изведува во две смени и тоа:
Предметна настава работи во прва смена од 07:30 до 13:00 часот.
Одделенска настава се реализира во две смени и тоа:
1-ва смена од7:30 до 13:00 часот.
2-ра смена од 13:30 до 18:10 часот.
Во подрачното училиште во с. Рич, наставата се изведува во една смена и почнува во 7:30 ч., а завршува во 13:00 ч.

## *Јазик/јазици на кој / кои се изведува наставата*

Во нашето училиште наставата се изведува на два наставни јазика, македонски и турски наставен јазик. На македонски наставен јазик учат учениците од прво до деветто одделение, а на турски наставен јазик од прво до петто одделение. На македонски наставен јазик настава се реализира во 29паралелки (1 комбинирана и 28 чисти паралелки), додека на турски наставен јазик се изведува настава во 12 паралелки. Во подрачното училиште вос. Рич, настава има од прво до петто одделение на македонски јазик

## *Наставен јазик*

| | Наставен јазик македонски | Наставен јазик албански | Наставен јазик турски | Наставен јазик српски |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 29 | / | 12 | / |
| **Број на ученици** | 509 | / | 219 | / |
| **Број на наставници** | 50 | / | 12 | / |

### *Проширена програма*

Во нашето училиште се реализира и проширена програма. Проширената програма опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава.

### *Комбинирани паралелки*

Во училиштето наставата се изведува во чисти и комбинирани паралелки. Во централното училиште наставата се изведува само во чисти паралелки, а во ПУ с. Рич има една чиста паралелка и две комбинирани. Вкупниот број на ученици во ПУ во с. Рич се 11 ученици, а комбинациите се прво одд. и второ се комбинирана паралелка, трето и петто одд.-комбинирана паралелка и четврто одделение чиста паралелка.

***Странски јазици што се изучуваат во училиштето***

Во нашето училиште се изучуваат два странски јазици англиски и германски јазик. Англиски јазик се изучува од прво до деветто одделение, со вкупен број на ученици 728, додека вториот странски јазик –германски јазик, се изучува од шесто до деветто одделение, со вкупен број на ученици кој изнесува 320.

***Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение***

Реализацијата на наставата по физичко и здравствено образование се реализира од страна на професор по ФЗО и одделенскиот наставник (тандем настава). Оваа настава се реализира со ученици од прво, второ, трето, четврто и петто одделение.

## Изборна настава

Во зависност од интересите, учениците изучуваат изборни предмети, со кои ги надградуваат, продлабочуваат и систематизираат знаењата од одредени подрачја. Постапката за изборот на изборните предмети во училиштето се изведува согласно процедурата за изборни предмети. Од анкетирањето на родителите (кој предмет ќе сакаат да го изучуваат нивните деца) изборна настава ќе се изведува: во четврто одд. цртање, сликање и вајарство (прво полугодие) образование за /животни вештини во второ полугодие. Во петто одд: театарот,уметност и емоции (прво полугодие),оригами, шах, разрешување на конфликти (второ полугодие).Во шесто одд.: филозофија(прво полугодие), религиите во светот (второ полугодие), во седмо одд. –справување со природни катастрофи,глобално затоплување и климатски промени, во осмо одд.: Вештачка интелигенција, Основи на веб- развивање, сликање, готвење, прва помош и во деветто одд. –вештини за живеење. При определување за изборни предмети во училиштето се спроведуваат следните постапки: изготвување анкетни листови за учениците и родителите со понудени најмалку три изборни предмети-соодветни на одделението(листа на изборните предмети содржана во Наставниот план-доставен од БРО), презентирање на програмите за понудените изборни предмети пред родителите на родителска средба, спроведување на анкета за родителите за определување на изборен предмет, обработка на податоците од спроведената анкета од страна на одделенските наставници и одделенските раководители на ниво на паралелка, изготвување извештај за изборните предмети на ниво на училиште од страна на стручните соработници и негово презентирање на наставнички совет, информирање на родителите и учениците за застапените изборни предмети и формирање групи од најмалку 15 ученици

од една или повеќе паралелки за следење на наставата. Изборот на наставниците кои изведуваат настава по изборните предмети се прави согласно нормативите за наставен кадар, даден во наставните програми од МОН и БРО.

## Дополнителна настава

Дополнителната настава ќе се организира за учениците кои имаат потешкотии во учењето и заостануваат по одделни наставни предмети, или од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава. Оваа настава ќе се изведува во текот на наставната година со еден час неделно за учениците од II до IX одделение. За успешно организирање на дополнителната настава неопходно е континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и постојана контрола на неговите развојни особености и потреби. За дополнителна настава, образовните групи ќе се формираат во различни периоди, во зависност од времето кога се појавуваат одредени потешкотии кај поедини ученици. Содржините за оваа настава се специфични за секој ученик и затоа ќе се применуваат пред се, индивидуална форма на работа, работа во групи, а ќе се користи и фронтална работа со учениците во секоја од групите.

За успешно организирање на дополнителната настава неопходно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредок на секој ученик, како и поставување на точна и навремена дијагноза за неговите развојни особености и потреби, постигнувања, заостанувања и др.

Согласно чл.29 од Новиот Закон за основно образование, дополнителната настава ќе се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени предмети, односно на барање на ученик, негов старател или по проценка на наставникот. Наставникот ја планира дополнителната настава согласно потребите на учениците. За упатување и посета на дополнителната настава, одделенскиот, односно предметниот наставник води евиденција и го известува родителот, односно старателот на детето.

Нашето училиште на месечна основа изготвува распоред за дополнителна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла во училиштето.

Ученикот упатен на дополнителна настава, во текот на еден месец посетува дополнителна настава најмногу по два наставни предмети, со најмногу четири наставни часови по наставен предмет.

За упатувањето на ученикот на дополнителна настава, наставникот задолжително го известува родителот, односно старателот.

Дополнителната и додатната настава ќе се реализира со учениците од II до IX одделение согласно Наставниот план и програма.

За реализирање на дополнителната настава одделенските раководители и предметните наставници изготвуваат посебна програма за работа која им влегува во нивните Годишни-глобални и Тематско -процесни планирања. (Прилог - Програма за дополнителна настава).

## Додатна настава

Додатна настава ќе се реализира со учениците кои постигнуваат посебни(подобри) резултати за определени научни и наставни дисциплини и напредуваат во рамките на задолжителната настава. Нејзина основна цел е да обезбеди систематска работа со надарени и талентирани ученици, во текот на целата година, нивно креативно ангажирање, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација, учество на натпревари итн.

Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети. Додатната настава за учениците, наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава.

Оваа настава ќе се изведува во текот на наставната година со еден час неделно за учениците од II до IX одделение. Реализацијата на додатната настава се евидентира во одделенскиот дневник и е дел од годишниот глобален план на секој наставник поединечно (ПрилогПрограма за додатна настава).

## Работа со надарени и талентирани ученици

Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој, како и да го подржи талентираниот ученик. Работата со надарените деца, денес претставува важен сегмент во образовниот систем. Акцентот во Програмата за работа со надарени ученици, се става врз методите и формите на работа, кои ќе бидат насочени кон оспособување на учениците за самостојно учење, развивање на критичкото мислење и креативните способности, како и нивно оспособување за користење методи и постапки, за доаѓање до нови знаења и решенија за проблемски ситуации.

Надарените и талентираните ученици се ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници. Надареноста по правило се однесува на високи постигнувања во областа на природни науки, математика, јазици, додека пак талентираноста по правило се однесува на постигнувања во областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт.

Работата со надарени и талентирани ученици во нашето училиште се реализира преку: индивидуализација во наставата со учениците, групна настава за учениците со приближно исти способности, додатна настава, проектни активности, слободни ученички активности, организирање натпревари, конкурси и истражувачки активности, организирање креативни работилници. (Прилог- Програма за работа со надарени ученици).

## Работа со ученици со посебни образовни потреби

Од оваа учебна година, согласно новиот закон за основно образование, за учениците со посебни потреби ќе бидат ангажирани образовни/лични асистенти кои ќе помагаат на наставниците во паралелките каде што има такви ученици. Во нашето училиште има вкупно 11 ученици кои имаат посебни потреби, за некои од нив е добиено проценка и мислењеод МКФ(тело за класификација на учениците, според посебните потреби кои ги има) каков вид поддршка им епотребна на учениците. Инаку, како училиште од МОН, побаравме 3 образовни асистенти. Очекуваме до септември да ни бидатобезбедени образовните асистенти, за да може учениците да имаат поддршка во учењето. Образовните асистенти ќе бидат ангажирани преку Ресурсниот центар во Ново Село.За овие ученици исто така во училиштето има вклучено и лични асистенти кои им помагаат.

За дополнителна поддршка на учениците со посебни образовни потреби во училиштето е формиран Инклузивен тим, кој го сочинуваат:

- Благица Устапетрова-директор
- Јаворка Арабаџиева- специјален едукатор и рехабилитатор
- Даниела Делева - психолог
- Анкица Костадинова–проф. по македонскијазик
- Љубинка Цветанова-одделенски наставник
- Сезгин Мустафов -родител

Училишниот инклузивен тим ќе работи по сопствена Годишна програмаопфаќајќи ги сите пропишани работни задачи, за подобрување на инклузијата, училишната клима и целокупниот тек на воспитно-образованата работа кај децата со посебни образовни потреби и потешкотии во учењето. Освенгоренаведените постојани членови на инклузивниот тим, за секое дете поединечно ќе се формираат и посебни инклузивни тимови, во зависност од потребата на детето кои ќе работат со посебна програма која ќе зависи од видот на попреченоста (родители на ученикот, одделенскиот раководител, по потреба лекар или лице од други институции кои ги посетува ученикот).
(Прилог–Програма за работа на инклузивниот тим и прилог -Програма за деца со посебни образовни потреби

### План на образовниот медијатор

Како и минатата учебна година и оваа во училиштето е ангажиран образовен медијатор за учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства или ученици кои се дел од инклузијата на деца, надвор од образовниот систем. Ангажирано е лицето Кемал Сулејманов од Струмица.(Прилог 9.Програма за работа на образовниот медијатор)

## РАБОТА НА СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА ВО УЧИЛИШТЕТО

Во рамките на ова подрачје наставниот кадар се организира
преку стручни органи и тела и тоа:

- Наставнички совет
- Совет на одделенски наставници
- Совет на предметни наставници
- Раководител на паралелка
- Стручни активи

### Наставнички совет

Наставничкиот совет на основното училиште го сочинуваат одделенските и предметните наставници и стручните соработници на училиштето. Наставничкиот совет го свикува и со него претседава директорот.

Наставничкиот совет на основното училиште:

- дава мислења по предлогот на Развојна програма и на Годишната програма за работа и го следи нејзиното извршување,
- предлага членови за училиштен инклузивен тим и други тимови во училиштето,
- го разгледува и утврдува успехот на учениците и работата на други стручни органи,
- им одобрува на учениците побрзо напредување во основното училиште,
- го разгледува остварувањето на наставниот план и програмите и презема мерки за нивно извршување,
- дава мислење за распределба на часовите меѓу наставниците,
- донесува одлуки по приговори на учениците за утврдени оценки,
- го разгледува извештајот од реализација на годишната програма за работа, од самоевалуација, од извршената интегрална евалуација и предлага соодветни мерки,
- расправа и одлучува за стручни прашања поврзани со воспитно-образовната работа,
- дава мислење за годишниот финансиски план на училиштето,
- избира претставници во училишниот одбор,
- дава мислење за планирањето, реализацијата и вреднувањето на постигањата во наставата и учењето,
- го разгледува годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници и предлага соодветни мерки,
- учествува во оценувањето на исполнетоста на стандардите за наставниците и стручните соработници за напредување во звањата ментор и советник,
- одлучува за воспитни мерки и
- врши и други работи утврдени во статутот на училиштето. (Прилог 10. Програма за работа на Наставнички совет)

## Совет на одделенски наставници

Советот на одделенските наставници го сочинуваат одделенските наставници, предметните наставници кои се вклучуваат во реализацијата на наставата од прво до петто одделение и стручните соработници на училиштето.

Советот на одделенските наставници ги разгледува:
- годишната програма за работа и планирањето на наставата
- прашања поврзани со воспитно-образовната работа во одделенија,
- учествува во подготовка на програма за работа со талентирани и надарени ученици, односно за учениците кои потешко напредуваат,
- предлага и одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени со статутот на училиштето (ПрилогПрограма за работа на Совет на одделенски наставници)

## Совет на предметни наставници

Советот на предметни наставници го сочинуваат предметните наставници што ја изведуваат наставата од шесто до деветто одделение и стручните соработници на училиштето.

Советот на предметните наставници:

- ги разгледува годишната програма за работа и планирањето на наставата, воспитно-образовните проблеми по одделенија;
- учествува во подготовка на програма за работа со талентирани и надарени ученици, односно со оние кои потешко напредуваат;
- одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени во статутот на училиштето во статутот на училиштето.(ПрилогПрограма за работа на Советот на предметни наставници)

## Одделенски раководител

Одделенскиот, односно раководителот на паралелката ја остварува програмата за часот на одделенската заедница, ги анализира воспитните и наставните резултати на одделението, се грижи за решавање на воспитните и наставните проблеми на одделни ученици, се грижи за напредокот на учениците со посебни образовни потреби, изготвува и/или учествува во изготвувањето на индивидуалниот образовен план за учениците со попречености, соработува со родителите односно старателите и стручните соработници на училиштето, предлага и одлучува за воспитните мерки, помага во професионалната ориентација на учениците,

уредно ја води педагошка евиденција и документација за паралелката и врши други работи утврдени во статутот на училиштето. (Прилог-Програма за работа на одделенскиотраководител)

**Стручни активи**: Стручните активи на наставниците ги сочинуваат наставници кои предаваат ист предмет или подрачје.

Во основното училиште може да се формираат и стручни активи на наставници за меѓусебна поддршка и соработка, споделување на знаењата и педагошките практики и преземање на иницијативи за подобрување на квалитетот на воспитно образовната работа на училиштето.

Стручните активи на училиштето ги усогласуваат критериумите за планирање на наставата и за оценување на постигањата на учениците, даваат предлози на наставничките совети на училиштето за подобрување на воспитно образовната работа, одлучуваат за употреба на учебниците во основното училиште, расправаат за забелешките околу наставните програми за соодветните одделенија.

(Прилог - Програми за работа на стручните активи по предмети и одделенија)

**Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем**

**Еко-одбор**

Еко-одборот претставува тело во кое членуваат и активно учество земаат претставници од наставниците, учениците, родителите, техничкиот персонал од училиштето и еден претставник од одделението за образование од локалната самоуправа. Една од најзначајните негови задачи е секоја година врз база на резултатите од спроведената анкета за анализа на состојбата со животната средина, да изработува план на активности за реализација на еколошката програма. Планот на активности содржи избрани точки на акција од еко-стандардите, односно стандардите за одржлив развој. Планот на активности ги содржи целите за реализација, времето и начинот на реализација, одговорните лица и планираните потребни средства. Еко-одборот по изготвениот план на активности ќе изготви и план за следење и евалуација на активностите од планот на активности од еколошката програма. Во следењето и евалуацијата на планот

на активности, се посочуваат конкретни индикатори за мерење на успехот и постигнувањата на реализираните активности и придобивките на училишната заедница од истите.

| **Членови на еко-одбор** | Членови на еко-одбор: 12 члена | | |
|---|---|---|---|
| | **Име и презиме** | **Позиција** | **Институција** |
| | Аида Бекирова | Координатор на програмата | ООУ „Маршал Тито“ |
| | Љубица Галабовска | Претседател на Еко-одбор | ООУ „Маршал Тито“ |
| | Ленче Чиркова | Наставник | ООУ „Маршал Тито“ |
| | Зоран Ѓузелов | Наставник | ООУ „Маршал Тито“ |
| | Марија Челебиева | Наставник | ООУ „Маршал Тито“ |
| | Сандра Јанева | Педагог | ООУ „Маршал Тито“ |
| | Јована Ристова | Ученик | ООУ „Маршал Тито“ |
| | Мухамед Адемов | Ученик | ООУ „Маршал Тито“ |
| | Феликнас Османова | Ученик | ООУ „Маршал Тито“ |
| | Абди Ахмедов | Претседател на Совет на родители | ООУ „Маршал Тито“ |
| | Даниел Тодоров | Хаус мајстор | ООУ „Маршал Тито“ |
| | Васил Георгиевски | Раководител на одд. за образование | Општина Струмица |










**Анализа на состојбата на животната средина**

Училиштето изработува Анализа на состојбата на животната средина секоја година. Анализата е направенапреку одговарање на анкетни прашалници за учениците, наставниците, техничкиот персонал и стручен и раководен тим во училиштето. На тој начин во одредувањето на моменталната еколошка состојба на училиштето учествува целокупната училишна заедница. Анкетата ја спроведуваатчленови на еко-одборот по комисии со одговорни лица, кои работеа на различни области (енергија, вода, транспорт, здравје и училиштен двор). За учениците се изготвуваат посебни анкети со прашања од сите гореспоменати области и ја спроведуваат самите ученици, кои се членови на еко- одборот. Потоа секоја комисија врши анализа на анкетата чии резултати се сумираат на состанок на еко-одборот. Од анализата на добиените резултати се добива адекватен увид во фактичката состојба, а сето тоа придонесува прецизно да се одредат понатамошните еко- приоритети и еко-активности на училиштето што ќе бидат дел од Планот на активности за тековната учебна година.

(Прилог -Програма за интеграција на еколошката едукација во образовниот систем)

## 9. Воннаставни активности

Наставните и воннаставните активности претставуваат нераскинлива целина во воспитно-образовниот процес што ги создаваат потребните предуслови ученикот да се развие во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност. Во рамките на воспитно-образовната дејност во училиштата се организираат и се остваруваат разновидни воннаставни активности во согласност со развојните потреби и интереси на учениците и со нивното активно учество, со цел училиштето да стане место за социјализација на учениците и привлечна средина за учење. Училиштето секоја година учествува на познатиот „Струмички Карневал“ кој го организира Општина Струмица, во него учествуваат вработените заедно со ученици од ООУ „Маршал Тито“ Струмица. Училиштето оваа година се здоби со прва награда, како и минатата година, а исто така и многу претходни. Училиштето го претставува „Струмичкиот Карневал“ и надвор од државата.Изборот на воннаставните активности во коишто ученикот самостојно ќе се вклучи надвор од редовната настава, нему му нуди можност за развивање интереси што редовната настава не ги опфаќа или само делумно ги опфаќа. Особено е значајно воннаставните активности да ги развиваат компетенциите (знаењата, вештините и ставовите) на учениците во сите подрачја, коишто не се опфатени или, само делумно се покриени со наставните програми, а се во согласност со Националните стандарди кои треба да ги постигнат учениците до крајот на основното образование.



Маска: ,,Африка во Струмица"

При планирањето, организирањето и спроведувањето воннаставни активности во училиштата секогашсе има предвид дека нивната основна цел е да овозможат стекнување на знаењата, вештините и вредностите/ставовите зацртани со Националните стандарди за основното образование, особено кога се работи за оние што не се покриени или не се доволно покриени со наставните активности. Притоа, посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следните подрачја за соодветниот возрасен циклус на учениците: Личен и социјален развој, Демократска култура, мултикултура и граѓанство, Уметничко изразување и култура и Претприемништво и финансиска писменост.

Планирањето, организирањето и спроведувањето на воннаставните активности во училиштата треба да се водат од следниве начела/принципи:

- Воннаставните активностида придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците
- Воннаставните активности да се инклузивни и недискриминативни
- Воннаставните активности да се привлечни за повеќето ученици
- Воннаставните активности обезбедуваат активно учество на учениците
- Секогаш кога е можно, воннаставните активности развиваат интеркултурни компетенции кај учениците
- Воннаставните активности ја поттикнуваат соработката на училиштето со родителите и со локалната заедница.

Во нашето училиште се реализираат повеќе видови на воннаставни активности, кои се разликуваат по должината на траењето и тоа краткотрајни и подолготрајни и тоа:

- Училиштен спорт
- Слободните ученички активности (секции)
- Ученичките натпревари
- Ученичките екскурзии
- Производствена и друга општествено корисна работа

## *Училишни спортски клубови*

Во нашето училиштеима формирано спортски клуб „Самораница“. Истиот е основан 05.02.2015 година. Основачи на клубот се: Соња Ивановска, Магдалена Василева, и Тина Туфекчиева.
Одговорни наставници: Соња Ивановска и Михаил Трендафилов.
Цели и задачи на училишниот клуб:
Општа цел: Остварување на заеднички јавен интерес преку организирано занимавањесо спорт и спортски активни активности на учениците во училиштето.
Конкретни цели: поттикнувањеи развојна спортот, развивање и усовршување на системот на натпревари на училишните екипи, водење на грижа за спортските објекти, преку користење на истите, водење грижа за здравствена заштита на членовите на клубот. Поради начинот на финансирање наклубот (самофинансирање), клубот не функционира веќе 8 години. Оваа учебна ќе се обидеме да изнајдеме начин нафинансирање на клубот(преку донации, поддршка одлокалната самоуправа, поддршка од бизнис секторот и сл.), и ќе го реактивираме работењето на училишниот спортски клуб.
Поради тоа што училишниот клуб не функционира од оправдани причини, во училиштето акцент са става на работата на секциите(одбојка, кошарка, пингпонг, фудбал иракомет**)**преку организирање на турнири.

### *Училиштен спорт*

Има непосредно влијание врз психофизичкиот развој на учениците, го унапредува нивното здравје, изградува навики за здрав живот и спортска култура.

### *Цели на училишниот спорт*

- Да овозможи правилен психофизички развој на учениците, зајакнување на нивното здравје, изградување навики за здрав живот,
- Да ги развива и зацврстува кај учениците секојдневните навики за систематско вежбање и негување на телото.
- Да ги развива кондиционите способности кај учениците и нивните координациски способности.
- Да формира и негува хигиенски навики.
- Да им овозможи на надарените ученици да напредуваат и да се усовршуваат.

- Да придонесува за стекнување и развивање на хумани меѓучовечки односи, морални особини, квалитети на сила, волја и карактер.
- Теоретски и практично да се оспособат за перманентна примена на адекватно телесно вежбање, како дел од културното живеење.

***Организација на училишниот спорт***

Часовите по спорт ќе се организираат во текот на цела учебна година. Во училишниот спорт можат да членуваат ученици од VI до IX одделение според интересот на учениците. Времето на реализација ќе биде по редовната настава а ќе се реализира во фискултурната сала, како и спортското игралиште кое се наоѓа во училишниот двор.(ПрилогПлан за училиштен спорт)

## *Секции/клубови*

### Секции и слободни ученички активности

Преку слободните ученички активности се создава можност за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците.

Секциите се подолготрајни вonнаставни активности коишто се реализираат еднаш неделно (1-2 часа неделно, во просек), во текот на едно цело полугодие или на цела учебна година. Секција се формира за потребите на група ученици кои споделуваат заеднички интерес, може да учат во иста паралелка (на пример III 1), во различни паралелки од иста година (на пример, VI. одделение), или во различни години во рамки на ист возрасен циклус (на пример, VII - IX одделение). Притоа е битно целата група заедно и континуирано да учествува во работата на секцијата. Секциите ги водат наставници кои се одговорни за нивната реализација, а по потреба во работата на секцијата може да се вклучат и други наставници, родители (во улога на помошници или носители за активностите) или волонтери од заедницата. Во рамките на овој вид воннаставни активности.

Според карактерот и содржината на работата, слободните ученички активности се застапени како:

- Слободни активности за проширување и продлабочување на знаењата на учениците и нивните способности по одделни предмети;

-секции за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците (пр. интеркултура/мултикултура, почитување на различности, детски/човекови права, комуникациски вештини, разрешување конфликти, дебатирање);

- Културно-уметнички активности;
- Слободни технички активности и
- Спортски активности

Во слободните активности за проширување на знаењата по одделни предмети ќе работат следните секции: секција по странски јазици, математичка секција, секција на млади физичари, информатичари, биолози и хемичари, историска секција, географска секција. Во рамките на слободните културно-уметнички активности ќе работат секциите: литературна, драмска, рецитаторска, библиотекарска, ликовна секција, секција на млади креативци, хор и оркестар. Во слободните технички активности се вклучени следните секции: сообраќајно моделарство, сообраќајна секција, секција за млади фототехничари.

Во слободните спортски активности ќе работат спортските секции: секција за ракомет, фудбал, одбојка, кошарка, пинг–понг секција.

**Задачите на слободните ученички активности се:**

- Да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста на учениците,
- Учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување,
- Да се негува доследност и истрајност во извршувањето на ученичките обврски,
- Да се создаваат навики кај учениците за правилно и рационално користење на слободното време.

На крајот на секоја учебна година, училиштето, преку наставниците, стручните соработници и со непосредно учество на ученичките тела, спроведува анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/темите за секциите што би се реализирале во следната учебна година. Анкетата е намената за учениците и за родителите (кога се работи за ученици од I - III одделение). Анкетата може да вклучува понуда од која треба да се врши изборот, а самата понуда, освен воннаставните активности што ги нудат наставниците, мора да ги земе предвид интересите на учениците изразени преку ученичките тела.

Потоа, врз основа на резултатите од анкетата (за интересот изразен од учениците/ родителите) училиштето ги определува наставниците кои ќе бидат одговорни за реализација на избраните секции. Изборот на наставниците се прави преку активите на наставниците и на Наставничкиот совет, врз основа на распоредот на ангажираноста на секој одделен наставник во наставните активности.

Притоа се има предвид дека секциите за проширување/продлабочување на содржините од наставните предмети/области може да ги водат само наставниците од соодветните предмети/области. За другите видови секции, ангажманот на наставникот не мора да биде непосредно поврзан со предметите што ги предава доколку самиот има лични афинитети и дополнително стекната стручност за водење на конкретна секција (на пример, наставник по математика може да биде одговорен за секција за фотографија или за играње пинг-понг).Одговорните наставници може да бидат самостојни реализатори на вонНаставната активност, може да ја реализираат тимски со свои колеги (двајца или повеќе наставници заедно), или заедно со родители волонтери со лични афинитети иминимум стручност за конкретната вонНаставна активност. Одговорните наставници (самостојно или со кореализаторите на активноста) прават планирање за секциите. Планирањето за секоја секција треба да ги содржи следниве елементи:

- Назив на секцијата;
- одговорен наставник/одговорни наставници за реализација на секцијата;
- одделенија/возраст на учениците за кои е наменета секцијата и вкупен број на учесници во групата;
- тема/подрачје (со носечките содржини и активности) опфатени со секцијата;
- цели на секцијата (носечките знаења, вештини и ставови/вредности од Националните стандарди за основното образование со кои ќе се стекнат учениците преку учество во активноста);
- временска рамка за реализација и број на часови посветени на секцијата;
- потребни просторни услови;
- неопходни дидактички средства и материјали/ресурси; и
- предвиден начин на следење на учеството на учениците

| Училиштето во рамките на својата воспитно-образовна работа ги нуди следните СУА | |
|---|---|
| Литературна секција | Анкица Костадинова |
| Рецитаторска секција | Савета Андонова |
| Драмска секција | Ѓургица Костадиновска |
| Библиотекарска секција | Зоран Смилков / Марија Челебиева |
| Секција по странски јазици | Танкица Гошева / Лилјана Дончева |
| Математичка секција | Билјана Пујуклиева |
| Историска секција | Ленка Чиркова |
| Географска секција | Тони Митев |
| Секција на млади биолози | Анета Крстова |
| Секција на млади хемичари | Љубица Галабовска |
| Секција на млади физичари | Никола Ристов |
| Секција на млади техничари | Ѓорѓи Ќосевски |
| Спортска секција | Соња Ивановска |
| Хор/оркестар | Ване Кољушков |

(Програмите за секциите се дадени во прилог)

### *Акции*

Акциите се краткотрајнивоннаставни активности кои најчесто се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку денови. Тие можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер, како што се, на пример: различни еколошки акции, хуманитарни акции, продажни базари, волонтерски активности и друг вид општествено корисна работа. Акциите може да бидат ограничени на самото училиште (да бидат ограничени на една паралелка, или да се однесуваат на целото училиште), но можат да бидат насочени и кон заедницата и да опфаќаат активности што се реализираат надвор од самото училиште (на пример, акција за чистење во пошироката околина, читање книги на деца во градинка, собирање стара хартија во соседството итн.) Во една конкретна акција може да бидат опфатени само ученици од

една паралелка, група ученици од едно/одделение или еден возрасен циклус или сите ученици од училиштето, зависно од намената/целта на самата акција.

Акциите ги иницира училиштето (раководството, стручната служба или наставниците) или ученичките тела, по спроведена анкета меѓу учениците. Раководството на училиштето, во соработка со наставниците и со претставниците на ученичките тела, ги избира акциите што ќе бидат спроведени во текот на конкретната учебна година и ги вклучува во Годишната програма за работа на училиштето.

Овде во Годишната програманаведуваме: колку и какви акции се предвидуваат; кои наставници ќе бидат одговорни за планирање, организација и спроведување на секоја одделна акција;кои ученици (од кои паралелки/одделенија) ќе бидат вклучени во секоја одделна акција; и кои се глобалните цели што треба да се постигнат со секоја од нив.

Деталното планирање за секоја акција ќе го прават одговорните наставници за акцијата во соработка со ученици претставници на ученичките тела. Тоа треба да ги содржи следниве елементи :

1. називот на акцијата;

2. темата/подрачјето (со носечките содржини и активности), опфатени со акцијата и локацијата на која ќе се одвива акцијата;

3. одговорниот наставник/одговорните наставници за реализација на акцијата;

4. одделенијата/возраста на учениците за кои е наменета акцијата и вкупниот број на учесници во групата;

5. паралелките /одделенијата што ќе бидат вклучени во акцијата;

6. наставниците што ќе бидат вклучени во реализацијата на акцијата;

7.целите на акцијата (носечките знаења, вештини и ставови/вредности од Националните стандарди за основното образование со кои ќе се стекнат учениците преку учество во активноста);

8. времетраењето на акцијата и временската рамка за нејзината реализација;

(Прилог-План за организирање на акции)

## 10. Ученичко организирање и учество

Ученичкото организирање служи за да се овозможи активно учество на учениците во застапувањето и промовирањето на нивните права и интереси, преку демократско учество во донесувањето одлуки во училиштето во однос на прашањата што се од нивен непосреден интерес.

Учеството е демократско кога во процесот на одлучување учениците можат слободно да го изразат своето мислење и кога одлуките донесени во рамките на нивните тела се базираат врз мислењето на мнозинството, при што е оневозможен неправеден третман на помалку бројните ученици што се различни по својата етничка, религиска и/или полова припадност, по своите способности или социо-економски статус.

Ученичкото организирање треба да им овозможи на учениците да бидат вклучени на различни начини и на различни нивоа на одлучување за сите нешта кои нив ги засегаат во училиштето, во скоро сите домени од училишното живеење поврзани со:

- наставата (на пример, како да се подобри успехот и оценувањето, како да се подобри квалитетот на наставата или некои услови за работа, каков да биде распоредот на часовите);
- воннаставните активности (на пример: каде да се оди на екскурзија, како да се одбележи некоја манифестација, како да се организира заедничка забава, кои секции да бидат застапени);
- односите меѓу учениците (на пример: како да се подобрат односите во паралелката, како да се разреши некој конфликт);
- односите со возрасните (на пример: како да се решат проблемите во релациите на некои наставници и ученици), и
- физичките услови во училиштето (на пример: како да се уреди училиштето, како да се подобри хигиената во тоалетите, како да се обезбеди грижа за училишниот разглас, како да се обезбедат нови книги во библиотеката

Ученичкото организирање се остварува преку формирање на ученички тела на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Преку ученичките тела се обезбедува демократска партиципација на учениците во донесувањето одлуки од сите сфери на дејствување во училиштето што се од интерес на учениците, особено кога се работи за обезбедување заштита на правата на децата во рамките на училиштето. Според Законот за основно образование од 2019 година (член 68), за организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и Ученички парламент|.

Заедницата на паралелка ја сочинуваат учениците од одделна паралелка, со демократски избран претседател (со тајно гласање, од листа на кандидати предложени исклучиво од страна на учениците во паралелката). Заедница на ниво на

паралелка во соработка со одделенскиот раководител избира претседател и формира одделенско раководство и изготвува програма за својата работа, во која се содржани активности за надминување на проблемите во одделението кои се однесуваат на успехот, поведението и изостаноците.

Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Од нивните редови, по демократски пат (со мнозинство гласови по пат на тајно гласање) се избира претседател на ученичкиот парламент.

Првото свикување на ученичкиот парламент го врши директорот на училиштето.

Ученичкиот парламент:

- активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,
- го промовира ученичкиот активизам,
- учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности,
- учествува во подготовката на годишната програма за работа,
- дава предлог активности за годишните програми за екскурзии,
- дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
- преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и
- организира и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање.

(Прилог - Програма за работа на ученички парламент)

# 11. Вонучилишни активности

### *Екскурзии, излети и настава во природа*

Ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од ООУ „Маршал Тито“ - Струмица, се организираат и изведуваат врз основа на Правилникот за начинот на изведување на истите. (Прилог Програми за реализација на екскурзии).

Целта и задачите на ученичките екскурзии и другите слободни активности се:

- проширување на знаењата;
- примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во природната и општествената средина;
- запознавање на културно-историски знаменитости;
- индустриски и земјоделски капацитети во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето;

Задачите на ученичките екскурзии се остваруваат преку :

- изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето од одделни краеви;
- развивање на позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности сл.

Во текот на оваа учебна година, во училиштето се планирани следните екскурзии за учениците:
- За учениците од трето одделение – еднодневна екскурзија до Скопје.
(Прилог Програма за еднодневна екскурзија во трето одд.)
-За учениците од петто одделение се планира настава во природа, која се организира во траење од три до пет дена еднаш во учебната година
(Прилог Програмата за настава во природа)

- за учениците од шесто одделение – дводневна екскурзија до Крушево,
(Прилог Програмата за дводневна екскурзија во шесто одд.)

- за учениците од деветто одделение – тридневна екскурзија низ Р. Северна Македонија со посета на значајни културно-историски споменици и знаменитости
(Прилог Програма за тридневна екскурзија за учениците од деветто)

За сите ученици од прво до деветто одделение, училиштето организира два излета во текот на учебната година и тоа: есенски излет кој се реализира во првото полугодие и пролетен излет кој се реализира во второто полугодие, околу блиската околина и градскиот парк.

***Податоци за учениците од училиштето кои се вклучени во вонучилишните активности***

Учениците од нашето училиште се вклучени во повеќе вонучилишни активности:
- во основно музичко училиште се вклучени вкупно 12 ученици (2 од петто-4, 3 од четврто-2, 2 од трето-5, 1 од второ-2, 1 од седмо-2 и 1 од деветто-1)
- во фудбал се вклучени вкупно 5 ученика(1 од седмо-1, 2, од петто-1, 2 од осмо-2)
- во кошарка се вклучени 3 ученика, сите се од деветто-1,
- на карате одат 2 ученика(1 од седмо-1, и 1 од осмо-2)
- во ракомет се вклучени 2 ученика (деветто-2).

## 12. Натпревари за учениците

Ученичките натпревари се облик на активности преку кои еден ученик или група ученици се трудат подобро или побрзо да постигнат добри воспитно-образовни резултати. Натпреварите имаат значајна улога во развојот на личноста

на ученикот. Преку нив се поттикнува и развива интересот на учениците кон одредена активност, па на тој начин се воспоставува активен однос кон наставата и вреднувањето на постигнатите резултати. Училиштето кое континуирано вложува во својот развој, создава позитивна, продуктивна и стимулативна училишна клима, создава и ученици кои ќе го вложат својот максимум за реализацијата на сопствените афинитети и вештини. Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето. Клучот на успехот лежи во сите нас кои го поттикнуваме мотивот за самодокажување на учениците и желбата за афирмација во општеството. Во текот на учебната училиштето ќе учествува на општински, регионални и државни натпревари, како и интерни натпревари во рамките на самото училиште меѓу одделенија, паралелки и наставни предмети.

Оваа можност на учениците да ги докажат своите знаења, е мотив за учениците за постигнување што повисоки резултати и напредок, а воедно претставува и промоција на целокупната работа на училиштето. Развивањето на знаењата и вештините на овие учениците, се реализира под менторство на наставниците од училиштето, за време на редовната и додатна настава, или во склоп на секциите и слободните ученички активности.
(Прилог - План за ученички натпревари)

# 13. Унапредување на мултикултурализмот

**Мултикултурализам**



Наставниот план за основното образование ги содржи принципите на мултикултурализмот. Мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики на квалитетното образование. Мултикултурното образование може да му помогне на општеството да биде потолерантно, инклузивно и праведно. Мултикултурното образование вклучува: интеграција на содржина, процес на создавање знаење, намалување на предрасудите, педагогија на праведност и поттикнувачка училишна култура и структура. Во училиштето наставата се одвива на македонски и турски јазик и училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури, што учествуваат во училишниот живот. Сите ученици без разлика на способностите, полот, етничката и верската припадност се прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Во училиштето ќе се организираат повеќе наставни и воннаставни активности во кои ќе бидат вклучени ученици од сите етнички заедници од 1 до 9 одделение. Во нив исто така ќе бидат вклучени наставници, родители, претставници од локалното население и од месните заедници, претставници од општината и од бизнис секторот. Преку овие активности ќе се подобри соработката меѓу учениците, наставниците, родителите и сите останати од најразлично ниво и од различна етничка припадност. Учениците

меѓусебно подобро и почесто ќе соработуваат со што ќе се зајакне атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници. На тој начин ќе се развие свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички заедници. Веќе 7 години, со поддршка на општината нашето училиште е збратимено со основното училиште „Алпарслан“ од Изник - Бурса во Република Турција. Пред 5 години претставници од збратименото училиште го посетија нашето училиште во месец октомври. За време на престојот оствариjа средба со градоначалникот на општина Струмица, претставници од одделението за образование, општинскиот просветен инспектор и разменија искуства за воспитно-образовниот процес во училиштата и ги истакнаа придобивките на меѓуетничката интеграција и интеркултурната комуникација. Минатата учебна година немаше никакви активности помеѓу овие збратимени училишта. Се надеваме оваа учебна година ќе може повторно да реализираме заеднички активности помеѓу овие две училишта.
Во делот на почитување на мултикултурализмот, нашето училиште реализира заеднички активности со ученици од други основни и средни училишта, во кои наставата се изведува само на македонски јазик и каде учат ученици само од македонска етничка заедница, со цел да се надминат стереотипите и предрасудите кои ги имаме едни за други.
Во училиштето се реализираат разни видови на културно-уметнички програми, екскурзии, маскенбали и забави, преку кои учениците се запознаваат со обичаите и културите на различни етнички заедници. Ученици од сите етнички групи и различна полова припадност ќе бидат вклучени во разни спортски натпревари организирани во самото училиште како и во другите училишта на ниво на општина. (Прилог - Програма за МИО)

## 14. Проекти што се реализираат во училиштето

Нашето училиште е вклучено во повеќе проекти. Претходната учебна година нашето училиште беше едно од 11 училишта во РС Македонија, избранокакопилот училиште за изготвувањена Самоевалуација според нови индикатори и Развојната

програма на училиштето. Вработени од нашето училиште вршеа обуки на директори и стручна служба научилиштата кои припаѓаатво Југоисточниот Регион на државата.
Од претходната учебна година сме вклучени во ПЕИП (Проект за унапредување на квалитетот на работа на основните училишта), и Инклузија на децата со попреченост кој продолжува и во учебната 2025/26 година.
Проектот МИМО(меѓуетничка интеграција на младите во образованието), е всушност продолжување на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, чии заложби во најголем дел влегоа во Законот за основно образование, како и се дел од индикаторите за интегралната евалуација на училиштата. Се реализира со сите ученици кои учат на различен наставен јазик и во партнерски однос со други училишта во кои наставата се изведува на различен наставен јазик. Целта на овој проект е подобрување на меѓуетничката интеграција на младите во образованието, како и сензибилизирање на учениците и возрасните даучат и работат со различни од нив. Преку овој проект се овозможува намалување на предрасудите и стереотипите кај децата и возрасните, што ги имаат за различните од нив. Исто така многу важна цел на проектот е развивање на граѓански вредности кај младите со овозможување на демократско организирање иучество во сите органи и тела во училиштето. Членови на Тимот за меѓуетничка интеграција се: Даниела Делева – координатор, Зоран Ѓузелов – член, Керем Усеинов – член, Хулја Дурова – член, Андријана Ковачева – член. Овој проект се реализира преку МЦГО (Македонски центар за граѓанско образование), во соработка со МОН, БРО,со финансиска поддршка на УСАИД. Голема поддршка за реализацијата на овој проект ни дава општина Струмица.
Проектот „Инклузија на децата надвор од образовниот систем“ се реализира веќе трета година во училиштето. Целта на овој проект е да се вклучат учениците во образовниот систем, а не биле досега вклучени, како би можеле даси го остварат своето законско право на образование. Станува збор за ученици кои од најразлични причини не биле вклучено во редовното образование(деца од социјално загрозени семејства, од други ранливи групи, или деца во ризик, деца на семејства кои заминале-азиланти во европските држави). Исто такадел од заложбите на овој проект се внесени во Законот за основно образование. Овој проект се реализира повторно преку МЦГО (Македонски центар за граѓанско образование), Детската Фондација Песталоци, во соработка со МОН, БРО и општина Струмица. Членови на Тимот кој го реализира овој проект се: Славе Ковачев – координатор, Мејдин Усеинов – член, Ирена Ристова Стевкова– член и Фунда Ибраимова – член.
Друг проект кој се реализира во училиштето е „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“.
Целта на овој проект:
- да се подигне еколошката свест кај сите субјекти во воспитно-образовниот процес;

- да се запознае ученикот со фактот дека преку оваа програма се поттикнува активната улога и соработка на училиштето со локалната средина, родителите, бизнис –секторот, медиумите и пошироката јавност;
- да се запознаат дека успешната реализација на оваа програма носи финансиска заштеда на училиштето;
- да се запознаат со важноста на еколошкото образование во животот на човекот, бидејќи преку него се обезбедува чиста, здрава и убава средина за учење и работа.

Проектот се спроведува во соработка со здружението на граѓани „ОХО“.

Веќе три години сме вклучени во проектот „Редовно на часови“. Преку овој проект аплициравме и добивме малфинасискигрант, кој го искористивме за опремување на читачко катче за учениците. Во овој проект се вклучени ученици (Роми, Турци и Македонци) од прво до трето одделение и ученици од погорните одделение кои ќе бидат поддршка на помалите ученици и нивните наставници во релизирање на планираните активности од проектот.

(Прилог -Програмиза проектите кои се реализираат во училиштето)

**Општествено хуманитарна работа**

Во училиштето има Отворен ден за граѓанско образование, чија намена е да се поттикне одговорност кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата и да се зајакне нивната иницијативност за преземање активности за позитивна промена. Во делот на воннаставните активности – општествено хуманитарна работа во училиштето се организираат хуманитарниакции од различен карактер (собирање на стара хартија, собирање на стара облека од деца за деца наменети за децата кои потекнуваат од социјално загрозени семејства, доколку има потреба се собираат и парични средства за болни деца и сл.) Целта на оваа активност е промоција на граѓанските етички вредности(помагање, соработка, емпатија и толеранција). На тој начин кај учениците ќе се развива хуманоста и зголемување на свесноста за волонтирање и помагање. (Прилог: Акционен план за Отворен ден по Граѓанско образование.)

Согласно својата воспитно-образовна функција училиштето организира и други активности кои се општествено значајни и хумани, а во кои активно учество имаат учениците, наставниците, родителите и пошироката заедница. Општествено хуманитарната работа има за цел, кај учениците да развие чувство за солидарност и хуманост, љубов и позитивен однос кон работата, чувство за одговорност, навика за одржување на чиста и здрава околина, да создава почит и позитивен однос кон спомениците на културата и историското минато. (Прилог Програма за општествено хуманитарна работа)

## 15. Поддршка на учениците

### *Постигнување на учениците*

Во нашето училиште ученикот е главен субјект при реализација на воспитно-образовниот процес. Во таа насока, училиштето ги презема сите потребни активности за да им овозможи на сите ученици подобри услови и можности за постигнување на солидни образовни резултати. Училиштето води целосна и уредна евиденција за напредокот, постигнувањата, редовноста и поведението на учениците, како и за нивниот социјален, емоционален и интелектуален развој. Постојано, во текот на годината, стручната служба и наставниците прават анализи за потребите на учениците, но и за наставниците, кои анализи ќе доведат до подобрување и унапредување на наставата. Во овој дел се става акцент и на идентификацијата и утврдувањето на потребите на надарените ученици, како и на учениците со посебни потреби. Стручните активи во својата програма за работа, имаат планирано реализација на нагледни часови, со користење на методи на активна настава и интерактивно учење и користење на инструменти за оценување на знаењето на учениците со почитување на националните стандарди за оценување. (Прилог - Акционен план за поддршка на учениците).

### *Професионална ориентација на учениците*

Училиштето планира и презема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со струките и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање. На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано, во текот на нивното основно образование. Во соработка со локалната заедница, средните училишта, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија. Исто така се организираат и презентации од страна на средните училишта (професори) кои ги запознаваат учениците со профилите на занимање и критериумите за запишување. Стручните соработници спроведуваат анкета со учениците од деветтите одделенијаза продолжување на нивното образование во некои од средните училишта со цел да се види каков е нивниот

интерес и желба за продолжување на образованието. Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интереси, за правилен избор на струки и занимања, а исто така се одржуваат и заеднички родителски средби со родителите на учениците од деветто одделение. Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот, преку кои учениците се запознаваат со условите и критериумите за упис во средно образование. (Прилог - Програма за професионална ориентација на учениците)

### *Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација*

Во педагошката документација на училиштето постојат и превентивни програми (насилство, болести на зависност, асоцијално однесување, соработка со установи за безбедност и социјална грижа). Во нашето училиште ќе се изведуваат и презентации на превентивни програми како што се: заштита на учениците од заразни болести, заштита на учениците како учесници во сообраќајот и сл. Активности посветени на грижата на здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на учебната година преку различни активности: предавања, разговори и работилници на часот по одделенска заедница, со стручната служба, со одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентива од болести (заштита, зараза, зависности). Исто така, ќе се презентираат содржини, со кои се изградува свеста кај учениците со воспитание и образование за заштита на здравјето и здравиот начин на живеење. Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување, чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во чија реализација учествуваат и самите ученици преку индивидуални и групни активности. Во рамките на оваа програма училиштето остварува соработка со установите за безбедност, преку одржување на едукативни работилници за учениците. Соработката со овие институции ќе продолжи и оваа учебна година. (Прилог- Акционият план за превенција од насилно однесување во училиштето)

Исто такаво училиштето има креирано постапка за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која форма на насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација и при евентуално присуство на ваква појава се постапува согласно оваа постапка и почитување на законските одредби за заштита на децата.

За успешно реализирање на овие активности е најважно:

- постојан увид на однесувањето на учениците од одделенските наставници и раководители, посебно на учениците со несоодветно однесување;
-одговорно дежурство од страна на наставниците и учениците;
- добра меѓусебна соработка помеѓу одд. наставници и раководители, учениците, родителите, стручните соработници и директорот и
- брзо и адекватно реагирање при појава на насилно однесување

Во рамките на програмата за соработка со родителите, како и преку соработка со институции во поблиската и пошироката околина, ќе се спроведуваат активности во училиштето, во кои ќе учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се допринесе за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците.

(Прилог - Превентивни програми)

# 16. Оценување

***Видови оценување и календар на оценувањето***

Наставниците ќе ги идентификуваат образовните потреби на учениците во текот на учењето и ќе се утврдува постигнатоста на знаењата, преку квалитетното планирање на оценувањето кое ќе биде дел од годишните, тематските и дневните планирања.

**Цели на оценувањето**

Наставниците оценуваат формативно и сумативно преку различни методи и инструменти на оценување. Процесот на оценување ќе се базира на следните цели:

- да се постигне напредокот во постигнувањата, во текот на наставниот процес;
- да се подобри и поддржи учењето на учениците за постигнување највисоки можни резултати;

Задача на оценувањето е да го развива и продлабочува учењето преку формативно оценување и да се мерат постигнувањата преку објективната сумативна оценка.






При оценувањето особено акцент ќе се стави на:

- избор на методи за оценување и изработка на валидни инструменти за оценување кои ќе бидат соодветни на возраста на учениците и нивните образовни потреби;
- анализа на квалитетот на методите и инструментите за оценување;
- примена на целосно вреднување и формативно оценување на учениците на крај од една тема;
- анализа на работата на ученикот која ќе се користи за информативни цели;
- обезбедување на повратна информација за родителите и за самиот ученик;
- формирање на оценка која ќе се изведува од секоја релативно заокружена програмска целина (тема, подрачје) и на секој класификационен период(прво тримесечје, прво полугодие, трето тримесечје, крај на учебна година).

**Методи за оценување**

За сумативно оценување: тестови и квизови изработени од наставник, преку презентација или одржан говор, демонстрација, проекти и задачи насочени кон производи, портфолио/досие со најдобри трудови, есеи и писмени состави, завршни предмети или артефакти (завршни цртежи, стандардизирани тестови на знаења).
Критериумите за формирање на оценката ќе бидат јасно дефинирани и ќе се базираат на целите на наставата.
Оценката ќе биде образложена јавно и ќе се базира на правична проценка;
Формативната и сумативната оценка ќе се формира врз основа на добиените резултати.

Со примена на стандардите за оценување на постигањата на учениците преку стручните активи, годишните, тематските и дневни планирања на наставниците, планирањето на работата на директорот и стручните работници, подобрувањето на континуитетот на оценување и примена на критериуми за оценување по сите наставни предмети, стручно усовршување на наставниот кадар за примена на соодветни методи и техники како и изготвување на разновидни инструменти за следење и оценување на постигањата на ученици, ќе придонесат да се унапреди не само оценувањето, туку и учењето и наставниот процес.
(Прилог: План наоценувањето на постигањата на учениците за учебната 2025/26 година).

## Етички кодекс за оценување




Оценувањето не е само стручна, туку и морална одговорност на наставниците. Од етички аспект, најважно е информациите од оценувањето да не ја повредат личноста на ученикот. Од друга страна, сите заинтересирани субјекти треба да го поддржат наставникот во своите професионални обврски и одлуки. Професионалните обврски на наставникот се обврзувачки, особено кога е во прашање правично и фер оценување. Овој Етички кодекс ги содржи заклучоците од работилниците со наставниците, родителите и учениците за подобрување на однесувањето на сите заинтересирани во процесот на оценување во ООУ„ Маршал Тито “-Струмица.

Етичкиот Кодекс во оценувањето се темели на следните принципи:

- Почитување;
- Праведност;

- Демократичност
- Интегритет;
- Чесност;
- Храброст.

***За наставниците:***

Наставникот не смее да ја навредува личноста на учениците кои покажуваат послаби знаења. При оценувањето наставникот треба да има еднаков критериум за сите ученици и оценките јавно да ги образложи. Наставниците сметаат дека сите ученици во училиштето треба да се оценуваат според покажаните знаења. Секогаш наставникот треба аргументирано да докаже, до каде се знаењата на ученикот во однос на поставените цели.

Наставниците сметаат дека давање на повисоки оценки на пријателска основа е неправедно и значи непочитување на Кодексот на оценување. Наставниците се согласни дека препишувањето за време на тестовите, треба да се санкционира и дека треба да им се објасни на учениците дека таквите знаења не се трајни и дека секогаш нема да имаат можност за таква постапка. За тестовите учениците треба претходно да се подготват и ако нешто не им е јасно да побараат помош од наставникот или да посетуваат дополнителна настава.

Наставниците не треба да кажуваат информации во врска со семејната положба на ученикот. На ученикот со лоша материјална состојба може да му се помогне со хуманитарна помош. Оценката не треба никогаш да се базира на семејни и социјални проблеми кои постојат во семејството на ученикот. Наставникот треба на родителите аргументирано да им ја образложи оценката. Родителите секогаш треба да ги прифаќаат советите што им ги даваат наставниците, за да можат нивните деца да ги постигнат очекуваните резултати.

Родителите треба да го почитуваат Кодексот на оценување во училиштето. Наставниците се согласни дека треба да се усогласат критериумите за оценување, почитувајќи ги стандардите за оценување за секој наставен предмет и тоа најдобро би било преку изготвување на критериуми на ниво на стручни активи. На таков начин, би се изедначиле знаењата на учениците со исти оценки.

Наставниците треба навремено да ги известуваат учениците за тестовите. Учениците треба да бидат подготвени, но ако се случи неспремност од оправдани причини, заеднички се договорат за нов термин за тест.

Одделенските раководители за оценките по одредени предмети или било какви други забелешки од страна на родителите, треба да ги упатуваат кај предметниот наставник, за кој се однесува оценката, односно забелешката.

Одделенскиот раководител не треба да се става во ситуација, да ги замолува наставниците за повисоки оценки на крајот од годината.

Наставниците треба да ги истакнат критериумите за оценки на видливо место. Наставниците треба да се придржуваат кон почитување на Етичкиот кодекс во оценувањето.

***За учениците:***

Учениците не треба да препишуваат на тестовите. Тие треба да се подготват за тестот, а препишувањето е неправично кон другите ученици.

Учениците не треба да ги избегнуваат часовите кога имаат тест или испрашување, ако немаат оправдана причина, тие треба да побараат помош од наставникот. Учениците не го одобруваат потшепнувањето на часовите, бидејќи сметаат дека тоа не е фер спрема другите ученици, затоа што може и треба да бидат опоменати од наставникот, а и оценката добиена со поткажување, не е заслужена. Со самостојно пишување на домашните задачи, знаењата стануваат трајни.

Пишувањето на домашните задачи во училница е нечесно спрема другите ученици. Проектите кои се изработени од родителите, наставникот не треба да ги вреднува. Тие се зададени на учениците и треба самостојно да ги изработуваат. Преку нив тие ги зголемуваат знаењата. Учениците треба да учат за знаење, а не за оценка. Не е чесно учениците да очекуваат оценките да бидат поправени на Наставнички совет.

Учениците не треба да ги споредуваат своите одговори, со одговорите на другите ученици. Проверувањето и оценувањето на знаењата на учениците треба да биде правично за сите. Учениците не го одобруваат позајмувањето на цртежи и други ученички трудови од други ученици, како и не носење на училиштен прибор. Според нив секој треба да вложи труд, ако сака да постигне успех. Учењето е континуиран процес, и затоа учениците треба да учат преку цела учебна година, а не само на крај на тримесечје, полугодие, или на крај на учебната година.

Наставникот треба да го вреднува трудот преку целата година, а не, да им попушта на крајот на учебната година. Учениците не смеат да ги поправаат оценките во дневникот. За да добијат повисоки оценки треба да вложат труд, а ако се случи поправање на оценки од страна на ученикот, треба да се повика родителот, да се разговара со него и со ученикот и да се изрече педагошка мерка за тоа.

Закажаните тестови учениците не треба да ги одложуваат. Тие треба да се подготват, а одложувањето значи дека тие не учеле континуирано. Учениците не треба да бараат од наставниците да не им поставува тешки прашања, а да добијат висока оценка. Тие треба да дадат одговор на сите прашања што ќе им бидат поставени(се разбира доколку ги знаат), затоа што не е праведно за лесни прашања да добиваат висока оценка. Учениците во деветто одделение не треба да бараат од наставниците да им ставаат повисоки оценки, за да се запишат во средно. Тоа не е чесно спрема учениците, кои постојано учеле и се труделе додека другите „спиеле“ на часовите. Тие ќе се соочат со неуспех во средно училиште.

Учениците треба да вложуваат труд и на часовите по предметите кои се „порелаксирачки“, пример по ЛО, ФЗО, МО и др. Не треба да очекуваат дека треба да имаат петка, а да не вложат труд за тоа.

Учениците кои имаат потреба од дополнителна настава, треба да ја посетуваат, кога наставникот ќе ги организира часовите. Дополнителната настава се организира според ЗОО, и во согласност со родителите. Преку дополнителната настава, учениците имаат можност да ги надградат своите знаења, да ги совладаат потешкотиите кои ги имаат при усвојување на знаења по одредени наставни предмети и можност да научат повеќе.

***За родителите:***

Родителите се согласни дека оценувањето треба да биде објективно и правично преку целата учебна година, а на крајот на учебната година да не им се “подаруваат” оценки на учениците. За предметите, за кои учениците покажуваат послаби знаења, учениците треба да посетуваат дополнителна настава. Родителите треба да работат со учениците, а не да ги одобруваат “пријателските“ поправања на оценките. Родителите не го одобруваат препишувањето за време на тестови и писмени задачи. Тие сметаат дека учениците треба континуирано да учат, за да можат да бидат подготвени за тестовите. Родителите треба да се воздржуваат од давање коментари и раскажување на детали за лични и семејни карактеристики за наставникот во присуство на децата.

Родителите треба да се објективни и реални во барањата спрема наставниците. Треба да ги почитуваат термините одредени за средбите со наставникот и одделенскиот раководител и да го почитуваат куќниот ред на училиштето. Социјалната состојба на ученикот не треба да биде причина за давање на повисока или позитивна оценка.

Детето треба постојано да се поттикнува и стимулира. Наставникот секогаш треба да им ги објасни на учениците критериумите за добивање на одредена оценка, односно учениците треба да знаат што, колку и какви знаења треба да постигнат за добивање петка, односно четворка, тројка или двојка. Родителите сакаат наставниците да бидат транспарентни при оценувањето. Јавно да им ги соопштуваат оценките на учениците и да им дават образложение за

дадената оценка според однапред дадени критериуми. Според нив и учениците треба да внимаваат на односот спрема наставниците и да го почитуваат кодексот на однесување во училиштето.

***Тим за следење, анализа и поддршка***

Во училиштето има формирано тим за следење на оценувањето кои го сочинуваат: Благица Устапетрова-директор, Јаворка Арабаџиева –специјален едукатор и рехабилитатор, Магдалена Василева –педагог, ТинаЈанева -наставник, Љубинка Цветанова – наставник, МејдинУсинов –наставник и Трајанка Колева –наставник. Тимот за оценување на постигањата на учениците, проверува дали сите наставници изготвиле критериуми за оценување за предметот кој го предаваат, го следи оценувањето и проверува дали истото е усогласено со предвидените стандарди и критериуми за оценување, доставени од БРО. Исто така тимот ги проверува инструментите за оценување(кои наставници какви инструменти користат.) Дава поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во делот на оценувањето, како и поддршка на наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетно оценување. Тимот за оценување прави план за споделување на добрите и успешни практикиво рамки на училиштето, во врска со оценувањето.

***Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар***

Во рамки на следењето и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар во училиштето се стручните посети надиректорот и стручната служба на часовите и воннаставните активности на наставниците.(програмата за посета на часови е дадена во прилог).

Со цел подобрување и унапредување на воспитно-образовната работа е потребно следење на повеќе сегменти од воспитно образовната работа во училиштето, поради што е изготвен план за следење и вреднување на целокупната воспитно-образовна работа во училиштето.

(Прилог-План за следење и вреднување на квалитетот навоспитно-образовниот работа во училиштето)

## Самоевалуација на училиштето

Самоевалуацијата е постапка со која се вреднува сопствената практика и сопствената работа, тргнувајќи од анализата на тоа што е направено и како е направено. Од оваа учебна година нашето училиште е вклучено како пилот училиште во изготвување на Самоевалуација според новите начела за што беше организирана обука од страна на БРО.

Има промени во начинот на изготвување на самоевалуацијата односно подрачјата се намалени од седум на четири со дадени нови индикатори.За таа цел е формирана Комисија за самоевалуацијакоја ја формира Училишниот одбор на предлог на директорот.

Чекори во изготвување на самоевалуацијата се:

-подготовка

-прибирање информации

-анализирање и сумирање

-определување на силни страни, слаби страни и приоритети

-определување развојни цели

-развоен план

-имплементација

-нов циклус на евалуација.

Самоевалуацијата се спроведе во три фази:

- **подготвителна фаза** (се определуваат тимови за секое подрачје во самоевалуацијата кои учествуваат во изработката, се определуваат методи, техники и инструментите за нејзина изработка и се прибавува документација потребна за вршењето на самоевалуацијата);
- **фаза на реализација** (се врши анализа на податоците и документацијата, се усогласуваат добиените наоди од секое подрачје, се подготвуваат поединечни извештаи за секое подрачје од самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);
- **фаза на известување и усвојување** (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на родители, Училиштен одбор, директорот на училиштето и ученичката заедница, на ниво на училиште кои можат да доставаат забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Врз основа на извештајот од самоевалуација, училиштето изготви План, односно програма за развој на училиштето.(Прилог-Програма за самоевалуација)

## 17. Безбедност во училиштето

Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме колку што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците, кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред, а најголема обврска околу безбедноста има лицето за обезбедување, кое е вработено преку агенцијата за обезбедување. Учениците од одделенска настава се згрижени и по завршувањето на часовите од страна на дежурниот наставник, се додека не ги земат родителите, а за тоа се води редовна евиденција. Училиштето има изработено ***План за заштита и спасување*** кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди. Има противпожарни апарати кои се поставени на видно место во училиштето и на секој од нив е ставено упатство за употреба. Учениците редовно се информирани и обучувани, како да се однесуваат во случај на опасност.

Во делот на обезбедување на безбедност на учениците во училиштето, а како дел од акциониот план за Отворен ден заграѓанско образование во училиштето ќе се реализираат повеќе активности: креативна работилница со ученици кои наставата ја следат на различни наставни јазици. На работилницата учениците ќе творат на тема „Ненасилство“. Преку оваа активност ќе се промовира мултикултурализмот и унапредување на меѓуетничката интеграција во училиштето.

Друга активност која се планира за овој дел е спроведување на истражување за влијанието на видео игрите врз однесувањето на учениците, со цел учениците да бидат информирани за негативните последици од сајбер насилството и подигнување на свесноста за штетното влијание од играњето видео игри.

За превенција од употреба на средства на зависност и запознавање со негативното влијание на дрогата ќе се спроведе анкета со учениците за информираност за штетното влијание од дрогата.

(Прилог - Програма за безбедност во училиштето)

# 18. Грижа за здравјето

Целта на подрачјето грижа за здравјето, е да се оспособат учениците и вработените во училиштето, да преземаат активности за поздрав живот во училиштето и средината. За тоа училиштето соработува со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, посебно во вршењето на лекарски прегледи на децата кои се запишуваат во прво одделение, спроведувањето на редовните систематски и стоматолишкипрегледи и вакцинации,согласно со закон.

Училиштето исто така, задолжително го информира родителот односно старателот на ученикот за спроведувањето на редовните систематски прегледи и вакцинациите. Училиштето во соработка со надлежни установи се грижи за социјалната заштита, посебно на ученици од ранливи општествени групи.

Училиштето се грижи за сексуалното и репродуктивното здравје на учениците,преку обезбедување информации базирани на научни сознанија, човекови права, родова еднаквост и промовирање на почитување на различностите.

.(Прилог-Програма за грижа за здравјето)

### ***Хигиена во училиштето***

За хигиената во училиштето одговорност имаат сите вработени во училиштето, секако и учениците.

Техничкиот персонал ќе се грижи за одржување на хигиената на санитарните јазли, училници и другиот простор во училиштето. Наставниците во соработка со родителите ќе водат грижа за развивање позитивни навики кај учениците за одржување на личната хигиена. По потреба, училиштето ќе соработува со службите за дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

### ***Систематски прегледи***

Ќе се организираат санитарни и систематски прегледи за сите вработени.

Редовни систематски прегледи ќе се вршат на учениците од прво, трето, петто и седмо одд. од страна на Здравствен дом Струмица.

Редовни стоматолошки прегледи и предавања за забите и одржување на нивната хигиена ќе се спроведуваат на учениците од прводо деветто одделение од страна на стоматолошка служба. Посебно внимание ќе се обрне на предавања на учениците за темикои се однесуваат за зачувување на здравјето на учениците(предавање за СИДА, предавање за превенција од средства на зависност, физички и психички промени во пубертетот и сл).

### *Вакцинирање*

Вакцинирањето на учениците се врши согласноКалендарот за имунизација и вакцинација на учениците. Редовното генерацисковакцинирање и ревакцинирање на учениците ќе се врши од страна на Здравствен дом Струмица(службата за вакцинација) и ќе бидат опфатени учениците според нивната евиденција.

### *Едукација за здрава исхрана*

Исхраната е еден од најважните фактори за правилен раст и развој на децата и има големо влијание врз работните способности на учениците. За таа цел, при едуцирањето на учениците околу здравата исхрана, ќе се настојува да се почитуваат принципите на правилната исхрана и тоа: рационална исхрана, умерена исхрана, разновидна или мешана исхрана и рамномерна исхрана.
За да се исполнат овие принципи големо влијание имаат одредени фактори и критериуми:

*ФАКТОРИ*
- возраста на децата, односно потребата на организмот (количината која се припрема);
- економските можности;
- културни навики во исхраната

Училиштето во текот на учебната година ќе реализира активности и работилници: „Здрава храна за детство безмана", "Умерена и разновидна исхрана", „Со брза храна, станав спор". Истите имаат за цел да ја подигнат свеста и кај учениците и кај родителите, за потребата од консумирање на здрава храна, како и создавање свесни генерации кои ќе останат имуни на брзата и нездрава храна. За вклучување на сите ученици во кампањата предвидени се работилници за изработка на рецепти, презентации, изработување на ликовни и литературни

творби на теми за здрава исхрана. Дел од активностите ќе се реализираат во рамките на изборниот предмет вештини за живеење, а дел преку воннаставните активности.

## 19. Училишна клима

Во делот на училишната клима и односи во училиште акцент даваме на промоција на мултикултурализмот и унапредување на меѓуетничката интеграција и кодексот на однесување на наставниците и учениците. Како дел од акциониот план за Отворениот ден по граѓанско образование е планирана хуманитарната активност– собирање на финансиски средства за лекување на социјално загрозени деца. (Прилог: Акционен план за Отворен ден по граѓанско образование.)

***Дисциплина***

Преку остварувањето на својата мисија и визија, училиштето води сметка за целосната секојдневна дисциплина на учениците, а со тоа ја обезбедува и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување, кој се однесува на сите субјекти: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители кој треба да се почитува. За непочитување на кодексот на однесување се пропишани соодветни мерки, по кои се постапува зависно од прекршување на правилата на однесување. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при прифаќањето и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците кои се грижат за воспоставување на ред и дисциплина за време на одморите. Училиштето води писмена евиденција за тековните збиднувања за време на големите одмори во училиштето. Во случаи на непочитување на правилата на однесување од страна на учениците, се постапува соодветно, според Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето.
(Прилог -План за подобрување на дисциплината во училиштето)

## ***Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето***

Во училиштето како воспитно-образовна институција акцент се става на естетскиот изглед. Кај сите субјекти во училиштето, се развива одговорен однос кон уредување и одржување на просторот кој не опкружува и во кој поминуваме поголем дел од денот. Естетскиот изглед на училиштето ќе се подобри со одржување на училиштето и тоа преку уредување на училниците и училишните ходници, со изработени нагледни средства и цртежи од страна на учениците, со збогатување на училишниот простор со цвеќиња и садници, со уредување на кабинетите и сл.
Во училиштето главна цел е преземање активности за зачувување на животната и работната средина и нејзино естетско и функционално облагородување. Исто така во училиштето функционираат и слободните ученички активности, со чие вклучување во нив учениците ги задоволуваат и негуваат своите индивидуални интереси и способности и придонесуваат во уредувањето и одржувањето на училишниот простор. Такви се ликовната секција, библиотекарската секција, драмската, литературната и новинарската секција, секцијата на млади биолози, секцијата по техничко образование и сл.
(Прилог -План за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето)

## ***Етички кодекси***

Училиштето во рамките на своето работење има изготвено Етички кодекс за однесување на наставниците, Етички кодекс за однесување на учениците, а некои од начелата за етички кодекс на вработените во училиштето, се опфатени и во рамките на одредбите од куќниот ред на училиштето. Правилата на однесување на сите субјекти во училиштето, ќе допринесат, да се подобри квалитетот на училишниот живот, во кој сите ќе се чувствуваме побезбедно и попријатно. Етичките кодекси се објавени на видни места во училиштето(училниците и ходниците).

(Прилог -Кодекс на однесување на наставници и ученици,).

***Односи меѓу сите структури во училиштето***

Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка во училиштето, тимот составен од директор,стручни соработници, наставници од предметна и одделенска настава, ќе прави анализа на критичките точки во комуникација помеѓу одредени структури во училиштето и ќе предложи конкретни активности(работилници, дебати, заеднички прослави, екскурзии формални и неформални средби). Времето, местото и начинот на нивната реализација ќе се одредува по пат на договор. Како и секоја учебна година училиштето ќе организира заеднички средби и прослави по повод: Ден на училиштето – 25 Мај, Нова година – 31 декември, Ден на жената – 8 Март, полуматурска прослава – на крајот од наставната година, екскурзии за учениците и наставниците и сл.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

***Детектирање на потребите и приоритетите***

Современото општество постојано наметнува нови барања, на кои образовниот процес треба да одговори. Поради тоа во континуитет се следат потребите на наставниот кадар и согласно детектираните состојби од самоевалуацијата, записниците од интегралните евалуации и упатствата од Министерството за образование и наука и основачот на училиштето, се детектираат потребите и приоритетите. Иста така, секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги изнесува личните потреби за професионален развој кои потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваат. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците, во чиј состав влегуваат: директор, стручни соработници, претседатели на стручни активи, претставници на УО (еден родител и неговиот претседател).

Професионалниот развој на наставникот е континуиран процес, кој започнува со учеството на наставникот во стручните активи каде се разменуваат искуства и нови сознанија. Согласно потребите на наставниците во оваа учебна година, ќе се спроведат обуки на новопримените наставници, за примена на методите и техниките во процесот на учењето и поучувањето, обука за начинот на изготвување на личен и професионален план, обука за формативно и сумативно оценување, како и базична обука за меѓуетничка интеграција во образованието. Исто така, за професионалниот разваој на наставниците и стручните соработници, се грижи БРО преку организирање на обука, кои ќе бидат посетени од страна на целните групи.Обуки беа организирани за наставниците кои ќе реализираат настава според Новата концепцијазаосновно образование за четврто и шесто одделени Целта на професионалниот развој на наставниците е, да се подобрат постигањата на учениците, преку континуирано осовременување на наставниот процес, со примена на нови форми, методи, стратегии и техники, со посебен акцент на активното учество на учениците во процесот на учење и поучување.
(Прилог -Програма за професионален развој на наставници).

### *Активности за професионален развој*

Како активности за професионален развој се планирани обука за формативно и сумативно оценување, обуки за примена на техники на учење во наставата, обуки за подобрување на соработката со родителите(во кои ќе бидат вклучени и родителите). Во текот на месец јуни, се организирани обуки за наставници од страна на на БРО и МОН и тоа за наставниците кои во оваа учебна година ќе реализираат настава во четврто и шесто одделение според Новата концепција за основно образование. Директорот, претставник од стручната служба и наставници кои се вклучени во комисијата за изготвување на самоевалуација и развојната програма според новите насоки ја следеа обуката организирана од страна на БРО.

### *Личен и професионален развој*

Секој наставник има сопствено наставничко портфолио кое е исполнето со трудови од нивната работа и изработки од учениците. Стручните соработници за секој наставник водат професионално досие, во кое се заведува и следи нивниот професионален развој. Директорот на училиштето го следи професионалниот развој на стручните соработници, преку

водење на нивното професионално досие. Секој наставник, својот професионален развој го остварува преку активно учество на обуки, семинари, на организирани регионални средби, консултирање на стручна литература и сл.

За сопствено и лично усовршување наставникот и стручниот соработник прави личенплан за професионален развој, со цел зајакнување на своите професионални компетенции, а врз основа на резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посетите, што ги врши директорот и стручната служба, како и советниците од БРО.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/ старателите

### *Вклученост на родителите/ старателите во животот и работата на училиштето*

Родителите претставуваат многу важна алка во воспитно-образовниот процес во училиштето. Соработката на родителите со училиштето е од исклучително значење, како за учениците, така и за вработените во училиштето, тие се вклучениво животот и работатана училиштетои во процесот на учењеи воннаставните активности. Вклучувањето на родителите во работата на училиштето се реализира преку редовните и индивидуални средби, отворен ден за прием на родители (среда од 10:00 часот – 18:00часот), вклучување во родителски одбори на ниво на паралелка, во Советот на родители на ниво на училиштеи Училиштен одбор.
(Прилог –Програма за соработка на родителите/старателите со училиштето)

### *Вклученост на родителите/ старателите во процесот на учење и воннаставните активности*

Родителите учествуваат во секаков вид на планирања, давање поддршка на наставниците за работа со учениците со попреченост, надарените и талентирани ученици, за професионалната ориентација на учениците, прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали, како и во реализација на наставните часови.

Со свои предлози и лично вложување, родителите учествуваат во организација на одбележување на значајни датуми, забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации, а мислењата и ставовите на родителите на нашите ученици се изнесуваат на состаноците на Совет на родители на ниво на училиште преку претставници избрани од секое одделение.

За учеството на родителите во животот и работата на училиштето се организираат работилници на различни теми.Во оваа учебна година е планирана работилница на тема: „Како до подобар однос, родител-дете и дете-дете?“ Оваа работилница ќе се реализира со цел подобрување на комуникацијата родител-дете, дете-дете и постигнување позитивна промена. Активноста е дел од акциониот план за Отворен ден по граѓанско образование.
(Прилог: Акционен план за Отворен ден по Граѓанско образование.)

**Вклученост на семејствата во вонаставни активности во училиштето**






***Едукација на родителите/ старателите***

Во нашето училиште се спроведува едукација на родителите/старатели тоа на родителските средби со теми кои ги реализираат одделенските раководители како и заедничките родителски средби организирани од страна на стручните соработници поврзани со професионалната ориентација на учениците од деветтитеодделенија,потоа околу однесувањето, поведението ,редовноста и успехот на учениците и сл. Советувањето на родителите е уште еден облик на едукација на семејството според програма од МОН и ја реализира училишниот психолог. По потреба се реализираат и советодавно-консултативни средби од страна на стручните соработници, кои се содржини во нивните програми за работа.

Советот на родители:

- Ја следи воспитно-образовната работа во училиштето;
- Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно- образовниот процес на учениците;
- Дава предлози за надминување на проблемите, кои се јавуваат на релација ученици - наставници - родители;
- Зема активно учество во совладување на проблемите, кои се јавуваат во развојот и воспитувањето на учениците, а пред се, во спречувањето на негативните појави како што се: насилно однесување, алкохолизмот, пушењето, наркоманијата и слично;
- Советот на родители избира свои претставници во Училишниот одбор;
- Учествува во изготвување на правилници и врши и други работи во интерес на училиштето учествува во изработка на брошура за родители, која се прави со цел да се информираат родителите за целокупната работа на училиштето, да се здобијат со сознанија околу мисијата и визијата на училиштето, за материјално-техничката опременост на училиштето, за кодексите на однесување на учениците и наставниците и други позначајни содржини дадени во брошурата. Брошурата ќе биде објавена на веб страната на училиштето.

# 22. Комуникација со јавност и промоција на училиштето

Училиштето во рамки на својата воспитно-образовна дејност, како и досега и оваа учебна годинаќе соработува со:

- Локална установа библиотека „Благој Јанков Мучето“
- Центар на културата „Антон Панов“
- Дом на АРМ
- Музеј на град Струмица
- Локални радија и телевизии
- Медицински центар- Струмица и Здравствен Дом
- Основни и средни училишта од градот и регионот
- Младински Совет, локалната самоуправа
- Црвен Крст– Струмица
- Невладини организации и здруженија (Планетум, Продолжен живот, Вавилон, Еделвајс, Хуманост, Организација на жени и др.)
- Дом за деца и млади „Благој Јанков Мучето“
- МВР – Струмица
- Центар за социјална работа

**Соработка со локалната заедница**

| - Да се испланираат активности за обележување на 11 Октомври и месецот на книгата | - Изготвување на реферат за празникот 11 Октомври<br>- Изготвување на план за посета на разни културни и јавни установи, библиотека, читање стихови | Стручен актив - Стручна служба - Родители - Локални установи | Октомври | ← - Интернет литература, историска литерура ← | - Прифаќање на книгата како основно средство во градење на интелектуалнаталичност кај ученикот |
| Одредување на критериуми за оценување според | - Изработки на ученикот(творби, искази, наставни листови, тестови, | - Стручен актив | Октомври - Ноември | - Извештаи | -Солидно извршено вреднување на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| националните стандарди<br>Изработка на тестови, наставни листови, планирање на истраѓувачки активности во мешан состав на одд.<br>Следење и о ценување на постигањата на учениците според<br>-Формативно оценување<br>-Сумативно оценување<br>Одредување на критериуми за оценување | практични изведби, усни одговори на прашања поставени од наставникот<br>Следење на постигањата на ученикотпреку различни техники на формативно оценување при што се констатира развојната состојба на секој ученик на секое програмско подрачје<br>Информирање на родителите за постигањатана учениците | - | | | учениците<br>-Заклучоци, предлози и мислења на наставникот и родителот |
| Родителска средба | | Родители | | | |
| -Одбележување на 21 Декември- Ден на турската настава<br>- Да се изнесат идеи за Новогодишна прослава<br>- Да се разгледа и утврди реализацијата на материјалот со успех и поведение на ученикот во прво полугодие | -Изготвување на програма со разни активности на ниво на паралелка или училиште<br>- Анализа на извештаите кај сите паралелки на V одд. и договарање за родителска средба и редослед за текот на средбата | - Стручен актив<br>- Стручна служба<br>- Родители<br>- Локални установи<br>- Ученици | Декември | - Извештаи | -Постигнување на целите со реализираниот материјал предвиден со наставниот план и програма за V одд.<br>-Успешна соработка со родителите, мислења и предлози за поуспешно II полугодие |
| - Да се конкретизираат целите и задачите за II | - Договор за реализација на наставниот план на стручниот актив | - Стручен актив | Јануари | - Наставен план | - Успешно преминувањеи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| полугодие | | - Стручна служба | | - Наставни програми и планирања на наставниците | реализирање на задачите во текот на II полугодие според наставниот план и програма |
| - Да се договори одбележувањето на Струмичкиот детски карневал и Тримерски обичаи | - Договор за информирање и учество во детскиот карневал и учество на училишната изложба на маски | - Стручен актив<br>- Стручна служба<br>-Ученици<br>- Родители<br>- Локална средина | Февруари | | -Негување на македонски народни традиции и обичаи како дел од животот на еден народ |
| - Да се осмисли обележувањето на Денот на жената ида се организира пролетното дефиле и еко-акциите за денот на пролетта | - Изготвување програма со активности за по повод Денот на жената<br>- Разгледување на можностите за учество на конкурси<br>- План и програма за Дефиле низ градот со<br>еко-акција, интеграција со Еко-програмата | Стручен актив<br>- Стручна служба<br>-Ученици<br>- Родители<br>- Локална средина | Март | | - Изграден став дека жената е носител на човековиот род<br>- Подигната е еко-свеста за нашата средина, реализирани се активности од Еко-програмата и предметот Природни науки |
| -Групен прием на родители по паралелки<br>-Велигден<br>23 Април/Ден на детето | -Анализа за успехот и поведението на учениците<br>-Планирањена активности за празникот Велигден и велигденско украсувањево училиштето | Наставници<br>Родители<br>Ученици | Април | | - Заклучоци, предлози и мислења на наставникот и родителите<br>- Негување на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - програма за прославување на Денот на детето | | | | македонските и турските традиции и обичаи празници |
| -Одбележување на празниците<br>24 Мај – Ден на сесловенските просветители и 25 Мај-Патронен ден на училиштето | -Договор и изготвување на програми за информирање или одбележување на празниците | Наставници<br>Стручна служба<br>Ученици<br>Локална средина | Мај | | - Успешно обележување на историски важниот ден за нашето училиште, градењепочит кон ликот на Маршал Тито и сесловенските просветители Св.Кирили Методиј<br><br>-Поблиску запознавање на овие празници-Развивање љубов кон Татковината и народот во неа и нејзините културни вредности |
| -Последна родителска средба во V одд.<br>-Проценка на извештаите од стручниот актив<br><br><br>-Детски лирски треперења | -Договор за давање писмен документ на ученикот на крајот од учебната 2025/2026год.<br>-Анализа на извештаите (квалитет-напаствија)<br>- Предлог Програма за работа на активотза учебната 2025/2026 год.<br>-Учество на конкурсот со литературни творби | Наставници<br>Родители | Јуни | | -Афирмација на училиштето<br>-Успешно преминување во VI одд. со реализирање на сите задачи и активности според наставниот план и програма за воспитно |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | образовниот процес во ООУ „Маршал Тито“ - Струмица |

## Програма за работа на активот по македонски јазик во учебната 2025/2026година

**Општи цели:**

**1.** Стручно усовршување на наставниците преку нивните активности и искуства;

**2.** Унапредување на воспитно-образовните процеси;

**3.** Оспособување за практична примена на предметните наставници, иновации и наставни стратегии;

**4.** Согледување на постигнатите резултати и превземање мерки за нивно подобрување;

**5.** Редовна соработка со родителите.

**6.** Развивање на еколошката свест и одржување на чиста околина,

**7.** Увид на постигнатиот успех и ангажираност за подобрување на работата

8.Активности за унапредување на интеркултурализам

**Август, септември**

Избор на раководство на јазичниот актив

Донесување и изработка на годишната програма за работа за учебната 2024/2025 година

Интегрирање на наставните теми и содржини во програмата

Договор за избор и методи за работа за додатната и дополнителна настава и слободни ученички активности

Предлози за усовршување на наставници

Предлози за екскурзија врз основа на содржини предвидени со наставниот план и програма

Отворени часови со примена на современи методи

Интегрирање на темите по предметите од предметна со предметите од одделенска настава според Еко и МИО стандарди

**Октомври, ноември**

Анализа на успехот на учениците од предметната настава на крајот на првото тромесечие со предлог мерки за подобрување на истиотподобрување

Реализација на интегрираните теми според Екои МИО стандардите

Примена на методите за оценување во предметна настава

Организирање часови во редовната настава со примена на современи методи иинформатичка технологија

Извештај за реализираните слободни ученички активности,додатна и дополнителна настава

**Декември, јануари**

**1.** Анализа на успехот на учениците од шесто до деветто одделение на крајот на I полугодие

**2.** Организација на дополнителната работа и додатната настава

**3.** Примена на методите за оценување во предметна настава

**4.** Организирање отворени часови во редовната настава со примена на современи методи и информатичка технологија

**Февруари, март**

**1.** Подготовка на ученици за регионални натпревари

**2.** Реализација на интегрираните теми според Еко и МИО стандардите

**3.** Отворени часови според критериумите и методите на оценување на учениците и компјутерската технологија

**Април, мај**

Анализа на успехот на крајот на III тромесечие со предлог мерки за негово подобрување

Извештај од одржани натпревари

Реализација на интегрираните теми со одделенските наставници по Еко и МИО стандардите

Организирање часови во редовната настава со примена на современи методи и информатичка технологија

**Јуни**

Анализа на успехот на учениците на крајот на II полугодие со предлог мерки за негово подобрување во наредната учебна година

Анализа и извештај од работата наактивот

Активот ќе ги извршува и работните задачи и активности дадени во Програмата на Тимот за професионаленразвој и Тимот за самоевалуација, и активно се вклучува во Еко програмата на училиштето,програмата заинтеркултурализам и сите други задачи на ниво на актив.

Програма за работа на стручниот актив за странските јазици **(англиски и германски јазик) за учебна 2025 / 2026 година**

| **Реден бр.** | **Содржина на работа** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| 1 | Разгледување и усвојување на програмата и учебниците од I до IX одд и усогласување на плановите согласно најновите препораки од МОН и БРО | август |
| 2 | Разгледување на почетокот на учебната година (учебници, состав на ученици, и сл.) | септември |
| 3 | Стратегии за подобрување на поучувањето кај послабите ученици - размена на методи и техники | ноември |
| 4 | Размена на искуства, креации и визуелни материјали од учениците. | декември |
| 5 | Разгледување на полугодишниот успех кај учениците и дискусии за изминатиот учебен период (прво полугодие) | јануари |
| 6 | Анализа на проблемите во поучувањето со кои се соочуваме секојдневно и разменување предлози и искуства за нивно надминување. | февруари |
| 7 | Колку компјутерот им овозможува на учениците да го зголемат изучувањето на јазиците (предлози, искуства). | март |
| 8 | Анализирање и синтетизирање на потесните и пошироките цели во изучувањето на англискиот и германскиот јазик и проширување на материјалите за нивна реализација. | април |
| 9 | Добри и лоши страни на темите во учебните кои ги користиме и предлози за надминување на слабостите. | мај |
| 10 | Разгледување на годишниот успех кај учениците и дискусии за изминатиот период (учебна 2024/2025) | јуни |

Членови на стручниот актив за странските јазици се:

Танкица Гошева (англиски ј.) Зоран Ѓузелов (англиски ј.), Гордана Василева (англиски ј.), Елена Гарванлиева (англиски ј.) Лопче Лазарова (англиски ј.) Менка Ристова (англиски ј.), Лилјана Дончева (германски ј.) и Ангелина Андонова (германски ј.)

## Програма за работа на стручниот актив по математика, информатика, физика и техничко образование за учебната 2025/2026 година

| *Ред. број* | *Активност* | *Цел* | *Начин на реализација* | *Период* | *Место* | *Носител на активноста* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***1.*** | 1.Избор на претседател на активот по математика, информатика, ТО и физика<br>2. Изработка на програми за работа на стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година<br>3. Донесување и усвојување на програмата за работа во учебната 2025/2026 година<br>4. Разгледување на предлог Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето<br>5. Евидентирање на постоечките наставни средства, помагала и литература и евентуална набавка на нови (инструменти за оценување и дополнителна литература)<br>6. Договор за користење на учебници и дополнителна литература за учебната 2025/2026 година, одобрени од МОН<br>7.Активности на математичка и физичка секција | Унапредување на наставата и на воннаставните активности | Состанок на активот и утврдување на потребната опрема | Јуни 2025 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | Билјана Пујуклиева |
| ***2.*** | 1. Разговор околу подготовките на долгорочно среднорочни и краткорочни распределенија(редовна настава, како и додатна и дополнителна настава)<br>2. Договор за тестови и писмени работи и активности по ТО<br>3. Усогласување на индивидуалните критериуми за оценување кои што ги користат наставниците за оценување на учениците<br>4. Математичка и физичка секција-критериуми за избор (консултација и одобрување од родители)на членови, програма и предложени денови за реализација<br>5. Вметнување избрани точки на акција од програмите за “Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем” “ Меѓуетничка интеграција “ | Унапредување на наставата | Состанок на активот | Септември 2025 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | Стојанче Кировски |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6. Размена на мислење за реализација на наставни содржини со помош на Smart –таблата<br>7. Изработка на инструменти за евидентирање на индивидуални средби со родители<br>8.Активности на математичка и физичка секција | | | | | |
| ***3.*** | 1. Договор за соработка со математичкото списание НУМЕРУС<br>2. Размена на искуства и мислења при реализација на наставните содржиниформи, методи, техники, примена на ИКТ и оценување<br>3. Изработка на план за посета на отворени часови со примена на современи форми на работа<br>4. Изработка и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување<br>5. Посета на обуки и работилници<br>6. Активности на математичка и физичка секција, по ТО и информатика воннаставни активности | Унапредување на наставата и на воннаставните активности | Состанок на активот | Октомври 2025 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | Билјана Пујуклиева |
| ***4.*** | 1. Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечје<br>2. Изработка на извештаи за ДД,ДП и СУА<br>3. Активности на математичката и физичкатасекција во соработка со родителите на учениците, како ивоннаставни активности по ТО со информатика | Унапредување на наставата | Состанок на активот | Ноември 2025 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | Тина Јанева |
| ***5.*** | 1.Активности за Новогодишниот базар<br>2. Анализа за реализацијата на додатна и дополнителна настава<br>3. Анализа на успехот и поведението на крај на првото полугодие<br>4. Изготвување и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување .<br>5. Активности на математичката и физичката секција во соработка со родителите на учениците | Унапредување на наставата | Состанок на активот | Декември 2025 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | Никола Ристов |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***6.*** | 1. Размена на мислења од реализацијата на наставата во прво полугодие-предности и недостатоци<br>2. Изработка на извештаи за ДД,ДП и СУА<br>3. Изработување на полугодишен извештај за работа на стручниот актив<br>4. Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите | Унапредување на наставата<br><br>Подготовка за натпревари | Состанок на активот | Јануари 2026 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | Ѓорѓи Ќосевски |
| ***7.*** | 1. Организација на претстојните училишни натпревари<br>2. Анализа на резултатите од одржаните училишни натпревари<br>• формирање екипа заОпштински натпревар по математика, информатика и физика<br>• избор на водич на групата<br>• предлог подготвителни задачи<br>3. Договор за одржување на меѓународниот математички натпревар КЕНГУР<br>4. Учество на Општински натпревар по математика и физика<br>5. Активности на математичката и физичката секција во соработка со родителите на учениците | Унапредување на наставата<br><br>Подготовка за натпревари | Состанок на активот | Февруари 2026 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | Стојанче Кировски |
| ***8***. | 1. Избор на тема и помош при изработка на домашна работа за учество на Олимпијадата на млади техничари и природници-Народна техника<br>2. Анализа на резултатите од одржаниот Општински натпревар<br>• формирање екипа за Регионален натпревар<br>• избор на водич на групата<br>• предлог подготвителни задачи<br>3. Организација и спроведување на меѓународниот математички натпревар КЕНГУР<br>4. Учество на Регионален натпревар по математика,информатика и физика<br>5. Изготвување и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување<br>6. Активности на математчкатаи физичката секција во | Подготовка и организација на натпревари | Состанок на активот | Март 2026 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | Валентина Христова |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | соработка со родителите на учениците | | | | | |
| ***9.*** | 1. Анализа на постигнатите резултати од Регионалниот натпревар по математика,информатика и физика и ТО<br>2. Подготвителни активности за Републичкиот натпревар и Математичката олимпијада за ученици од основните училишта<br>3. Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од трето тримесечје<br>4. Изготвување и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување<br>5. Изработка на извештаи за ДД,ДП и СУА<br>6. Учество на Олимпијадата на младитехничари и природници-Народна техника<br>7. Активности на математичкатаи физичката секција во соработка со родителите на учениците | Унапредување на наставата<br><br>Подготовка и организација на натпревари | Состанок на активот и учениците - членови на секциите | Април 2026 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | ВалентинаХристова |
| ***10.*** | 1. Подготвителни активности за Републичкиот натпревар и олимпијада за млади истражувачи за ученици од основните училишта<br>2. Договор за врачување на дипломи и признанија на учениците<br>3. Активности на математичката секција во соработка со родителите на учениците | Унапредување на наставата | Состанок на активот | Мај 2026 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | Никола Ристов |
| ***11.*** | 1. Евалвација на работата на стручниот актив по математика ,информатика и физика<br>2. Анализа и извештај за постигнатите резултати од натпреварите<br>3. Изработка на извештаи за ДД,ДП и СУА<br>4. Изработување на полугодишен извештај за работа на стручниот актив<br>5. Избор на претседател на стручен актив за следната учебна година | Унапредување на наставата<br><br>Унапредување на работата на стручниот актив | Состанок на активот | Јуни 2026 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | Биљана Пујуклиева |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6. Предлози за измена и дополнување на програмата на стручниот актив Избор на учебници<br>7. Предлог распределба на часови | | | | | |

Претседател на активот

Билјана Пујуклиева (математика)

Членови на активот

Валентина Христова (математика), Тина Јанева (математика), Стојанче Кировски (информатика), Никола Ристов (физика и математика),Ѓорѓи Ќосевски (техничко образование).

**Програма за работа на стручниот актив по предметите: иновации, историја, граѓанско образование, географија, запознавање со религиите, филозофија за деца, справување со природни катастрофи, за учебната 2025/2026 година**

**ЦЕЛИ:-**Стручно усовршување на наставниците и нивна корелација

- Соработка со други стручни активи

**ЗАДАЧИ:-**Едукација на наставниоткадар и нивнокоординирање

**Август**

- Формирање на стручниот актив за новата учебна година и избирање раководител
- Договор за формирање секции за слободните ученички активности и изработка на годишна програма
- Определување на учебници и прирачници кои ке се користат во текот на учебната година, претплата и користење на стручни списанија, публикации и слично

**Септември**

- Изработка на програми за додатна настава за воспитно образовна дејност
- Градење критериуми за оценување на успехот на учениците
- Извештај од евентуално одржани советувања, семинари на наставниците, пренесување на сознанија, разработка на оделение, прашања и сл.
- Договор за набавка на нови современи нагледни и наставни средства, план за користење на постојаните.

**Октомври**

- Разгледување на активностите за унапредување на наставната програма
- Стручно усовршување на наставниците во рамките на стручниот актив, посета на наглед. часови,предавања, користење на педагошка литература
- Можности за професионалните информирања на учениците во рамките на наставниот предмет
- Истакнување на наставници – членовина активот за стекнување знаења

**Ноември**

- Согледување од реализацијата на наставната програма за редовна настава
- Анализа на постигнатиот успех на учениците во првото тромесечие од учебната година
- Предлози за подобрување на успехот, посебно таму каде што е послаб
- Анализа на активностите на учениците на редовната, додатната и дополнителната настава и слободните ученички активности

**Декември**

- Согледувања од оценувањето на учениците, форум и критериуми на оценувањето, ниво на потребно знаење од одредена оценка
- Застапеност на корекцијата меѓу наставните содржини и наставните предмети (опфатливост и интерес на учениците, тешкотии при реализација, предлози и мерки за усовршување на работата)

**Јануари**

- Се собираат полугодишните резултати од наставнатаработа да се повторат активностите што се извршени од првото полугодие и да се истакне што е успешно реализирано, а што пропуштено и каде да се интервенира.

**Февруари**

- -Стручноусовршување- пренесување сознанија од советување и семинари,оддржаниза време на полугодишниот распуст
- Меѓусебна посета на наставничасови, елементи што ке се гледаат на часовите:организација на часот, методи и форми на часот, стручно методска интерпретација на часот
- -Анализа на работата на слободните ученички активности во првото полугодие.

**Март**

- Активности на учениците за подготовка на разни натпревари (училишни, општински и државни)
- Активности за професионално информирање на учениците
- Согледување на користеноста на наставите и нагледните средства со кои располага училиштето

**Април**

- Анализа на реализација на наставната програма
- Разгледување на успехот на учениците (по одделенија и паралелки)
- Предлози за подобрување на успехот

**Мај**

- Соогледувања на остварените цели и задачи од досегашната реализација на наставната програма

- Подготовка за оформување на годишниот успех на учениците, предлози и мерки за подобрување на успехот
- Подготовка за известување продолжителна настава
- Анализа на применените иновации во наставата

**Јуни**

- Анализа на постигнатите резултати од работата на слободните ученички активности, постигање на разни натпреваи, смотри, наградни конкурси и др.
- Изработка на извештај за работата на стручниот актив за учебната година

Членови на активот: м-р Трајанка Колева (етика, иновации, запознавање со религиите, граѓанско образование) Ленче Чиркова (историја,) Ружица Михова(граѓанско образование, историја) ,Тони Митев (географија, истражување на родниот крај) Ивана Крстова(географија, истражување на родниот крај).

## Програма за работа на стручен актив по музичко образование и ликовно образование, за учебната 2025/2026 година

**АВГУСТ**

- Формирање на стручен актив и избирање на претседател
- Разгледување на наставните планови и програми
- Договор за формирање секции
- Изготвување на програма за слободни ученички активности

**СЕПТЕМВРИ**

- Стручно усовршување и пренесување на сознанија
- Договор за набавка на нови наставни средства
- Подготовка и изработка на програма за додатна и дополнителна настава
- Договор за следење на семинари и обуки за усовршување и освежување на знаењата
- Учество на натпревари во учебната 2025/2026 год.

**ОКТОМВРИ**
- Примена на компјутерите во наставата
- Учество на натпревари по предметот ЛО и МО

**НОЕМВРИ**
-Увид на реализацијата на редовната и другите видови на настава
- Критериум за изедначено оценување

**ДЕКЕМВРИ**

-Подобрување на наставата по предметите музичко образование и ликовно образование
- Анализа на успехот на учениците на крајот на првото полугодие
- Употреба на наставните и нагледните средства

**ЈАНУАРИ**
- Сумирање на полугодишните резултати од работата на учениците

**ФЕВРУАРИ**
- Анализа на досегашната работа на стручниот актив

**МАРТ**
- Резултати од имплементацијата на еколошката едукација во образовниот систем во редовната настава
- Размена на инструменти за вреднување на учениците (чек листи, наставни ливчиња итн.)

**АПРИЛ**
- Анализа на работењето на часовите по слободни ученички активности и вонннаставните активности
- Учество на натпревар по музичко образование со хор и оркестар

**МАЈ**

- Разговор за различните видови на оценување на учениците
- Учество во збогатување на програмата по повод Патрониот празник на училиштето (изложби на цртежи, настап на хор и оркестар)

**ЈУНИ**

- Анализа на постигнатите резултати на слободните ученички активности и резултати постигнати од натпревари: општински, републички и др.

## Програма за работа на стручниот активот по биологија, хемија и природни науки за учебната 2025/2026 г.

| *Р. бр.* | *Активност* | *Цел* | *Начин на реализација* | *Период* | *Место* | *Носител на активноста* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *1.* | 1.Разгледување на учебници и учебни помагала по биологија, хемијаи природни науки во сите одделенија и договор за користење на стручна литература<br>2.Согледување на опременоста на кабинетот со наставни средства и помагала | Унапредување на наставата и на воннаставните активности | Состанок на активот и утврдување на потребната опрема | Август 2025 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | активот |
| *2.* | 1.Изработка на годишни и тематски наставнипланирања<br>2.Усогласување на критериумите за оценување<br>3.Календар на реализирање на дополнителната и додатната настава | Унапредување на наставата | Состанок на активот | Септември 2025 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | активот |
| *3.* | 1.Следење, оценување на знаењата на учениците, форми и методи на објективно проверување<br>2.Содржина, обем и вреднување на домашната работа<br>3.Одредување на содржините на воннаставните активности и изработка на план | Унапредување на наставата и на воннаставните активности | Состанок на активот | Октомври 2025 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | активот |
| *4.* | 1.Подготовка, реализација и вреднување на неформалните тестови побиологија, хемија и природни науки | Унапредување на наставата | Состанок на активот | Ноември 2025 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | активот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | 1.Утврдување на предлог теми за вежбање и подготовка на учениците за натпревар<br>2.Утврдување теми за проектна задача (доколку има)<br>3.Изведување и утврдување на полугодишна оценка побиологија, хемија и природни науки | Унапредување на наставата | Состанок на активот | Декември 2025 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | активот |
| 6. | 1.Анализа на постигнатиот успех по биологија, хемија и природни науки на крајот од првото полугодие од учебната 2025/2026 год.<br>2.Разгледување на подготвеноста на учениците од соодветните секции за претстојните натпревари | Унапредување на наставата<br>Подготовка за натпревари | Состанок на активот | Јануари 2026 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | активот |
| 7. | 1.Разгледување на тековни прашања на ниво на актив | Унапредување на наставата<br><br>Подготовка за натпревари | Состанок на активот | Февруари 2026 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | активот |
| | | | | | | |
| 8. | 1.Консултации за подготовка на натпреварите и олимпијада по, биологија, хемија и природни накуки.<br>2.Разгледување на подготвеноста за претстојната олимпијада | Унапредување на наставата<br><br>Подготовка и организација на натпревари | Состанок на активот и учениците - членови на секциите | Март Април 2026 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | активот |
| 9. | 1.Анализа на постигнатите резултати од регионалните и државните натпревари и олимпијада<br>2.Разгледување тековни прашања на ниво на актив | Унапредување на наставата | Состанок на активот | Мај 2026 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | активот |
| 10. | 1..Разгледување на работата на активот на крајот од учебната 2025/2026 година и постигнатиот успех по предмети<br><br>2.Утврдување предлог програма за работа на стручниот актив за наредната учебнатагодина. | Унапредување на наставата<br><br>Унапредување на работата на стручниот актив | Состанок на активот | Јуни 2026 | ООУ „ Маршал Тито“ Струмица | активот |

## Програма за работа на стручниот актив по предметот физичко и здравствено образование, за учебната 2025/26 година

### Август

- Донесување план и програма за работа на активот за тековната година
- Предлог за поделба на неделниот фонд на часови
- Присуство на стручни советувања
- Предлог за рационална искористеност на фискултурната сала
- Поднесување барање за набавка на потребните спортски реквизити

### Септември

- Договор за формирање секции за слободни ученички активности и изработка на годишна програма
- Изработка на програма за секции
- Одредување ученици во секциите

### Октомври

- Договор за учество на општински(есенски крос) и учество на натпревари на МОИ што се организираат во овој период

**Ноември**

- Анализа на постигнатиот успех на учениците од прво тримесечје, предлози за отстранување на одредени недостатоци

**Декември**

- Анализа на искористеност на наставните средства и спортски реквизити и на постигнатите резултати од натпреварите одржани во изминатиот период

**Јануари**

- Анализа на реализацијата на наставната програма и другите активности во првото полугодие
- Присуство на стручни советувања

**Февруари**

- Консултации и пренесување на сознанијата од советувањата и семинари одржани за време на полугодишниот распуст, од прочитаната стручна литература и можноста за примена на истата.

**Март**

- Подготовки за организација и реализација на училишни натпревари
- Припрема за учество на општински натпревари што ќе се организираат во овој период

**Април**

- Учество на општински натпревари организирани во тековниот период

**Мај**

- Учество на натпревари по повод патрон празник на училиштето и организирање на натпревари со други основни училишта од градот

- Анализа на постигнатите резултати

**Јуни**

- Анализа на постигнатите резултати од слободните ученички активности и резултатите постигнати на општинските и републички натпревари.
- Изготвување извештај за работата на стручниот актив и постигнатите резултати.
- Давање предлози и сугестии за подобрување на резултатите во следната учебна година

# Прилог бр.7 Програма за работа на Совет на одделенските наставници и Совет на предметни наставници, за учебната 2025/26 година

Советот на одделенските наставници го сочинуваат одделенските наставници и предметните наставницикои се вклучуваат во реализацијата на наставата од прво до петто одделение и стручните соработници на училиштето.

Советот на предметните наставници го сочинуваат предметните наставници што ја изведуваат наставата од шесто до деветто одделение и стручните соработници на училиштето.

| Содржина | Време | Носители |
| --- | --- | --- |
| Формирање на паралелки и распоред на нови ученици;<br>Распределба на учениците во I и VI одд.<br>Анализа на опременост со нагледни средства и потребна литература;<br>Планирања за изведување на ученички екскурзии; | VIII | Одделенски наставници и предметни наставници(одд. раководители)<br>Стручни соработници;<br>Директор |

| | | |
|---|---|---|
| Успех и поведение на учениците во првиот квалификационен период;<br>Реализација на наставниот и друг вид материјал;<br>Редовно водење на педагошка евиденција и документација | XI | Одделенски наставници и предметни наставници<br>Стручни соработници;<br>Директор |
| Успех и поведение на учениците во првото полугодие;<br>Реализација на наставниот и друг вид материјал;<br>Редовно водење на педагошка евиденција и документација;<br>Разгледување на анализи и извештаи врзани со реализацијата на задолжителната и друг вид настава, успехот и поведението; | I | Одделенски наставници;<br>Стручни соработници;<br>Директор |
| Следење на активностите од проектите во кои е вклучено училиштето<br>Подобрување на условите за работа во училниците и опремување на истите со катчиња<br>Успех и поведение на учениците во третиот квалификационен период;<br>Организирање на училишни натпревари во знаење и други училишни активности<br>Редовно водење на педагошка евиденција и документација | IV | Одделенски наставници и предметни наставници<br>Стручни соработници;<br>Директор |
| Утврдување на годишни оценки, општ успех и поведение на учениците на крајот од учебната година;<br>Реализација на наставниот и друг вид материјал;<br>Редовно водење на педагошка евиденција и документација;<br>Разгледување на анализи и извештаи поврзани со реализацијата на задолжителната и друг вид настава, успехот и поведението; | VI | Одделенски наставници и предметни наставници<br>Стручни соработници;<br>Директор |

## Прилог бр.8 Програма за работа на Наставнички совет

Наставничкиот совет на основното училиште го сочинуваат одделенските и предметните наставници и стручните соработници на училиштето.

Преку Наставнички совет се води грижа за целокупната стручна и воспитно-образовна работа на училиштето. Наставничкиот совет го свикува и со него претседава директорот на училиштето.

Во текот на учебната година Наставничкиот советот одржува најмалку шест состаноци.

| Содржини | Време на реализација |
|---|---|
| -Запознавање со предлог Годишната програма за работа на училиштето<br>- Подготовки за почеток на учебната година; | VIII |
| **Организација на воспитно-образовната дејност**<br>- Формирање паралелки;<br>- Распоред на наставници;<br>- Распределба на часови и одделенски раководства;<br>- Предлог задолженија за наставниот кадар;<br>-Дистрибуција на бесплатни учебници кои ќе се применуваат оваа учебна Година | VIII-IX |
| **Планирање на воспитно-образовната дејност;**<br>- Усвојување на Годишната програма за работата на училиштето за тековната година;<br>- Планирање на наставата: редовна, изборна, додатна, дополнителна, слободни ученички активности и следење на нивната реализација во текот на годината<br>-Планирање на наставните екскурзии за учениците од трето, шесто и деветто одд. како и изведување на настава во природа за учениците од петто одд. | VIII<br><br>VIII - IX<br><br>VIII- XI, |
| **Унапредување на наставата**<br>- Подобрување на квалитетот на годишните и тематско процесните планирања од страна на наставниците<br>- Подобрување на континуитетот и квалитетот на следењето и оценувањето на ученичките постигања<br>- Следење, евалуација на подобрување на редовноста на учениците<br>- Согледувања од примената на нагледни средства врз квалитетот на наставата<br>- Следење на стручна литература;<br>- Анализа на реализацијата и ефектите од проектите во кои е вклучено училиштето;<br>-Разгледување на анализи, извештаи и друг вид доставен материјал врзан за реализација на наставно-воспитниот процес во училиштето<br>-Анализа од увидот во педагошката документација | IX<br>XI<br>IV<br><br><br>I,VI<br><br>IX-V<br>IV<br>V-VI<br>IX,I,IV,VI<br><br>I,VI |

| | |
|---|---|
| **Стручно усовршување на наставниот кадар**<br>- Менторска работа со наставници приправници<br>- Примената на нови наставни форми во реализацијата на наставата (низ работилници;)<br>- Учество на семинари, обуки, симпозиуми, работилници и др.;<br>- Следење и користење на стручна литература; | X<br>I<br>XI<br>IV<br>IX |
| **Други содржини** | |
| -Организација на културни, спортски манифестации, организирање на прослави по повод значајни празници<br>- Утврдување на успехот на учениците упатени на продолжителна настава и поправни испити<br>- Избор на ученик на генерацијата<br>-Разгледување на информации за број на ново запишани ученици во прво одделение<br>- Анализа на тековни воспитно-образовни прашања<br>-Анализа на слаби и јаки страни на училиштето | IX-VI<br><br>VI,VIII<br><br>IX<br>IX-VI<br>IX,I,VI |

## Глобална програма за дополнителна настава

| Содржина и активности | Време на реализација | Носители | Цел на активноста |
|---|---|---|---|
| 1. Планирање и програмирање на дополнителната настава од страна на сите наставници | Септември | Наставен кадар | Да се изготви квалитетно планирање кое ќе овозможи да се надминат тешкотиите кај учениците во совладување на програмските наставни содржини |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. Откривање на ученици кои имаат потреба од дополнителна настава | Прво тримесечје | Наставен кадар | Евидентирање на ученици со потешкотии во учењето и совладувањето на наставните содржини |
| 3. Соработка со ученици, родители, одделенски наставници и раководители, стручна служба | Во текот на учебната година | Наставен кадар<br>Стручна служба<br>Одделенски раководители<br>Директор | Помош и соработка за совладување на наставните содржини |
| 4. Организирање и реализација на дополнителната настава во текот на учебната година | По потреба на учениците | Наставник<br>Ученик | Надминување на потешкотиите, со кои се соочуваат учениците, околу совладувањето на наставните содржини по одделни предмети |

# Прилог бр.9 Програма за додатна настава

| Активност | Носители на активност | ресурси | Инструменти | Временска рамка | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање политика за поддршка на планирањето на додатната настава | Директор, стручни соработници, наставници | Анализа на состојбата , Стручни материјали од БРО(наставни планови и програми) | Прашалник за наставниците за ефектите од реализација на додатната настава | септември | Увид во досегашната реализација на додатната настава |
| Следење на реализација на додатна настава | Директор, стручни соработници | Следење на планирањата на наставниците Следење на | Посета на часови, евидентен лист за реализација на додатна настава | Во тек на годината | Подобар квалитет при реализација на додатна настава Обезбедување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | постигањата на учениците вклучени во додатна настава | | | поддршка во редовната настава на надарените ученици |
| евалуација | Директор, стручни соработници | Програми и подготовки на наставниците<br>Посета на часови | Прашалник за наставниците<br>Обработка на податоци од увид на часовите-пополнети инструменти | | Зголемени постигања на учениците кои покажуваат значајни резултати во определени области<br>Поголемо учество на организирани натпревари на знаење |

## Прилог бр.10 Програма за посета на час за следење и вреднување на квалитетот на воспитно-образовниот кадар

| Активност | Ресурси | Инструменти | Носители на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање политика за поддршка на планирањето за посета на часови | -Анализа на состојбата<br>-Распоред на часови<br>-Стручни материјали<br>Извештај од посетени часови | Прашалници за наставници | Директор-Стручни соработници-Наставници | септември | Увид во реализација на наставата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Следење на реализацијата на наставата преку посета на часови- Изготвување извештаи од увид во планирања на наставниците и посета на | Годишни тематски планирања и дневни подготовки на наставниците | Инструмент за увид напланирањата на наставн. Инструмент за евалуација на часот | Директор, стручни соработници | Во тек на учебната година | Подобар квалитет при реализација на часовите - Користење современи приоди во настават |
| Следење на реализацијата на заеднички МИО часови Изготвување извештаи од планирањето и реализацијата на заедничките МИО часови | Дневна подготовка на заедничките МИО часови | Евидентен лист за посета на заедничкиот наставен час | Директор Одговорниот на ТУИ Стручни соработници | Во текот на цела учебна година | Подобар квалитет на планирањето и реализирањето на заедничките МИО часови |
| Евалуација | Програми и планирања на наставниците | Прашалник за наставниците- Обработка на податоците од увид на часови- пополнети инструменти | Директор, стручни соработници и наставници | Мај, јуни | Зголемена ефикасност на реализац. на наставната работа |

## Прилог бр.11 Програма за следење и вреднување на квалитетот навоспитно-образовната работа во училиштето

Цели и задачи – Подобрување и унапредување на воспитно-образовната работа

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки при реализацијата | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Следење на успехот на учениците | Септември<br>Јуни | Одделенски и предметни наставници | Усно и писмено проверување<br>Анегдотски белешки,<br>чек листи | Евалуација на квалитет и квантитет на постигнатите знаења |
| Следење на поведението на учениците | Септември<br>Јуни | Одделенски и предметни наставници<br>Стручна служба | Набљудување,<br>анегдотски белешки,<br>инструменти за следење<br>досие на учениците | Надминување на настанатите проблеми и подобрување на однесувањето на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Континуирано усовршување на наставниот кадар и стручните соработници | Септември<br>Јуни<br>Август | МОН<br>БРО<br>Невладини организации | Обуки<br>Семинари<br>Предавања<br>Работилници | Подобрување, осовременување и усовршување на воспи.образ. работа постигнување на поквалитетни знаења |
| Редовно водење на педагошката евиденција и документација | Септември-јуни | Одд. и предметни наставници, раководна и стручна служба на училиштето | Писмено и електронско водење на педагошката евиденција и документација | Правилно и навремено водење на педагошката евиденција и документација |
| Примена на ИКТ во сите сегменти на наставата | Септември-јуни | Одд. и предметни наставници | ИКТ презентации и практична работа со потребните програми | Осовременување на наставата со примена на ИКТ |
| Изработка на анализи, извештаи и повратни информации | квартално, на крајот од прво полугодие, крај на учебна година | Одделенски – предметни наставници, стручна служба на училиштето | Писмени извештаи, анализи, известувања | информираност за постигнатите резултати на восп.образ.раб. како и увид во споредбените анализи со цел унапредување на воспит.образ. процес |

## Прилог бр.12 Програма за самоевалуација на училиштето

| Цели | активности | Временска рамка | носител | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Спроведување самоевалуација за работењето на училиштето | Формирање на тимови за самоевалуација за секое од подрачјата и избор на координатори | мај | Наставнички совет | Успешно спроведена самоевалуација на училиштето |
| Да се определат соодветни методи, техники и инструменти за вршење на самоевалуацијата | Користење на методи, техники и инструменти за вршењена самоевалуацијата | Мај-јуни | Тимот на наставници(по подрачја) | Добивање валидни показатели за работата на училиштето |
| Согледување на јаките и слаби страни во работењето на училиштето | Анализа на податоците и документацијата од спроведената самоевалуација | Јуни-јули | Тим за самоевалуација | Донесени предлог мерки за подобрување на квалитетот на наставата и изработка на развоен план |
| Изготвување на поединечни и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација | Разгледување на нацрт извештајот за самоевалуацијата на Наставнички совет, Совет на родители, Ученичка заедница и УО | Јуни, јули, август | Наставници претставници од редот на родители и локалната заедница и ученици | Дополнување на нацрт извештајот со мислења и предлози од наставниците, родителите и учениците |
| Усвојување на извештајот | Презентација на извештајот за самоевалуацијата на Наставнички совет, Совет на родители и Училиштен одбор Известување од самоевалуацијата со објавување на веб страната на училиштето и на општината | август | Директор | Подобрување на квалитетотна работата на училиштето |

# Прилог бр.13 Планирање на оценувањето за постигањата на учениците за учебната 2025/2026 година

| Објективно оценување на постигањата на учениците | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи и активности** | **Реализатори** | **Целна група** | **Ресурси** | **Инструменти** | **Следење на повратна информација** | **Временска рамка** | **Критериуми за успех** |
| Изготвување-креирање, поддршка и промоција на училишното планирање на оценувањето | Тим за поддршка на оценувањето Стручни соработници; Наставници; Родители. | Наставници, Ученици, Совет на родители, Училиштен одбор | Годишна програма за работа на училиштето; Развојно планирање на училиштето; Упатство за оценување; Материјали од обуката за примена на стандардите во оценувањето; Стручните соработници | Брошури, флаери; Родителски средби; Средби на ученичката заедница; | Записници, Извештаи од анкетирање на ученици, наставници и родители | Септември Октомври | Прифаќање и усвојување на планирање на оценувањето; Реализирани средби и работни состаноци |
| Изготвување на инструменти за следење на оценувањето на постигањата на учениците | Тим за поддршка на оценувањето Стручни соработници; Наставници; Родители. | Тим за поддршка на оценувањето | Стручна литература; Материјали и сознанија од реализирани обуки и семинари | Анкетни листови | Извештаи, записници | Октомври | Валидни инструменти за следење на оценувањето |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Следење на процесот на оценување | Директор, -Стручни соработници | Одделенски и предметни наставници; Ученици | Планирање на оценувањето на ниво на училиште; Планирањата на наставниците; Одделенски дневник; Портфолио на наставникот; Инструменти и техники за оценување. | Анкетни листови, Извештаи | Извештаи од формативно и сумативно оценување, Анкетни листови, Евидентни листови | Ноември, Декември | Непосредно следење на наставен час; Следење и увид во оперативните планирања на наставата; Извештаи и записници. |
| Анализа на податоците од следењето на оценувањето -Извештај -Заклучоци | Директор, -Стручни соработници | Одделенски и предметни наставници; Ученици | Евидентни листови; Анкетни листови; Стручна Литература | Анализа на содржина, Евидентни листови | Анализа на добиени податоци (слаби и јаки страни), Извештаи, Записници | Јануари | Извештаи, заклучоци |
| Вреднување на објективноста во оценувањето | -Директор, -Стручни соработници, Наставници | Одделенски предметни наставници; Ученици | Планирање на наставниците (тематско и дневно); Одделенска книга; | Чек листи; Портфолио на наставникот | Пишана повратна информација | Во текот на второто полугодие | Подобрување на оценувањето – објективно оценување |

| ПРИМЕНА НА СТАНДАРДИТЕ И КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи и активности** | **Реализатори** | **Целна група** | **Ресурси** | **Инструменти** | **Следење на повратна информација** | **Временска рамка** | **Критериуми за успех** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примена на стандардите и критериумите за оценување | Наставници | Учениците од IV до IX одделение | Упатство за оценување на учениците во основното образование Стандарди и критериуми за оценување по наставни предмети од БРО | Тестови, есеи, изработки на учениците, чек листи | Усна и писмена повратна информација од учениците | Во текот на учебната година | Сознанија за примена на разновидни начини на оценување на учениците според стандардите |
| Следење на примената на стандардите и критериумите за оценување | Директор, Стручни соработници | Наставници, ученици | Увид во педагошката евиденција и документација ; Посета на часови; Разговори со ученици; | Евидентни листови, чек листи | Сугестии, мислења, разговори, писмена повратна информација | Ноември, Декември, Март, Април, Мај | Објективност во оценувањето, задоволни наставници, ученици и родители |

# Прилог бр.14 Програма за заштита и спасување

Училиштето во рамките на воспитно-образовната дејност има изготвено програма и план за заштита и спасување вослучај на елементарни непогоди, со цел да се заштити животот, здравјето и достоинството на учениците и вработените.

**Цели:**
Изготвување на ефикасен план за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди. Обука на учениците и вработените за ефикасна постапка во време на елементарна незгода. Избегнување и намалување на бројот нажртвите со навремено и организирано укажување на прва медицинска помош и евакуација на повредените.

***Активности за реализација на целите***

| Планирана програмска активност | Активности | Реализатори | Време на реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Донесување и усвојување на програма за активностите на тимот за планирање | Доделување на задолженија на членовите од тимот | Тим за планирање | Септември 2025 | Успешна реализација на програмата и размена на искуства. |
| Вежбовна активност евакуација-одделенска настава | Оспособување на тимот за навремено напуштање на училишната зграда | Тим за планирање, вработени и ученици | Ноември 2025 | Навремено напуштање на училишната зграда |
| Вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош-предметна настава | Оспособување на тимот за снаоѓање во вонредна ситуација. | Тим за планирање тим за прва медицинска помош | Декември 2025 | Правилна и брза реакција на тимот за прва помош во случај на елементарна незгода |
| Вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош-одделенска | Оспособување на тимот за снаоѓање во вонредна | Тим за планирање тим за прва медицинска | Февруари 2026 | Правилна и брза реакција на тимот за прва помош во случај на елементарна незгода |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| настава | ситуација. | помош | | |
| Вежбовна активност и евакуацијапредметна настава | Оспособување натимот за навремено напуштање на училишната зграда | Тим за планирање, вработени и ученици | Април 2026 | Навремено напуштање на училишната зграда |
| Евалуација на спроведените активности | Согледување на позитивните и негативните страни на негативните активности | Тим за планирање и вработени | Мај 2026 | Согледување на недостатоци и нивно елиминирање во идниактивности |

# Прилог бр.15 Кодекс на однесување на наставници и ученици

## КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ

- Наставникот е должен да води максимална грижа за личната хигиена на самиот себе и на учениците;
- Наставникот треба да се грижи за целиот училиштен простор и имот, посебно за кабинетот и училницата во кои држи настава;
- Наставникот треба секогаш да се залага за афирмација на својот предмет;
- Наставникот треба да го почитува времетраењето на часот;
- Наставникотда ги евидентира отсутните ученици на почеток на часот и тоа да го прави редовно;
- Наставникот секогаш и секаде внимава на својот говор, тој треба да е литературен, јасен и достапен;
- Наставникот треба секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување;
- Наставникот не смее да се изложува во јавноста, под дејство на алкохол и дрога;

- Секој наставник треба професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари, курсеви и користење на современа технологија;
- Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик;
- Наставникот е должен професионално да се однесува за време на часот;
- Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оценки;
- Наставникот треба да го пофалува секој напредок на ученикот;
- Наставникот треба да настојува ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- Наставникот не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтретира психички;
- Наставникот е должен редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност;
- Секојнаставник треба да настојуваучениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;
- Наставникот треба редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- Наставникот треба да го упатува родителот на помош од компетентни лица, во ситуации кога за тоа има потреба;
- Наставникот треба да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата;
- Наставникот треба да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа;
- Наставникот треба редовно да присуствува во работата на советот на одделенски и советот на предметни наставници т и наставничкиот совет во училиштето;
- Наставникот е должен да ги почитува одлуките од советот на одделенски и советот на предметни наставници и наставничкиот совет;
- Наставникот треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима восвојата училница;

- Наставникот треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и другите вработени

## КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

- Ученикот е должен да одржува максимална лична хигиена и хигиената во училницата;
- Ученикот е должен редовно да ги мие и дезинфицира рацете;
- Ученикот е должен навреме и редовно да доаѓа на настава;
- Ученикот е должен да се грижи за училишниот простор и имот;
- Ученикот е должен да се грижиза хигиената воучилиштето и блиската околина;
- Во училиштето ученикот треба да биде совесен, одговорен, со должно почитување кон сите;
- Во училиштето учениците треба да доаѓаат уредни.
- На часовите ученикот треба внимателно да слуша и навреме и целосно да ги извршува училишните обврски;
- Да се труди да ги извршуваучилишните обврски;
- Да придонесе за одржување на работната атмосфера;
- Ученикот е должен редовно да носи училиштен прибор, учебници и тетратки;
- Дасоработува со наставниците, стручната служба и другите субјекти воучилиштето;
- Да покаже почитување и толеранцијакон другарите и наставниците;
- Да помага на помалку успешните ученици;
- Ученикот не смеесамоволно и без вистинска причина да го напуштичасот;
- Учениците треба примерно да се однесуваат и да избегнуваатнедолично однесување;

- Учениците не смеат да користат мобилни телефони за време на часовите;
- Учениците не треба да носат вредни предмети и повеќе пари во училиште, а доколку им се загубат одговорноста е нивна;
- Начасовите не е дозволено да се џвакаат мастики, како и истите да се лепат на клупите и столчињата;
- Учениците треба да се грижат за хигиената во училиштето и училишниот двор;
- Ученикот не смее да врши психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето;
- Дежурството го изведуваат двајца ученици;
- Доколку насети опасност или поголемо нарушување на дисциплината во ходниците, дежурниот ученик мора веднаш да го информира било кој вработен во училиштето што му е најблиску;
- Учениците треба да ги почитуваат правилата коиги договориле со наставниците;
- Учениците не треба да носат предмети со кои би можеле да повредат други ученици;
- Учениците треба да се толерантни кон соучениците во комуникацијата;
- Учениците треба да ги чуват своите предмети ида не посегнуваат по туѓите;
- Повозрасните ученици да се однесуваат коректно кон помалите;
- Учениците треба да го почитуваат мислењето на другите;
- Учениците задолжително да ја носат ученичката униформа во училиштето;
- Учениците задолжително треба на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот.;
- Најстрого се забранува внесување на алкохол, цигари и дрога како и нивно користење во просториите на училиштето;
- Учениците ќе ја надоместат секоја направена штета во училиштето и за нив ќе се изречипедагошка мерка,доколку сторителот не се откриештетата ќе ја надоместат сите ученици во паралелката;
- Учениците не смеат да влегуваат во наставничката канцеларија без дозвола на наставник;

# Прилог бр.16 Програма за професионален развој на наставниците

Професионалниот развој на наставниците е долгорочен интегративен процес во кој преку учење, практична работа и истражувачки активности се развиваат и унапредуваат нивните знаења, вештини и способности. Професионалниот развој на наставниците во основа е процес на унапредување на вештините и компетенциите со цел унапредување на квалитетот на наставата, како и учењето и постигнувањата на учениците.

Унапредувањето на основните професионални компетенции на наставниците опфаќаат професионални вредности, професионални знаења и разбирања и професионални способности и вештини во следните подрачја:

➢ Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем;

➢ Поучување и учење (планирање и подготовка на наставата, реализација на наставата, оценување на учениците, познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби);

➢ Создавање на стимулативна средина за учење (создавање на безбедна средина за учење и училишна клима);

➢ Социјална и образовна инклузија;

➢ Комуникација и соработка со семејството и заедницата и

➢ Професионален развој и професионална соработка.

Наставниците и стручните соработници изработуваат личен план за професионален развој за секоја учебна година врз основа на самоевалуацијата во однос на основните професионални компетенции, резултатите од интегралната евалуација, екстерните оценувања на знаењата на учениците, извештаите од посети на советници од Бирото за развој на образованието, како и други сознанија за сопствената работа.

Училишната програма за професионален развој ги опфаќа потребите на образовниот кадар детектирани од извештаите на стручните активи и индивидуалните планови за професионален развој на наставниците, како и приоритетите за професионален развој на училиштето.

Професионалното усовршување ќе се остварува преку акредитирани програми за обука, преку посета на семинари, проекти одобрени од министерството, прекуинтерно стручно усовршување во училиштето, ипреку индивидуални форми на учење.

## Прилог – Акционен план за професионален развој на наставниците

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Посета на отворени и нагледни часови | Споделување искуства размена на идеи | наставници | Во текот на целата учебна година | Адекватен избор на форми, методи и наставни средства Квалитетна реализација на наставата |
| Размена на дневни подготовки, нагледни средства и други материјали меѓу наставниците од нашето училиште | Квалитетно планирање на наставата Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | Наставници од одделенска и предметна настава | Во текот на целата учебна година | Користење соодветни ресурси во наставата Подобрена тимска работа меѓу наставниците |
| Заедничко изготвување на критериуми за оценување(по исти наставни предмети) Заедничко изготвување на инструменти за оценување | Квалитетно формативно и сумативно оценување | Наставници од одделенска и предметна настава | Септември, октомври | Објективно оценување на учениците, подобрено учење кај учениците |
| Размена на искуства меѓу наставници од различни | Спoредување и црпење на | наставници | Во текот на целата учебна година | Зголемена соработка на локално ниво и почитување на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| училишта и различни наставни јазици | информации од други училишта Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | | | мултикултурализмот |

# Прилог бр.17 Програма за соработка со родители во учебната 2025/2026 година

Соработката со родителите е важен сегмент во животот на училиштето. Таа соработка ги поттикнува родителите активно да се вклучат во работата на училиштето. Редовно се информирани за своитедецаи за се што се случува воучилиштето,а истовремено тие треба да му пружаат помош за неговата успешност. Плодната соработка придонесува кон унапредување на целокупната воспитно-образовната работа.Родителите редовно се известуваат за постигањата, изостанувањата и поведението на учениците и тоа преку родителски средби, евидентни листови, индивидуални средби, електронски дневник, телефонски контакти и приемен ден на училиштето. За време на приемниот ден на училиштето секој родител може да разговара со предметниот наставник за успехот на своето дете. Соработката со родителите се запишува во дневникот на паралелката каде се заведуваат средбитеи личните забелешки на наставникот од индивидуалните средби со нив.

Во оваа учебна година планирани се 5родителски средби:

Воведна родителска средба – на почетокот на учебната година;

Прв класификационен период (прво тримесечие)

Втор класификационен период(прво полугодие) – известување за успехот

Трет класификационен период - трето тримесечие

Крај на година –известување за успехот
Бројот на родителските средби може да се намали, доколку временски се преклопуваат потребите од изнесување на одредени проблематики, но не помалку од 4 родителски средби. По потреба раководителот на паралелката може да закажевонредни средби за решавање на некои актуелни проблеми.

## План за одржување на родителски средби во учебната 2025/2026 година

| Реден | Активност | Содржини | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| број | реализација | | |
| 1. | Воведна родителска средба | информации за почетокот на учебната година; тековни прашања, обезбедување на учебници, запознавање со содржини од наставнити планови и програми, по предметите кои ги изучуваат | септември 2025 |
| 2 | Родителскасредба на крајот од прво тримесечие | анализа на успехот на учениците на крајот на првото тримесечие | септември 2025 |
| 3. | Родителска средба на крајот од прво полугодие | Известување за успехот на учениците на крајот на првото полугодиеи предлози за негово подобрување | јануари 2026 |
| 4. | Родителска средба на крајот од третото тримесечие | анализа на успехот на учениците на крајот на третото тримесечие<br>делење на евидентни листови<br>предлози за подобрување на успехот | април 2026 |
| 5. | Известување за успехот на крајот од наставната година | - известување на родителите за успехот на крајот на наставната година | јуни 2026 |

Соработката со родители ќе се остварува преку:
- Запознавање на родителите со наставната програма, условите за работа и организацијата на работата во училиштето;
- Запознавање со Кодексотна однесување на учениците, со извадоци од Правилникот за изрекување на педагошки мерки,

со Правилникот за одржување на компјутерската опрема, со начинот на употреба и одржување на учебниците, со Куќниот редво училиштето, Етичкиот кодекс на оценување;
- Цели, задачи, начин на организација и реализација на дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности;
- Редовност, хигиена и дисциплина кај учениците;
- Актуелни прашања: исхрана, обезбедување, осигурување на учениците;
Информации за планирани екскурзии, зимувања, и
звештај за постигнатите резултати на учениците;
- Разговори за надминување на проблемите во паралелката поврзани со: успехот, редовноста, дисциплината на учениците;
- Информации од состаноците на Советот на родителите на ниво на училиште;
- Договор на заеднички активности околу организација на разни активности и свечености: Ден на училиштето, Ден на екологија и сл.;
- Разгледување и анализа на полугодишни извештаи и постигнати резултати;
- Вклучување на родителите во решавање на актуелни проблеми и во проектни активности;
- Разгледување и договарање за начинот на организирање на слободното време на учениците, како превентива за подобрување на успехот и поведението.

# Прилог бр.18 Програма за реализација на ученички натпревари во учебната 2025/2026 година

Натпреварите се организираат со цел да се вреднуваат и да се рангираат знаењето, умеењето, вештините и способноста на учениците по одделен наставен предмет или научна област. Преку натпреварите кај учениците се развива натпреварувачки дух, стремеж за постигнување повисоки вредности во образованието, културата, уметноста и спортот. Преку нив се развива и се продлабочува интересот на учениците и се воспоставува активен однос кон наставата, се проширувaат програмските основи, се продлабочуваат и се збогатуваат знаењата. Учениците за натпревар ќе се подготвуваат на додатна настава и на слободните ученички активности. Наставниците ќе им даваат помош на учениците при изборот на

литература и проверка на нивните знаења.

Во училиштето се организираат училишни натпревари и најдобрите ученици го претставуваат училиштето на натпреварите од повисок ранг.

| **Цели** | **Содржини/ Активности** | **Реализатор** | **Време на реализ.** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Подобрување и надградување на знаењатана учениците во образовниот процес | Учество на училишни натпревари по предметите:<br>-македонски јазик,<br>-англиски јазик,<br>-математика,<br>-физика<br>-хемија<br>- природни науки и техника<br>-ликовно образование<br>-физичко и здравств. образование | Предметни наставници по соодветните наставни предмети(поединечно и како тимови) | Февруари / Март 2026 | Подобрени и надградени знаења на учениците во образовниот процес |
| Поттикнување интерес и развивање афинитети кон одредени активности | Учество на општински натпревари по предметите<br>-македонски јазик,<br>-англиски јазик,<br>-математика,<br>-физика<br>-хемија<br>- природни науки и техника<br>-ликовно образование<br>-физичко и здравств.обр. | Одговорни тимови- тим составен од предметни и одделенски наставници од сите општински училишта | Март/Април 2026 | Зголемен интерес кон одредени активности според индивидуалните афинитети на учениците |
| Постигнување високи резултати - лични и во име на училиштето | Учество на регионални натпревари по предметите | Одговорни тимови и друштва<br><br>- тим составен од | Април/ Мај 2026 | Постигнати високи резултати - лични и во име на училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -македонски јазик,<br>-англиски јазик,<br>-математика,<br>-физика<br>-хемија<br>- природни науки и техника<br>-ликовно образование<br>-физичко и здравств. Образование<br>-натпревар „Смотра на млади природњаци и техничари“ | предметни и одделенски наставници од сите општински училишта | | |
| Поттикнување мотив за самодокажување и афирмација кај учениците | Учество на републички (државни)натпревари по предметите<br>-македонски јазик,<br>-англиски јазик,<br>-математика,<br>-физика<br>-хемија<br>- природни науки и техника<br>-ликовно образование<br>-физичко и здравств. Образование<br>-натпревар „Смотра на млади природњаци и техничари | Одговорни тимовисоставен од предметни и одделенски наставници од сите основни училишта | Мај 2026 | Афирмирани и докажани ученици – пред себе, пред наставници, родители и пред соученици |
| Развивање и негување натпреварувачки дух кај учениците како значајна компонента | Учество на натпревари од меѓународен карактер и од повисоко ниво<br>-математички | Одговорни тимовисоставени од предметни и одделенски наставници од сите основни училишта | Мај2026 | Развивање и негување натпреварувачки дух кај учениците како значајна компонента |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| од нивниот развој и формирање на личноста | натпревар „ Кенгур“ -математичка олимпијада | | | од нивниот развој и формирање на личноста |

# Прилог бр.19 Акционен план за поддршка на учениците

| Цели | Содржини (активности) | Реализатор | Времена реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување програми за работа со талентирани ученици, ученици со потешкотии во учењето и ученици со посебни потреби и емоционални потешкотии | Изготвување на програма за работа со талентирани ученици Изготвување на ИОП | Училиштен тим | Август-септември | Изготвени програми |
| Идентификација на талентирани ученици и учениците со потешкотии во учењето | Примена на инструменти и постапки за идентификација на талентираните ученици и учениците со потешкотии во учењето | наставници | Септември-октомври | Идентификувани ученици |
| Континуирана поддршка на талентираните ученици | Изготвување и реализација на програма за работа со талентирани ученици, Следење на талентираните ученици | Тим за талентирани ученици | Во текот на целата учебна година | Учество на натпревари и освоени награди и признанија |
| Континуирано да се поддржуваат учениците со посебни потреби и | Изготвување и реализација на програма за работа со | Тим за инклузија на деца со | Во текот на целата учебна година | Подобрување на постигањата, вклучување во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| емоционални потешкотии | деца со Тим за инклузија на деца со посебни потреби и емоционални потешкотии во текот на целата учебна година, Следење на учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии Подобрување на постигањата, вклучување во животот и работата на паралелката и училиштето на учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии | посебни потреби и емоционални потешкотии | | животот на паралелката, училиштето и локалната заедница |
| Континуирано да се поддржуваат учениците преку додатната и дополнителната настава | Реализација на часови за додатна и дополнителна настава Следење и евидентирање на присуство на учениците на часови на додатна и дополнителна настава | Предметни наставници родителите и учениците | Во текот на целата учебна година | Повисоки постигања на учениците |
| Навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците | Индивидуално и групно советување на учениците за избор на занимања – запишување во средно | Тим за професионална ориентација на учениците | Во текот на целата учебна година | Правилен избор на учениците за продолжување на образованието согласно нивните |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | образование,<br>Анкета на учениците од деветто одделение за испитување на нивните интереси и желби за продолжување на образованието | | | интереси и способности |
| Следење и анализа на постигањата на учениците | Изготвување извештаи икомпаративни анализи на добиените резултати | Стручни соработници<br>Тим за постигања на учениците | По завршување на класификационите периоди | Подобрување на постигањата на учениците |
| Да се промовираат постигањата на учениците | Информирање на училиштето и јавноста за постигањата на учениците преку веб страната на училиштето и на општината, како и преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн. | Одд. раководители<br>Стручни соработници | Во текот на целата учебна година | Промовирано училиште и запознавање на јавноста со работењето на училиштето |

# Прилог бр.20 Програма за дисциплинирано однесување на учениците

| **Активност** | **Задача** | **Носител на активноста** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување распоред за дежурство на наставниците во училиштето за двете смени | Контрола на однесувањето на учениците за време на одморите во училиштето и училишниот двор | Директор, одговорен наставник за распоред на часови | На почетокот на учебната година | Контрола на однесувањето на учениците и нивен безбеден престој во училиштето и училишниот двор |
| Дискусија за однесувањето и дисциплината на учениците на состаноците на одделенските совети и состаноците на УЗ | Подобрување на свеста кај учениците за важноста на убавото однесување во целокупното функционирање на училиштето | Одделенски и предметни наставници, Претседателство на Училишната заедница на ниво на училиште | Во текот на учебната година | Соодветно однесување од страна на учениците |
| Избор на содржини и активности за часовите на одделенската заедница поврзани со дисциплината на учениците Едукативни предавања поврзани со дисциплината на учениците и како таа се одразува на успехот на учениците | Развивање самокритичност и одговорност кај учениците за сопственото однесување и однесувањето на соучениците | Одделенските раководители учениците, Стручна служба | Во текот на учебната година | Развиена свест и одговорност на учениците за правилно однесување во училиштето |

# Прилог бр.21 Акционен план за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Изложување ученички творби во училниците и ходниците | Одбележување значајни датуми и поводи | Наставници ученици | Во текот на целата учебна година | Естетско уредени училници и ходници во училиштето<br>Збогатување на изгледот на училиштето |
| Уредување на паноата во училиштето со ликовни цртежи и литературни творби | Развивање естетски вредности кај учениците и развивање на нивната креативност | Одговорни наставници | Важни датуми и поводи во текот на учебната година | Украсени паноа со литературни и ликовни творби |
| Уредување на холот во училиштето околу Новогодишните празници | Развивање на креативноста кај учениците и чувство за естетика кај нив | Учениците, одговорни наставници и директорот на училиштето | Декември | Новогодишен амбиент во училиштето |
| Есенско и пролетно чистење и садење цвеќиња и садници во училишниот двор | Хортикултурно уредување на училишниот двор | Одговорни наставници и ученици. Тех.персонал | Септември, март | Развиена еколошка свест кај учениците<br>Уреден училиштен двор |

## Прилог бр.22 Акционен план за училиштен спорт

| Тема | Цели | Содржина | Реализатори | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Кошарка | да ги увежбува и усовршува елементите од кошарката; -да ја развива моториката на спретно реагирање; -да ја развива прецизноста со рацете, духот на спортско-коректно натпреварување и фер-плеј. | - Жонглирање со топка –Дриблинг -Запирање на играч со топка -Движење во напад со и без топка -Движење на играч во одбрана -Колективни и индивидуални активности на играчот во напад и одбрана | Наставници по ФЗО ученици | Континуирано во текот на целата учебна година | Развивање на спортскиот дух, фер-плејот, прифаќањето на поразите и победите, тимската соработка, социјализација, изградување во здрава личност |
| одбојка | -да увежбува и усовршува основни одбојкарски ставови и движења, -основни техники на додавања и фаќања на топка во место и движење; -да ја развива манипулативната моторика на спретно реагирање; -да развива моторички движења на екстремитетите и специфична (одбојкарска) координација во просторот; -да ја развива координацијата и рамнотежата на локомоторниот апарат во целина; -да ја развива прецизноста со рацете, духот на спортско-коректно | Одбивања: -одбивање топка со прсти над глава -одбивање топка со партнер -прием на топка од разни правци и висини; -одбивање топка во разни правци -одбивање топка со техника “чекан” Сервирања: -школска техника сервис -Игра преку мрежа -во парови и во тројки -примена на совладани елементи од одбојката во штафетни игри | Наставници по ФЗО ученици | Континуирано во текот на целата учебна година | Развивање на спортскиот дух, фер-плејот, прифаќањето на поразите и победите, тимската соработка, социјализација, изградување во здрава личност |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | натпреварување и фер-плеј; -да го развива духот на спортско– коректно натпреварување и фер-плеј; -да ги учи и применува правилата на одбојкарската игра. | | | | |
| Фудбал | да усвојува, увежбува и усовршува основни елементи од фудбалската техника; -да ја развива мускулатурата на долните екстремитети и целиот локомоторен апарат; -да развива општи и посебни моторички движења на локомоторниот апарат специфични за фудбалската игра; -да почитува коректно и фер плеј натпреварување. | Техника -додавање и примање на топка со нога, глава и гради - водење на топки - жонглирање со топка - удари на гол со нога и глава -голманска техника Игра: -игра на еден и два гола со примена на елементи од техника и правила на игра штафетни игри и полигони со усвоени елементи од техника | Наставници по ФЗО ученици | Континуирано во текот на целата учебна година | Развивање на спортскиот дух, фер-плејот, прифаќањето на поразите и победите, тимската соработка, социјализација, изградување во здрава личност |
| ракомет | да увежбува и усовршува основни ставови и движења, основни техники на додавања и фаќања на топка во ракометната игра; - да развива моторички движења на екстремитетите и специфична (ракометарска) координација во просторот; -да го развива | Фаќање и додавање на топка во ракометот Водење топка Удари на гол Зонски одбрани | Наставници по ФЗО ученици | Континуирано во текот на целата учебна година | Развивање на спортскиот дух, фер-плејот, прифаќањето на поразите и победите, тимската соработка, социјализација, изградување во здрава личност |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | духот на спортско–коректно натпреварување и фер-плеј;<br>-да ги учи и применува правилата на ракометната игра. | | | | |

## Прилог бр.23 Програма за грижа за здравјето на учениците во учебната 2025/2026 година

Здравственото образование на децата претставува клучна алка во воспитно-образовниот процес . За да можат учениците да одговорат на сите барања поврзани со нивното образование пред се тие треба да се здрави. Тргнувајќи од оваа констатација, грижата, заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите во училиштето, во непосредна соработка со родителите, здравствената служба, и пошироката заедница.

| Цели | Содржини и активности | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Креирање наполитика<br>за грижа заздравјето на учениците<br>Формирање научилиштен тим загрижа за здравјето<br>на учениците | -Формирање на училиштен тим<br>-Изготвување на годишна<br>програма за работа | -Училиштен тим<br>-Директор<br>-Стручни соработници | Септември<br>Октомври | Успешна реализација на планираните активности |
| Формирање навики<br>за консумирање<br>здрава храна | Обезбедување наздрав оброк – овошје за учениците од I до IX одделение | -Одделенски наставници<br><br>-Предметни наставници | Во тек на годината | Развиена свест за придобивките од здрава храна |
| Заштита на општата | Осигурување на | Директор | Октомври | Обезбедување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| психофизичка и здравствена состојба на учениците | учениците | Секретар<br>Наставници | | финансиски надомест во случај на повреда |
| Одржување на хигиената во училиштето и обезбедување на здравствено хигиенска заштитана учениците | Редовно одржување нахигиената на училниците, ходници и училиштен двор со употреба на хигиенски средства | Директор<br>Технички персонал<br>Хаусмајстор | Во тек на учебната година | Обезбедена здравствено хигиенска заштита за учениците |
| Градење правилни навики за здравствена заштита и здравствено образование | -Информирање за : одржување лична хигиена и заштита од заразни болести | -Одд. наставници и раководители<br>-Предметни наставници | Во тек на годината | Развиена свест кајучениците за потребата зазаштита од заразниболести Самостојна грижа засопственото здравјеФормирани позитивниздравствено хигиенскинавики |
| Заштита на здравјето на децата | -Систематски прегледи<br>-Вакцинирање согласно календарот за имунизација<br>-Стручни предавања и<br>трибини на теми: Пороците на 21 век, Правилно држење на телото, Консумирање здрава храна | -Одделенски наставници<br>-Предметни наставници<br>-Здравствени институции<br>-Родители | Во тек на годината | Подобрена здравствена состојба на децата |

# Прилог бр.24 Акционен план за општествено-хуманитарна работа

| Цели | Содржини и активности | Реализатор | Време | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за спроведување активности поврзани со општествено хуманитарна работа во училиштето | - Формирање на тим за општествено-хуманитарна работа<br>- Изготвување на годишна програма за работа на тимот | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд. раководители | август | Успешна реализација на планираните активности |
| Откривање и грижа за учениците од социјално загрозените семејства | Соработка со релевантни институции (Центар за социјални работи, Црвениот крст на град Струмица,локалната самоуправаи сл.) | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд. раководители | октомври | Преглед и евиденција на учениците од социјално загрозените семејства |
| Континуирана поддршка на учениците од социјално загрозените семејства | - Организирање собирни хуманитарни акции за учениците од социјално загрозените семејства (облека, школски прибор и парични средства) | Директор<br>Одд. наставници<br>Одд. раководители<br>Стручни соработници | Во тек на годината | Подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот статус на учениците |
| Вклучување на сите вработени и ученици во активностите за одржување и уредување на просторот во училиштето и училишниот двор | - Садење садници<br>- Отстранување на сметот<br>-селектирање на отпадот<br>- Собирање стара хартија, пластика. | Директор<br>Одд. наставници<br>Одд. раководители<br>Стручни соработници<br>Ученици | Во тек на годината | -Чиста и здрава околина<br>-Подигање на свеста кај сите субјекти во училиштето за зачувување и негување на здрава животна средина<br>-Поголем интерес за собирање на материјали за рециклирање и нивно користење во наставниот процес |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вклучување на локалната заедница, стопанските и производствени субјекти и родителите на учениците | Учество на локалната заедница, компаниите и родителите во активностите од општествен и хуманитарен карактер | Директор<br>Стручни соработници<br>Одд. наставници | Во тек на годината | Развиени чувства за одговорност и солидарност<br>Почит кон општествената сопственост |
| Одбележување на значајни настани, празници и јубилеи и организирање хуманитарни акции | Спроведување на хуманитарна акција по повод Детската недела<br>Организирање на Велигденски штанд со продажен карактер<br>Организирање манифестации и хепенинзи | Директор, одд. наставници,<br>Одд. раководители<br>Стручни соработници<br>Ученици | Во тек на годината | Развиена свест за значењето на општествено хуманитарната работа |

# Прилог бр.25 Програма за јавна и културна дејност на училиштето

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|
| Организирање свечена програмапо повод првиот училиштен ден за првачиња | Септември | Наставниците од I одделение | Развој на позитивна училишна клима и<br>срдечно добредојде за првачињата |
| Одбележување на 8 Септември- Ден на независноста на РМ | Септември | Одговорни наставници и ученици | Продлабочување на знаењата од националната историја |
| Одбележување на Светскиот ден на учителот(5-ти Октомври) | Октомври | Одговорни наставници | Одбележување на оваа благородна професија |
| Одбележување на Детска недела | Октомври | Одговорни наставници и ученици | Запознавање на учениците со Конвенцијата за детсите права |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Организирање свечена приредба по повод прием на првачиња во ДО(Детска организација) | Октомври | Одговорни наставници: Марија Илиева Љубинка Цветанова, ИнтишеМустафова , Махмуре Тахир Билјана Ристова | Развој на чувство за припадност во ДО(детска организација) |
| Одбележување на 11 Октомври. Положување на свежо цвеќе пред бистата на паднатите борци | Октомври | Одговорен наставник: Ленка Чиркова и Ружица Михова | Развој на чувство за почит кон личности од минатото и историјата на македонскиот народ |
| Посета на кино претстави, театри, концерти и музеи | Континуирано | Одговорни наставници | Развивање на интерес кон уметноста |
| Новогодишен хепенинг | Декември | Одговорни наставници и ученици | Развој на позитивно расположение по повод Нова година и собирање финансиски средства за потребите на училиштето |
| Приредба по повод Денот на жената- 8 Март | Март | Одговорни наставници и ученици | Негување љубов и почит кон понежниот пол - жената |
| Одбележување на 21 Март- Денот на пролетта | Март | Одговорни наставници | Развивање на уметничките таленти кај учениците и промоција на вештините на учениците |
| Велигденски хепенинг | Април | Одговорни наставници и ученици | Развој на позитивно расположение по повод Велигден и собирање финансиски средства за потребите на училиштето |
| Посета на градска библиотека „Благој Јанков Мучето“ | Април | Одговорни наставници и | Запознавање со институции од локалната заедница |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ученици | |
| Одбележување на 1 Мај Ден на трудот | Мај | Одговорни наставници | Почитување на правата на работникот |
| Одбележување на денот на победата над фашизмот – 9 Мај | Мај | Одговорни наставници | Почитување на празници и запознавање со историското минато на нашиот народ |
| Патронен празник на училиштето -25 Мај и 24 Мај- Ден на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј | Мај | Одговорни наставници и ученици | Уважување на делото на Маршал Тито преку дружење и игра<br>Запознавање со улогата и придонесот на овие просветители |

## Прилог бр.26 Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето | Цел на следењето |
|---|---|---|---|---|
| Редовноста на учениците | Анализа на педагошката евиденција, индивидуални и групни разговори со учениците кои нередовно ја посетуваат наставата | Директор, Стручни соработници наставници | Одд. раководител, учениците и родителите | Да се подобри редовноста на учениците |
| Примена на техники на учење во наставата | Посета на часови и анализа на дневните планирања на | Директор, стручни соработници | наставниците | Да се подобри квалитетот на наставата во учењето и поучувањето на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | учениците | | | |
| Соработката на родители со училиште | Анализа на педагошката евиденција,(присуство на родителски средби, на советувања на родители, индивидуални разговори со наставниците) | Директор, стручни соработници и наставници | Одделенски наставници и Одделенски раководители | Да се подобри соработката на родителите/ старателите и нивно поголемо вклучување во животот и работата во училиштето |

# Прилог бр.27 - Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем

Според Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ после формирањето на Еко-одборот во нашето училиште, врз основа на анализа на животната средина (која беше направена преку анкета со сите чинители во образовниот процес),продолжува со своите активности и оваа учебна 2024/25 година, со реални и изводливи цели. За секој од Еко-стандардите се задолжуваат одговорни лица за спроведување на сите точки на акција.

## ЕКО-СТАНДАРД 1 - ЕНЕРГИЈА

| **активност** | **Одговорно лице** | **Време на реализација** | **Начин на реализација** | **Буџет** |
|---|---|---|---|---|
| -. Анализа на потрошувачката на електрична и топлинска енергија за учебната 2024/25 година<br>- Изработка на упатства за | Домаќин | Преку целата учебна година. | Читање на сметки, записници,<br>Број на истакнати упатства за рационално користење | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| заштеда на електричната и топлинска енергија.<br>-Изработка на флаери за заштеда на електричната и топлинска енергија.<br><br>-Активности на еко-патрола. | Наставници, ученици.<br><br>Наставници, ученици, родители<br><br>ученици | Октомври<br><br>Ноември<br><br>Преку целата година еднаш месечно. | на електричната и топлинската енергија во училиштето.<br><br>Содржина на флаерите.<br><br>Листа на имиња од членовите на еко- патрола, записници, видео-материјал од терен. | |

**ЕКО-СТАНДАРД 2 - ВОДА**

| Активност | Одговорно лице | Време на реализација | Начин на реализација | Буџет |
|---|---|---|---|---|
| -Анализа на потрошувачката на вода за учебната 2025/26 година<br><br>-Изработка на план за рационално користење на водата<br><br>-Изработка на флаери за заштеда на вода<br><br>-Активности на еко-патрола. | Домаќин.<br><br>Наставници, ученици.<br><br>Наставници, ученици,<br><br>Родители, ученици | Преку целата учебна година.<br><br>Октомври<br><br>Ноември<br><br>Преку целата година еднаш месечно | Читање на сметки, записници,<br><br>План со активности за намалување на потрошувачката и рационално користење на вода во училиштето.<br><br>Содржина на флаерите.<br>Листа на имиња од членовите на еко- патрола, записници, видео-материјал од терен | |

## ЕКО-СТАНДАРД 3 – УРЕДЕН И ЕКОЛОШКИ ДВОР

| Активност | Одговорно лице | Време на реализација | Начин на реализација |
|---|---|---|---|
| - Ослободување од непотребни предмети и растенија од дворот. | Домаќин., технички персонал, ученици | Преку целата учебна година. | Извештај од бројот на отстранети непотребни предмети, растенија. Чист и уреден двор. |
| -Редовно чистење на дворот | Технички персонал. | Есен, пролет(денови на екологија) | Документи за нарачка на потребен материјал за оградата, поставени канти за отпад, клупи. |
| -Реновирање на ограда на училиштето | Домаќин. | Преку целата година | |
| -Одржување на зеленилото | Домаќин | октомври, есен, пролет | Искосена трева, искастрени дрвја, |
| -Изработка на упатства, знаци и нивно истакнување за одржување на дворот,- место за игра, место за одмор, места за отпад, места за велосипеди. | Наставници, ученици, родители, технички персонал, ученици | октомври | Број на истакнати упатства за одржување на дворот и здрава животна средина во него, |
| Активности на еко-патрола. | Ученици | Преку цела година | Листа на имиња од членовите на еко-патрола, записници, видео- материјал од терен, број на спроведени акции. |

## ЕКО-СТАНДАРД 4 – ВНАТРЕШНА СРЕДИНА

| Активност | Одговорно лице | Време на реализација | Начин на реализација |
|---|---|---|---|
| . -Ослободување од непотребни предмети во зградата, | Домаќин., технички персонал, ученици | Преку целата учебна година. | Извештај од бројот на отстранети непотребни предмети, растенија. Чист и уреден двор. |
| Чистење на ходници, канцеларии, училници, фискултурна сала со еколошки или нетоксични средства. | Одделенски раководители. | Секој прв понеделник во месецот. Преку целата година есен, пролет | Изработка на дизајнирани упатства за одржување на хигиената во зградата |
| -Изработка на упатства и нивно истакнување за одржување на зградата во сите простории., | Наставници, ученици, родители, технички персонал | октомври | Број на поставени упатства за одржување на хигиената во зградата |
| -Активности на еко-патрола. | наставници<br>Ученици | Преку цела година | Листа на имиња од членовите на еко-патрола, записници, видео- материјал од терен, број на спроведени акции. |

## ЕКО- СТАНДАРД 5- ОТПАД

| Активност | Одговорно лице | Време на реализација | Начин на реализација |
|---|---|---|---|
| Поставување на корпи за селекција на отпад | Наставници<br>Ученици | Октомври-ноември | Поставување на корпи во училниците и ходниците<br>Број на поставени корпи за селекција на отпад (хартија, пластика, стакло и т. н.) |
| Евиденција на собраниот отпад | Наставници<br>Ученици<br>Административна служба | Во текот на годината | Дистрибуција на собраниот отпад до овластената компанија за собирање на отпад<br>Документ, потврда за количината на собран отпад |
| Подигање на свеста на пошироката заедница за управување со отпад | Наставници<br>Компетентни лица | март | Организирање на трибини, дебати поврзани со управување со отпад |

## ЕКО- СТАНДАРД 6 - ТРАНСПОРТ

| Активност | Одговорно лице | Време на реализација | Начин на реализација |
|---|---|---|---|
| Подигање на свеста на поширокатa заедница за користење на јавен превоз и велосипед | Наставници<br>Ученици | Преку цела година | Едукации за штетното влијание на моторните возила врз животната средина |
| Воспоставување пракса за користење на велосипедот од страна на вработените и учениците | Директор<br>Наставници | Октомври | Делување врз свеста на субјектите за штетните последици од загадувањето врз здравјето на луѓето (преку разговори, предавања, презентации и сл.) |
| Поставување на паркинг места за велосипеди во училишниот двор | Хаус мајстор<br>Наставници по ТО | февруари | Определување на паркинг место за велосипеди во училишниот двор<br>Изработка на план со спецификација и број на поставени паркинг места за велосипеди |

# Прилог бр.28 Годишна програма за работа на Училишниот одбор

Според новиот закон за основно образование Училишниот одбор на основното училиште е составен од седум члена и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето, тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците и еден претставник од основачот.

Претседателот и членовите на училишните одбори на основните училишта избрани односно именувани до денот на влегувањето во сила на новиот закон, продолжуваат да ја вршат својата функција до истекот на времето за кое се избрани односно именувани, освен членот на училишниот одбор во општинските основни училишта именуван од Министерството и на еден од членовите на училишниот одбор именуван од основачот, на кои им престанува мандатот најдоцна еден месец од денот на влегувањето во сила на новиот закон.

Одлука за престанување на мандатот на еден од членовите на училишниот одбор именуван од основачот, треба да донесе основачот на училиштето. Се дотогаш Училишниот одбор функционира во стариот состав.

Составот на Училишниот одбор во нашето училиште е 7 члена и тоа:

1. Анкица Костадинова – претставник од училиштето,
2. Мејдин Усинов – претставник од училиштето,
3. Зоран Ѓузелов – претставник од училиштето,
4. Нов – претставник од родителите,
5. Амди Ахмедов – претставник од родителите,
6. нов – претседател на УО
7. Андријана Ковачева – претставник од основачот (локална самоуправа),

Согласно Законот за основно образование Училишниот одбор на основното училиште ги има следните надлежности:
- донесува статут на основното училиште,
- предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до советот на општината, а државните основни училишта до Министерството,
- донесува Развојна програма на училиштето,
- предлага финансиски план до основачот,
- предлага завршна сметка до основачот,
- објавува јавен оглас за избор на директор во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик,
- врши интервју со кандидатите за директор,
- предлага на градоначалникот на општината односно на министерот еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор,
- дава предлог до директорот за избор на наставниците и стручните соработници,
- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во основното училиште,
- одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици и
- врши и други работи утврдени со статутот на основното училиште.

Училишниот одбор на основното училиште за поднесените жалби мора да одлучи во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

Доколку подносителот на жалба е член на училишниот одбор истиот се иззема од процесот на одлучување по жалбата.

| **Ред.бр.** | **Активности на училишниот одбор во ООУ „Маршал Тито“Струмица** | **Период за реализација** |
|---|---|---|
| 1. | Врши статутарни измени и дополнувања и донесува Статут на училиштето | по потреба |
| 2. | Формирање на свои и повремени комисии на училишниот одбор | по потреба |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Предлага Годишна програма за работа на ООУ „Маршал Тито“ - Струмица до Советот на општина Струмица и Самоевалуација за работата на училиштето | VIII |
| 4. | Предлага извештај за работата на ООУ „Маршал Тито“ -Струмица до Советот на Општина Струмица | VI |
| 5. | Анализа, усвојување на завршна сметка на ООУ „Маршал Тито“ - Струмица и предлог на истата до Советот на општина Струмица | III-IV |
| 6. | Анализа, усвојување на финансиски план на ООУ „Маршал Тито“ - Струмица и предлог на истиот до Советот на општина Струмица | I-II |
| 7. | Дава мислење до директорот на ООУ „ Маршал Тито“ -Струмица за избор на наставниците и стручните соработници | По потреба |
| 8. | Врши тековни работи согласно законските одредби од делокругот на своите надлежности | По потреба |
| 9. | Изготвување на Развоен план на училиштето | VIII |
| 10. | Донесува одлуки за набавка и користење на основни средства | По потреба |
| 11. | Го разгледува успехот и поведението на учениците и презема мерки за подобрување | на крајот од секој класификац. период |
| 12. | Разгледува извештаи за материјално работење на училиштето | во текот на учебната год. |
| 13. | Разгледува извештај од пописна комисија за извршен попис | Декември, јануари |

Училишниот одбор по потреба, според точките на дневниот ред на своите седници поканува одговорни наставници на стручните активи, стручни соработници, претставник на синдикатот или надворешни стручни лица со цел да прибере стручни мислења за проблематиката која се расправа.

# Прилог бр.29 Акционен план за подобрување на соработката со советот на родители

| Главна цел | • Подобрување на соработката со Советот на родители | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Конкретна цел** | **Опис на активноста** | **Временска рамка** | **Потребни ресурси** | **Лица одговорни за активноста** | **Следење и евалуација (докази)** |
| **1.** | Вклучување на Советот на родители во воспитно-образовната работа во училиштето | Работна средба со членовите на Советот на родители и запознавање со улогата на Советот на родители во работата на училиштето | Од 20.9. 2025 до 30.9.2026 | ЗОО, Статут на училиштето | Директор Стручна служба | Записник од одржаниот состанок |
| **2.** | Идентификување на подрачја од воспитно-образовната работа во училиштето, каде родителите сакаат и можат да дадат придонес | Анкетирање на родителите за идентификување на нивните предиспозиции и констатирање на слаби и јаки страни за одредени области кои може да ги искористат за вклучување во воспитно-образовната работа | Од 20.9. 2025 до 25.10.2026 | Прашалник за родителите | Директор Стручна служба | Пополнети прашалници |
| **3.** | Запознавање на родителите со клучната улога што ја имаат во училиштето во триаголникот: родител – наставник -ученик | Работилницата се планира со Советот на родители за запознавање на родителите со важноста за поврзаноста на трите субјекти родител-ученик-наставник, како значаен фактор во ВОП | 20.10. 2025 г. | Обезбедена просторија и материјали за работилницата | Стручна служба | Список за присуство на работилницата и фотографии од работилницата |
| **4.** | Идентификување напроблеми/причини за нередовно посетување на | Работилница со членовите на Советот со родители за идентификување на причините за нередовно посетување на | 25.10. 2025 | Обезбедена просторија и материјали за | Стручна служба | Список за присуство на работилницата и фотографии |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | наставата | наставата | | работилницата | | од работилницата |
| **5.** | Подобро запознавање со условите на семејствата на учениците кои се под социјален ризик и колку тие се во можност да им пружат помош на децата во исполнувањето на нивните секојдневни обврски кон училиштето | Посета на семејствата на учениците кои се под социјален ризик<br>Советодавен разговор со родителите околу тоа како да им помагаат на своите деца | 30.10. 2025 до 20.04. 2026 г. | / | Стручна служба со одд. раководители | Фотографии од посетата на семејствата |
| **6.** | Оспособување на членовите на Советот на родители за изготвување на програми за соработка со училиштето | Работилница со родителите за начинот на изготвување на програма за соработка на родителите со училиштето | Од 30.10. 2025 до 10.11. 2026г. | Обезбедена просторија со интернет, презентација за изготвување програма за соработка со училиштето | Директор Стручна служба | Список за присуство на работилницата и фотографии од работилницата |
| **8.** | Изготвување на програма за соработка со училиштето | Работилница со родителите за изготвување на програма за соработка на родителите со училиштето | Од 20.11. 2025 до 30.11. 2026 | Формулари за изготвување на програма за соработка | Директор Стручна служба | Изработената програми за соработка на Советот на родители со училиштето |

# Прилог бр.30 Преглед на содржините и активностите на инклузивниот тим за работа со ученици со посебни потреби за учебната 2025/2026 г.

| Содржини и активности | Средства, форми и методи | Носители, соработници и одговорни наставници | Време на реализација | Цели | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Формирање на тим за поддршка, координирање, следење на работата на учениците со ПОП | -Работни состаноци на тимот,<br>- Родителски средби,<br>- Стручни активи | Директор, Стр.собраб, Наставници, Родители | Август и почеток на учебната година | -Организирана и ефикасна работа со децата со ПОП | -Поддршка на децата со ПОП, нивните родители и наставниците. |
| 2. Изготвување на акционен план и програма за работа на тимот | -Работни состаноци на тимот;<br>-Анализи и извештаи од минатата учебна година. | Директор, Стручни соработници; Наставници. | Во почетокот на учебната година | Планирање на работата на тимот за  успешна поддршка на децата со ПП. | Ефикасно планирање |
| 3.Информирање на Наставнички совет за планот за работа на Тимот за поддршка на учениците со ПОП во уч. година | -Групнаработа | Тимот за поддршка | Октомври | -Запознавање на Наставнички совет со планот за работа на Тимот за поддршка на учениците со ПП | Поддршка од директорот, сите наставници и вработени |
| 4.Идентификување на учениците со пречки во развојот и потешкотии во учењето | -Работни состаноци на Тимот за поддршка;<br>-Индивидуални и групни разговори со родителите на ученикот со ПОП и одд. наставник | Директор, Стручна служба Наставници, Родители, Инклузивен тим | Во текот на учебната година | Соодветна стручна помош на ученици со посебни потреби Откривање и евидентирање на деца со ПОП | Оптимален развој на ученици со посебни потреби |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | -Непосредно следење на учениците со ПП;<br>-Водење на педагошка евиденција | | | | |
| 5. Поттикнување и создавање на позитивна клима во паралелките во кои има ученици со ПОП | -Индивидуални и групни разговори со учениците<br>–Разговор со ученикот со ПОП;<br>-Непосредно следење на учениците со ПОП во училницата и пошироко | Стручна служба<br>Наставници<br>Инклузивен тим | Во текот на учебната година | Редовното училиште претставува најефикасно средство за елим. на дискрим. и инклузијата на учениците. | Создавање услови на новозапишаните деца со ПП |
| 6.Утврдување на индивидуалните постигања на учениците со посебни потреби | -Работни состаноци на тимот;<br>-Анализи и извештаи од минатата учебна година.<br>-Протоколи, скали на процена и евидентни листови;<br>-Изготвување анализи и извештаи. | Инклузивен тим<br>Наставници<br>Стручна служба, | Вопочетокот науч. година | Соодветна помош и стратегија за работа со учениците | Создавање услови за работа и напредок на учениците со ПП |
| 7. Изготвување на индивидуални образовни планови за учениците со ПОП | -Работни состаноци на Инклузивниот тим<br>-Индивидуални и групни разговори и родителски средби | Инклузивен тим<br>Одд. наставник.<br>Предметни наставници | Во почетокот на уч. година | Овозможување индивидуален пристап и напредок на учен. со ПП | Напредок според индивидуалните можности и способности на учениците со ПОП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8. Следење на учениците со ПОП во наставниот процес | -Непос. Опсервирање на работата со ученици со ПОП за време на час;<br>-Индивид. работа;<br>-Тест. анкетирање, интервјуа, анег. белешки | Одд. наставник, Дефектолог, Стручни соработници | Во текот на учебната год. | Следење на напредокот на учениците со ПП | |
| 9. Изработка на наставни материјали и средства, според потребите на децата и нивна употреба | - Работни состаноцинаинклузивентим<br>-Тестирање, анкетирање, интервју,евидентни листови | Директор, Стручни соработници Наставници. | Во текот на учебната год. | Следење на постигањата на учениците со ПП | Инфор. за напредокот, социјализацијата на учениците со ПП, нивна заштита и поддршка. |
| 10. Размена на искуства со други инклузивни тимови од други училишта, | Непосредна соработка, предавања презентации | Инклузивен тим Директор | Во текот на учебната год. | Постигање на позитивни резултати и обезбедување ефективно образ. за сите според спос. и можностите. | |

# Прилог бр.31 Програма за работа со деца со посебни образовни потреби
## за учебната 2025/2026 год

| цели | содржини и активности | реализатор | време | очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за работа со децата со посебни образовни потреби | -Формирање на тим за поддршка<br>-Изготвување на годишна програма за работа | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд. раковод. | Август | Успешна реализација на планираните активности |
| Запознавање со бројот на ученици и видот на попреченост | -Разговори со одд. наставниции одделенските раководители за бројот на ученици со ПОП и видот на попреченост. | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | Септември | Преглед и евиденција на учениците и видот на посебните потреби |
| Индивидуализирање и прилагодување на наставата кон потребите на учениците | -Изработка на индивидуални образовни планови за работа со учениците со посебни потреби<br>-Диференциран пристап во работата | Одд. наставници<br>Одд.раководители<br>Стручни соработници | Октомври | -Успешна реализација на наставната програма со сите ученици<br>-Континуирано следење на постигањата на учениците со ПОП |
| Следење на индивидуалните постигања на учениците со посебни образовни потреби (прв квалификационен период) | -Евиденцијана успехот и редовноста на учениците со ПОП<br>-Користење на инструменти за следење и вреднување | Одд. наставници<br>Одд.раководители<br>Стручни соработници | Ноември | -Проценка на постигањата<br>-Дополнување на индивидуал. образ. план<br>-Определување на соодветни формина работа |
| Градење на стратегии за учење со примена на индивидуален и диференциран пристап во работењето | -Сов.консул.разговори со родителите, одд. наставници, одд. раководители и учениците, | Стручни соработници, родители,<br>одд. наставници, одд. раководители<br>предметни наставници | Декември | -Подобрување на постигањата<br>-Подобрување на социјализацијата на овие ученици |
| Следење на индивидуалните постигања | -Евиденцијана успехот и редовноста | Одд. наставници,<br>одд. раководители и | Јануари<br>Февруари | -Проценка на постигањата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| на учениците со посебни потреби (крај на прво полугодие) | -Користење на инструменти за следење и вреднување | стручни соработници | | -Дополнување на индивидуалниот образовен план<br>-Изнаоѓање на соодветни форми иметоди за работа |
| -Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на учениците со посебни образовни потреби | -Разговори со учениците на одд.часови<br>-Разговори со родителите на родителските средби<br>- индивидуални средби | Стручни соработници, родители,<br>одд. наставници,одд. раководители и предметни наставници | Во тек на годината | -Развивање на позитивни ставови кај учениците кон учениците со посебни образовни потреби<br>-Вклучување на децата со посебни образовни потреби во локалната заедница |
| Следење на индивидуалните постигања на учениците со посебни образовни потреби<br>(трет квалификационен период) | -Следење на успехот и редовноста<br>-Користење на инструменти за следење и вреднување | Одд. наставници<br>Одд. раководители<br>Стручни соработници | Април | -Проценка на постигањата и однесувањето<br>- Изнаоѓање на соодветни форми и методи за работа |
| Изготвување на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби | Утврдување на критериуми за вреднување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби согласно прилагодените индивидуални планови | Одд. наставници<br>Одд. раководители<br>Стручни соработници | Мај | Развивање на стратегии за користење на индивидуални инструменти и критериуми при вреднување на постигањата на овие ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со децата со посебни образовни потреби | -Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на индивидуалните образовни планови<br>-Изготвување на развоен план за работа со овие учениците за идната учебна година | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд. раководители | Јуни | Проценка на ефектите и постигнатостана планираните цели во воспитно образовниот процес со овие деца |

## Прилог бр.32 Програма за работа на ученичкиот парламент при ООУ „Маршал Тито“ Струмица за учебната 2025/26 год.

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. Начинот на ученичкото организирање на учениците, се уредува со статутот на училиштето. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент.

**Заедница на ниво на паралелка** во соработка со одделенскиот раководител формира одделенско раководство и изготвува програма за својата работа, во која се содржани активности за надминување на проблемите во одделението кои се однесуваат на успехот, поведението и изостаноците.

**Ученичкиот парламент** го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Првото свикување на ученичкиот парламент го врши директорот на училиштето.

Ученичкиот парламент:
- активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,
- го промовира ученичкиот активизам,
- учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности,
- учествува во подготовката на годишната програма за работа,
- дава предлог активности за годишните програми за екскурзии,
- дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
- преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и
- организира и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање.

| **Програмски содржини** | **Соработници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| Демократски избор и конституирање на ученичкиот парламент (претседател, секретар, благајник)<br>-комисија за успех и дисциплина на учениците<br>-комисија за организирање на акции во училиштето<br>-комисии за организирање на културно-забавен живот во училиштето | Одделенски раководител<br>Стручна служба | септември |
| Изготвување на програма за работа на ученичкиот парламент | Стручна служба<br>Одделенски раководител | септември, октомври |
| Учество во формирањето на СУА | Предметни наст. | Октомври |

| | | |
|---|---|---|
| | Стручна служба | |
| Договор околу термините за реализирање на додатна и дополнителна настава | Предметни наст. Стручна служба | Октомври |
| Работилница на тема: Конфликти – ненасилно разрешување на конфликти | Стручна служба | Октомври |
| Разгледување на успехот и поведението на учениците после секој квалификационен период со присуство на претседателот на ученичкиот парламент | Одделенски раководители, директор, стручна служба | ноември, јануари, април и јуни |
| Работилница „Другарството е скапоцено“ | Стручна служба | |
| Активно користење на зимскиот одмор | Одделенски наставници | Јануари |
| Причини за слабиот успех и големиот број на неоправдани изостаноци | Одделенски раководители Стручна служба | февруари |
| Работа на превенција од болестите на зависност | Стручна служба Медицински лица | Декември |

| | | |
|---|---|---|
| Во пресрет на Нова година (организирање на културно-забавен живот во училиштето) | Одделенски раководители Директор | Декември |
| Работилници за меѓуетничка интеграција на младите во образованието | Педагог и психолог | Декември, февруари |
| Работилници за правата и должностите на децата | Педагог и психолог | Јануари, февруари |
| Работилници за оспособување на учениците за покренување на иницијативи за решавање на проблеми кои ги засегаат | Педагог и психолог | Февруари, март |
| Работилници со учениците од ученичкиот парламент за нивно оспособување и охрабрување за донесување одлуки кои се однесуваат на нив | Педагог и психолог | Март |
| Реализирање на содржини од еколошки карактер :<br>Како да ја исчистиме нашата околина<br>(организирање работни акции во училиштето и училишниот двор) | Одделенски раководители Стручна служба | март, април |
| Работилница „Физички и психички промени во пубертетот“ | Стручна служба | Април |
| МИМО активност „Дозволете ни да создадеме поубав свет“ | СИТ-от на МИМО и Стручна служба | март |

| | | |
|---|---|---|
| Во пресрет на двата празника (24 Мај и 25 Мај- Патронот на училиштето организирање на културно забавна програма) | Одделенски раководители Стручна служба | Мај |
| Изготвување извештај за работата на ученичкиот парламент (воочување на слабости и пропусти со тенденција за нивно надминување во иднина) | Директор Стручна служба Одделенски раководители | Јуни |

## Прилог бр.33 Програма за превенција од насилно однесување

| Содржина на работа | Активности | Одговорни лица и соработници | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| 1.Идентификување на проблеми во училиштето поврзани со однесувањето на учениците | - следење на учениците во врска со нивното однесување(за време на час, одмори)<br>- разговор со учениците околу однесувањето на врсниците | Одд. раководители Дежурни наставници | Континуирано во текот на учебната година | Успешно справување со проблемите |
| 2.Идентификација на ученици со насилно однесување | - спроведување на прашалник со учениците<br>- анализа на прашалникот<br>- презентација на добиените резултати пред наставниците, учениците, родителите | Стручна служба наставници | Континуирано во текот на учебната година | Намалување на бројот на ученици кои покажуваат насилно однесување |
| 3.Едукацијана наставницитеповрзана со насилното однесување од страна | - интерни обуки на наставниците за превенција од насилно однесување<br>- комуникациски вештини | Стручна служба Надворешнилица од МВР Струмица | Во текот на учебната година | Едуцирани наставници за посочената проблематика и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| на учениците и превенција од истото | - работилници и дебати на тема „Насилство“ | | | успешно справување со проблемите |
| 4.Работа со врсници(работилница) | - Реализирање на работилница со ученици околу идентификување и откривање на насилство, за безбедност, градење на доверба и намалување на насилното однесување | Стручна служба | Во текот на учебната година | Намалување на насилно однесување |
| 5.Соработка со родителите | - Вклучување на родителите во активности поврзани со насилното однесување на учениците и подобрување на соработката со родителите со наставниците и стручните соработници | Стручна служба<br>Одговорни наставници | Континуирано во текот на учебната година | Информирани родители |
| 6.Соработка со другите училишта од општината | - Интензивирање на соработката на стручните служби и ученичките заедници на ниво на училиште помеѓу училиштата преку организирање на работилници, трибини на тема насилство меѓу учениците<br>- размена на искуства | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>ученици | Во текот на учебната година | Зајакнување на соработката меѓу училиштата и подобрување на однесувањето кај учениците |
| 7.Соработка со други институции(полиција и службата за малолетничка деликвенција, Центар | - Организирање на трибини за насилното однесување на учениците од страна на полициски службеници<br>-организирање на средба на | Директор<br>Одговорни наставници | Во текот на учебната година | Намалување на насилното однесување и конфликтите меѓу учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| за социјална работа) | одговорниот реонски полицаец со Советот на родители во училиштето | | | Градење на односи засновани на мирољубиви решенија и толерантност |
| 8.Соработка со невладини организации и други здруженија и институции | -вклучување на ученици, наставници и родители во програми понудени од страна на НВО, здруженија и други институции | Наставници, Одговорни носители | Во текот на учебната година | Едуцираноста ќе ја намали проблематиката поврзана со насилното однесување |

## Прилог бр.34 Програма за превенција од болести на зависност

*Цели и задачи:*

- Запознавање на учениците со болестите на зависност;
- Запознавање на учениците со штетните последици од употребата на цигари, алкохол и психотропни супстанци;
- Запознавање на учениците со видовите дроги, нивните дејства и штетните последици од нивната употреба;
- Превенција од употребата на цигари, алкохол и психотропни супстанци;
- Запознавање на наставниците и учениците со работата на невладините организации за превенција од употреба на психотропни супстанци, како и лечење од истите;
- Континуирана соработка со наставниците и проширување на нивните знаења за рано откривање на ученици кои употребуваат алкохол, цигари и психотропни супстанци, како и справување со истите;
- Соработка на стручната служба со наставниците и родителите за заедничко сузбивање на болести на зависност кај учениците;
- Одбележување на светскиот ден за борба против пушењето.

| Цели | Активности | Реализатори | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Запознавање на учениците со болестите на зависност | Информативни предавања на учениците за запознавање со поимот болести на зависност, како и кои се болестите на зависност; Дискусии на тема „Болести на зависност“ и презентирање на ставовите и мислењата на учениците | Стручна служба, директор, одделенски и предметни наставници | октомври | Учениците се запознаени со поимот болести на зависност |
| Запознавање на учениците со штетните последици од употребата на цигари, алкохол и психотропни супстанци | Едукативни работилници со наставниците за запознавање на учениците со штетните последици од употребата на цигари, алкохол и психотропни супстанци;<br>Едукативни работилници со учениците за запознавање со штетните последици од употребата на цигари, алкохол и психотропни супстанци<br>Обуки на учениците за штетните последици од употребата на психотропни супстанци, од страна на претставници од МВР – Струмица | Стручна служба, директор, одделенски и предметни наставници, МВР – Струмица | ноември | Информирани ученици за штетните последици од употребата на алкохол, цигари и психотропни супстанци |
| Запознавање на учениците со видовите дроги, нивните дејства и штетните последици | Едукативни работилници за запознавање на учениците и наставниците со видовите дроги, нивни дејства, како и штетните последици од нивна употреба | Стручна служба, директор, оператори на „Националната | февруари | Учениците и наставниците се запознаени со видовите дроги, нивни дејства, како и штетни последици од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| од нивната употреба | | СОС линија за помош од дрога“ | | нивна употреба |
| Превенција од употребата на цигари, алкохол и психотропни супстанци | Едукативни работилници за превенција од употреба на цигари, алкохол и психотропни супстанци;<br>Изработка на информативни брошури и летоци од страна на учениците за превенција од употреба на цигари, алкохол и психотропни супстанци. | Стручна служба, директор, одделенски и предметни наставници | март | Учениците ги сфаќаат штетните последици од употребата на цигари, алкохол и психотропни супстанци |
| Запознавање на наставниците и учениците со работата на невладините организации за превенција од употреба на психотропни супстанци како и лечење од истите | Презентација на останати институции и НВО кои работат на превенција од употреба на психотропни супстанци, како и лечење од истите. | Стручна служба, директор, | април | Учениците и наставниците се запознаени со работата на одредени институции и НВО, кои работат на превенција од употреба на психотропни супстанци, како и лечење од истите |
| Континуирана соработка со наставниците и проширување на нивните знаења за рано откривање на ученици кои употребуваат алкохол, цигари и | Советодавна работа со наставниците за запознавањето на бројните социолошки, правни, психолошки, социјални, здравствени и други појави поврзани со употребата на психотропни супстанци; – Континуирано информирање на наставниците за брзите промени | Стручна служба | Во текот на целата учебна година | Тековно информирање на наставниците за сите нови трендови во однос на производството, дистрибуцијата и употребата на алкохол, цигари и психотропни супстанци |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| психотропни супстанци, како и справување со истите | во областа на производството, дистрибуцијата и употребата на психотропни супстанци, со цел навремено превентивно делување кај учениците. | | | |
| Соработка на стручната служба со наставниците и родителите за заедничко сузбивање на болести на зависност кај учениците | Одржување на континуирани средби на стручната служба со наставниците за сузбивање и рано откривање на болести на зависност кај учениците. | Стручна служба, директор, одделенски и предметни наставници, родители | Во текот на целата учебна година | Континуирани средби на стручната служба со наставниците и родителите со што успешно ќе се превенираат болестите на зависност кај учениците |
| Одбележување на Светскиот ден за борба против пушењето (31 Мај) | Организирање на ликовна работилница на тема „Борба против пушење“ и изложба на готовите цртежи | Стручна служба, директор, одделенски наставници, наставници по ликовно образование | мај | Со изложба на готовите цртежи на тема „Борба против пушењето“, учениците го одбележуваат Светскиот ден за борба против пушењето |

## Прилог бр.35 Превентивна програма за асоцијално однесување

*Цели и задачи:*

- Унапредување на превентивната работа на социјалните проблеми кај учениците;
- Следење на поведението и успехот на учениците со ризик;
- Детектирање на учениците кои пројавуваат асоцијални однесување;

- Советодавна работа со учениците кои пројавуваат асоцијално однесување;
- Советодавна работа со наставниците и родителите на децата со намален успех, намалено поведение и асоцијално однесување;
- Анализирање и истражување на социјалните проблеми кај учениците и нивно надминување.

| Цели | Активности | Реализатори | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Унапредување на превентивната работа на социјалните проблеми кај учениците | – Советодавно консултативна работа со наставниците за социјалните проблеми и потреби на учениците;<br>– Советодавна работа со родителите за социјалните проблеми и потреби на учениците | Стручна служба, директор, предметни и одделенски наставници, родители | Во текот на целата учебна година | Превенција на социјалните проблеми кај учениците |
| Следење на поведението и успехот на учениците со ризик | – Континуирано следење на успехот и поведението на учениците и давање на советодавна помош<br>– консултативна работа со наставниците и родителите во врска со успехот и поведението на учениците, како и планирање на активности за нивно подобрување | Стручна служба, директор, одделенски и предметни наставници | Во текот на целата учебна година | Подобрување на успехот и поведението на учениците со ризик |
| Детектирање на ученици кои пројавуваат асоцијално однесување | Континуирани консултативни средби со наставниците, со цел рано откривање на појава на асоцијално однесување кај учениците | Стручна служба, директор, одделенски и предметни наставници | Во текот на целата учебна година | Рано откривање на учениците кои пројавуваат асоцијално однесување и сузбивање на истото |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Советодавна работа со ученици кои пројавуваат асоцијално однесување | – Континуирани советодавни средби и психосоцијална поддршка на учениците кои пројавуваат асоцијално однесување, со цел подобрување на истото | Стручна служба, одделенски и предметни наставници | Во текот на целата учебна година | Подобрување на однесувањето на учениците |
| Советодавна работа со наставниците и родителите на децата со намален успех, намалено поведение и асоцијално однесување | – Континуирани советодавни средби со наставниците и родителите на децата кои имаат намален успех, намалено поведение, како и учениците кои пројавуваат асоцијално однесување | Стручна служба, одделенски и предметни наставници | Во текот на целата учебна година | Подобрување на успехот и поведението на учениците, како и надминување на асоцијалното однесување |
| Анализирање и истражување на социјалните проблеми кај учениците и нивно надминување | – Континуирани советодавни средби на стручната служба со наставниците и родителите, со цел анализа и истражување на социјалните проблеми кај учениците; Советодавна работа со учениците за надминување на нивните социјални проблеми. | Стручна служба, одделенски и предметни наставници | Во текот на целата учебна година | Надминување на социјалните проблеми помеѓу учениците |

# Прилог бр.36 Програма за унапредување на менталното здравје на учениците во ООУ „Маршал Тито“ Струмица

| Подрачје: Училишна клима и култура | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цел** | **Активности** | **Реализатори** | **Ресурси** | **Време на реализација** | **Очекувани резултати** |
| ***Подобрување на соработката помеѓу наставниците*** | Работилници<br><br>Советувања<br><br>Заеднички акции<br><br>Формални и неформални разговори и дружења,<br><br>Екскурзии,<br><br>организирани заеднички поводи и настани | Директор, стручни соработници, наставници | Човечки ресурси, материјални ресурси (прирачници за ментално здравје, програма за унапредување на менталното здравје | Во текот на цела учебна година | Подобрени односи меѓу наставниците, соработка на професионален плани поддршка во градење на стимулирачка клима и култураво училиштето |
| ***Подигнување на свесноста за улогата на наставниците во креирање безбедна и поттикнувачка атмосфера во*** | -Анкетирање на ученици за испитување на сликата за себе<br><br>-Предавања, трибини, работилници, со | Директор, стручни соработници, наставници | Програма за унапредување на менталното здравје,<br><br>Човечки ресурси, материјални | Во текот на цела учебна година | Градење на безбедна и поттикнувачка средина во училиштето,<br><br>-поддршка на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***училиштето,*** <br> ***–градење на сликата за себе (кој/а сум, каков/каква сакам или можам да бидам, и колку вредам), што е многу важно заразвојот на детските компетенции и вештини на справување со предизвиците со кои се соочува сега и во иднина.*** | таргет групи: <br> наставници-наставници, наставници-ученици, <br> наставници-родители | | ресурси | | учениците во создавање на позитивна слика за себе, што е многу важно за развојот на детските компетенции и вештини за справување со предизвиците со кои се соочува сега и во иднина |
| **Подрачје: Развивање на компетенциина наставниците за унапредување на менталното здравје на сите вклучени страни во училишната заедница** | | | | | |
| **Цел** | **Активности** | **Реализатори** | **Ресурси** | **Време на реализација** | **Очекувани резултати** |
| ***Едуцирање на наставниците за концептот на менталното здравје како неодвоив дел од општото здравје и детската добросостојба и неговото влијание врз развојот на детето, како и на многуте*** | Предавања на наставниците за важноста од нивното учествово унапредување на МЗ на учениците. <br> Работилници за развој на компетенции на наставниците за | Стручни соработници инаставници | Прирачникот Модул за унапредување на менталното здравје на адолесцентите во образовен контекст <br> Човечки ресурси, материјални | Во текот на цела учебна година | Едуцирани наставници за важноста на менталното здравје на адолесцентите врз нивниот развој. Едуцирани наставници за потребата од грижа за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***фактори на влијанија од системите на кои детето припаѓа и од кои зависи.*** | помош на ученици под стрес, и со тешкотии во регулирање на емоциите, анксиозноста /вежби со дишење,шкрабање, гужвање лист хартија, брзо движење, активно слушање, покажување внимание ипочит, истражувања и разговори за потребите, носење омилена играчка)...<br><br>Работилници на теми: вредности и доблести со учениците. | | ресурсо | | менталното здравје на сите членови на училишната заедница, вклучително и на нивнаставниците |
| ***Унапредување на комуникациски и другивештиниодпомош и поддршка на релацијанаставник-ученик*** | Работилници за развивање на вештини на позитивна комуникација активно слушање, користење позитивен фидбек, покажувањ епочит, оддавање признание, поттикнување на | Стручни соработници и наставници | Модул за унапредување на менталното здравје на адолесцентите, материјални и човечки ресурси | Во текот на цела година | Унапредени вештини кај наставниците за позитивна комуникација<br><br>Развиени специфични вештини за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | учество, градење можности за еднаквост на секое дете. | | | | помагање на учениците |
| ***Учество на родителите во надминување на одредени прашања . бариери/ поврзани со академскиот успех (неуспех) на учениците.*** | Воведување редовни психо-едукативни средби со родителите, со или без ученици, на теми поврзани со развојот на детето и неговите потреби<br><br>Активно вклучување на родителите во унапредување на менталното дравје и добросостојба на учениците.<br><br>Едукативни средби по барање на родителите, за теми што ги интересираат или загрижуваат | Стручни соработници и наставници | Модул за унапредување на менталното здравје на адолсцентите во образовен контекст<br><br>Материјални ресурси, човечки ресурси | Во текот на цела учебна година | Добивање активна родителска поддршка на иницијативите на учениците и наставниците, Остварување соработка со родителите и нивните специфични способности, вештини и таленти |
| **Подрачје: Развој на компетенции за ученичко учество кај учениците** | | | | | |
| **Цел** | **Активности** | **Реализатори** | **Ресурси** | **Време на реализација** | **Очекувани резултати** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Поддршка и развој на компетенциите за ученичко учество*** | Обукизаможниформи и начини на вклучување на учениците воодлучувањевоживотот на училиштето<br><br>Обукизаспроведување истражувања на темиодинтерес на учениците<br><br>Правила и процедуризаизбор на тема и споделување на наодите<br><br>Правила на донесување на одлуки и нивнареализација | Стручни соработници, наставници и ученици | Модул за унапредување на менталното здравје на адолесцентите во образовен контекст<br><br>Материјални ресурси, човечки ресурси,<br><br>Прирачници за демократско учество на учениците | Во текот на цела учебна година | Развиени компетенции кај учениците за ученичко учество<br><br>Донесенирегулативи на ниво на училиштезаподдршка на ученичкитеиницијативи и акции, соучество на ученици. |
| ***Поддршка на учениците за развивање на компетенции заученичко самоорганизирање и за процедурите за нивна реализација – клубови, настани, натпревари, соработка, уредување на просторот,*** | Анкетирање за проценка на интересите и можностите на училишнатазаедница<br><br>Протоколизасамоорганизирање<br><br>Избор на ментори | Стручни соработници, ученици,наставници, и ученичкиздруженија | Модул за унапредување на ментално здравје на адолесцентите во образовен концепт<br><br>Прирачник за ученичко демократско | Во текот на цела учебна година | Донесенирегулативи на ниво на училиштезаподдршка на ученичкитеиницијативиза формирање на ученички клубови, здруженија и сл., соучество на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***еколошки иницијативи, здравствено промотивни иницијативи*** | | | учество | | ученици. |
| ***Поддршкана учениците во развивање на компетенции за формирање на тимови за помош на ученици со разни видови потреби – деца со посебни потреби, долго отсутни деца заради болест, нови недоволно адаптирани ученици, помали ученици и др.*** | Работилници со учениците за важноста и значењето на формирање на тимови за помош и поддршка на ученици за разни видови потреби<br>Куси, редовниедукативнисредби, следење и подменторство на одделенскиот раководител, или стручен соработник | Групиученици, раководениоднаставник, иличлен на стручнатаслужба | Модул за унапредување на ментално здравје на адолесцентите во образовен концепт<br>Прирачник за ученичко демократско учество | Во текот на цела учебна година | Развиени компетенциикај учениците инивно сензибилизирањеза помош и поддршка на ученици со разни видови потреби |

Врз основа на Годишната програма за унапредување на менталното здравје, ќе се изготви месечна програма по подрачја.

За реализација на работилниците, вежбите и другите активности предложени во програмата, ќе се користи Модулот за унапредување на менталното здравје на адолесцентите во образовниот систе

## Прилог бр.37 План за организирање на акции
## (базари, хепенинзи, хуманитарнинастани, еколошкиакции)

| Ред.бр. | Вид на активноста | Цел на активноста | Учесници/ ученици | Време на реализација | Потребни средства/матер. | Задолжени наста.зареализ. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Хуманитарен концерт на училишниот оркестар преку проектот „Инклузија на деца со ПОП“ | Почитување на различноста,развивање чувство на хуманост и иницијативност | Ученици од шесто до деветто одд. | Септември | | Одделенски раководители Проф.по музичко Ване Кољушков |
| 2. | Хуманитарна активност : „Од нас, за нас“ (сите ученици донираат новогодишни пакети за своите другарчиња од соц. загрозени семејства) | Развивање чувство на хуманост кај учениците, одговорност и иницијативност | Учениците од прво до деветто одд. | декември | Прехрамбени продукти | Одделенските раководители |
| 3. | Велигденски хепенинг | Зајакнување на демократската клима во училиштето, подигнување на иницијатива кај учениците за преземање активности за позитивна промена | Учениците од шесто до деветто одделение | Една недела пред Велигден | Материјали за велигденски украси, јајца, колачи, кифлички, кошнички за јајца | Трајанка Колева, проф. по вештини за живеење и двајца родители од Советот на родители |
| 4. | Еколошка активност: „Спомениците се нашата историја – нашето богатство“ (чистење на графитите на Спомен | Подигање на свеста кај учениците за чување и одржувањеспомениците во нашата околина, развивање чувство на патриотизам и љубов | Учениците од осмо и деветто одделение(членови на еколошката и историската секција) | 21 март-Ден на екологијата | Средства за чистење, крпи | Одговорните наставници на секциите: Ружица Михова и Тони Митев |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | костурницата) | кон нашата историја | | | | |
| 5. | Хепенинг по повод Курбан Бајрам (учениците,заедно сосвоите наставници и родители)подготвуваат храна карактеристична затурската кујна | Развивање на чувство на заедништво кајучениците,помагање, соработка,емпатија | Учениците од петто додеветтоодделен и и членовите на Советот на родители, заедно со одделенските раководители од петто до деветто одд. | Една недела пред Курбан Бајрам | Продукти за приготвување на храната(за што ќе се погрижат родителите и наставниците) | Одд. раководители и родителите |

# Прилог бр.38 Програма за професионална ориентација за учениците од деветто одделение

***Генерална цел:***

- правилен избор на идното занимање на учениците од деветто одделение

**Конкретни цели:**

- правилно професионално информирање и советување, услов за правилен избор на занимање
- познавање на професија- правилен избор на истата
- познавање на своите можности и интереси
- соодветна реална проценка на своите способности
- навремено професионално информирање
- упатства и совети од родителите, значаен и влијателен фактор за избор на занимање
- влијанието на потесното и поширокото семејство, другарите и пријателите при избор на занимање
- влијанието на медиумската култура при избор на занимање

**Форми на работа:**
групна форма, индивидуална, панел дискусија, презентации

**Ресурси:**
извештај од анкета, информации од печатени медиуми, сознанија од следење на учениците, огласи од средни училишта, присуство на состаноци на Ученичката заедница

**Очекувани ефекти:**
Добиените сознанија и информации, учениците од деветто одделение, да ги искористат за правилен избор на занимање

**Програмски содржини**

- **Информирање и советување низ наставниот процес**
  - а) преку редовна настава по сите наставни предмети
  - б) преку содржини од часот на одделенската заедница
  - в) слободни ученички активности(литературни творби)
  - г) следење на активностите и успехот на учениците од прво до деветто одд.
  - д) интерес за одредени наставни предмети

- **Информирање и советување на учениците**

**а) личноста на ученикот со нејзините особини и црти**
- мотивација
- интереси и желби
- општите интелектуални способности
- специфични способности
- квантитет на знаења

**б) анкета за интересот на учениците**

**в) разговор во група, индивидуален разговор со учениците**
**г) разговор на ученици со лица со одредени занимања (запознавање со спецификите на одредено занимање)**
**д) организирање на литературни творби во училиштето**
**ѓ) медиумска култура**
**е) разговор по објавен конкурс за мрежата на средни училишта**
**- критериум за избор**
**- услови за запишување**
**- потребни документи**
**- конкурсни рокови**
**ж) посета на средни училишта**

- **Информирање на родителите**

а) пленарна активност(родителска средба, контакт на родителите со лица со карактеристични занимања)
б) групна и индивидуална работа со родители

**Редослед на активностите**

- Активности со Ученичкиот парламент, дебата на тема:„ Личноста како интегрална организација на особини и способности“
- Спроведување анкета со цел да се видат интересите на учениците од деветто одделение (двапати во годината, во декември за потребите на локалната самоуправа и април, за наши потреби)
- Анализа на одговорите од анкетниот лист
- Групна и индивидуална работа со ученици, родители и наставници
- Пленарна активност со ученици (средба со личност со одредени занимања)
- Групна и индивидуална работа со ученици и родители
- Пленарна активност со родители(средба на родителите со лица со одредени занимања)
- Разгледување на конкурсот за упис во средно училиште
- Разговор со професори од средни училишта
- Посета на средни училишта од општината

# Прилог бр.39 Процедура за откривање и грижа на учениците со емоционални потешкотии

Процедурата за откривање и грижа на учениците со емоционални потешкотии на ООУ “Маршал Тито” Струмица, опфаќа:

- **Идентификација на учениците со емоционални потешкотии од страна на стручната служба на училиштето, преку:**
- Опсервација на учениците
- Инструмент за идентификација на ученици со проблеми во однесувањето и остварувањето на социјални врски
- Инструмент за идентификација на ученици со емоционални проблеми

- **Активности кои го поттикнуваат емоционалниот развој на учениците со емоционални потешкотии:**

- ***Активности со учениците***
- Примена на психолошки инструменти: ЕГО-опис, Купер-Смитов тест на самодоверба, тест за одредување на квалитетот на семејната интеракција и сл.
- Индивидуални разговори со учениците со емоционални проблеми
- Психолошки работилници со учениците со емоционални проблеми:
    - Работилница за препознавање и справување со сопствените емоции
    - Работилница за воспоставување на позитивни цели
    - Работилница за донесување одговорни одлуки

- Работилница за воспоставување и одржување на добри интерперсонални односи
- Психолошки работилници со соучениците

***Активности со наставниците***

- Поддршка на наставниците за идентификација на ученици со емоционални проблеми
- Поддршка на наставниците за работа со ученици со емоционални проблеми

***Активности со родителите***

- Работилници со родителите на учениците со емоционални проблеми:
- Поттикнување на емоционалниот развој на децата
- Поуспешна комуникација меѓу родителот и детето
- Запознавање со стиловите на родителство и нивните ефекти врз развојот на детето
- Индивидуални разговори со родителите на учениците со емоционални проблеми
- Посета на семејствата на учениците со емоционални проблеми.

**Соработка со институции**

Доколку има потреба, стручната служба на ООУ “Маршал Тито” - Струмица ќе соработува со Центарот за социјални работи, МВР-Струмица и други релевантни институции.

# Прилог бр.40 План на активности за унапредување на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите, за учебната 2025/26 г.

| *Подрачје* | *Активности* | *Кратокопис на активноста* | *Реализатори* | *термин* |
|---|---|---|---|---|
| **Соработка на наставниците на професионален план** | Планирање на наставата(годишни, тематски и дневни)<br>-изготвување наинструменти за оценувањето, тестови за учениците.<br>-меѓусебна посета начасови(набљудув. на час.)<br>-реализација на заеднички МИО часови | Наставниците од двата наставни јазика(македонски и турски) пред почетокот на учебната година согласно насоките на Бирото за развој на образованието и МОН заеднички ги изготвуваат планирањата.Наставниците заеднички планираат и реализираат МИО часови, согласно Упатството за организирање и реализирање на заеднички часови по следните предмети: англиски во корелација со ликовно образование, англиски во корелација со физичко образование, ликовно образование во корецијa со општество(пролетта во мојот крај-второ одд.),општество во корелација со ликовно образование сообраќај-(второ одд.) и општество и ликовно образование (изработка на календар на празници- второ одделение), македонски јазик, во корелација историја во шесто одд.(Наст.содрж. Потекло на | Наставниците од двата наставни јазика во одделенска настава и наставниците по одделенија во предметна настава | 15 -31 август,<br>во текот на цела година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | македонскиот јазик), во седмо одд. македонски јазик во корелација етика, наст. содржина: Да користиме убави зборови.<br>Граѓанско образ во корелација со етика: Припадност кон заедниците(Придобивки од живеење во заедниците,<br>Граѓанско образ. со етика: Конфликти и видови конфликти,<br>Етика во корелација со биологија: Еколошка етика<br>Етика во корелцаија со македонски јазик: Добро однесување<br>МИО активност хортикултурно уредување<br>на училишните простории(етика во корелација со биологија)<br>Интернет етика(етика во корелација со информатика)<br>Македонски јазик во корелација со запознавање со религии:Предности и прифаќање на разликите меѓу луѓето | | |
| **Проекти со локална заедница** | Организирање на „Саем на здрава храна“ заедно со учениците од ООУ Сандо Масев, ООУ Никола Вапцаров и ООУ Видое Подгорец (со балансиран број на ученици од турска и македонска етничка | Хуманитарните акции се состојат во донирање на прехранбени производи на ученици од социјално загрозени семејства<br>Саемот на храна ќе се организира по повод „Светскиот ден на здрава храна“, а ќе биде на градскиот плоштад „Гоце Делчев“ -Струмица | Во овие активности се вклучени наставници од одделенска настава на двата наставни јазика, заедно со нивните ученици. | Октомври, декември, март,<br><br>Ден на здрава храна |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | заедница), а во соработка со Младински совет - Струмица | | Во организирањето на Саемот на храна ќе се вклучени ученици од4 паралелки од трите училишта, наставници и нивните родители | |
| **Застапеност на мултикултурна иконографија** | Изработка на ѕидни весници од истражување на тема: "Значајните личности во нашиот град". Истакнување на изработки на лични и заеднички творби на ученици на двата наставни јазика, истакнување на соопштенија на двата наставни јазика | Учениците од новинарската секција и млади истражувачи во рамки на редовната настава ќе вршат истражување на значајните личности во градот од двете етнички заедници (македонска и турска). Група од мешан состав на ученици и наставници ќе посетуваат семејства на познати личности, од двете етнички заедници ќе разговараат со нив ,ќе собираат податоци и ќе направат изложба во холот на училиштето која ќе ја збогати и направи мултикултурна иконографијата во училиштето. | Наставници по музичко образование, македонски и турски јазик и учениците од шесто и седмо одделение | Ноември, декември, јануари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Соработка со родители** | Родителите ќе бидат вклучени и во двете МИО активности: „Саемот за храна“ и во истражувањето на тема: „Значајните личности во нашиот град“,.<br>Вклучувањето на родителите во двете МИО активности ќе започне одпланирањето до реализација на истражувањето. | Родителите ќе бидат вклучени во „Саемот на храна“ директно со подготовка на храна карактеристична на својата заедница(македонска и турска).<br>Учество во истражувањето на членовите на новинарската секција, присуство на приредби и прослави на училиштето, обезбедување на финансиска поддршка на училиштето за организирање на заеднички активности | Членовите на Тимот за меѓуетничка интеграција во училиштето, одговорните наставници на новинарската секција, стручните соработници, одделенските раководители | Септември, октомври, декември, март |
| **Заеднички краткотрајни активности** | Посета на детските градинки(деца голема група) во општината и промоција на училиштето „Маршал Тито“ -Струмица, со делење на промотивен материјал заучилиштето(за успесите на учениците од училиштето во текот на годината, за богатството од заеднички активности кои се реализираат помеѓу учениците од двете етнички заедници | По повод Светскиот ден на детето-Ноември, и донесување на конвенцијата за правата на децата група ученици од мешан етнички состав ќе ги посетат градинките, едно да го промовираат училиштето, друго да ја подигнат свеста кај другите започитување направата кај сите деца без разлика на нивната етничка припадност. | Наставници од двете етнички заедници | Октомври, ноември |
| **Следење и самоевалуација на училиштето (обезбедување на квалитет и водење на професионално портфолио)** | Координаторот на СИТ-от и членовите ќе ги следат планирањата и реализацијата на МИО активностите, како и заедничките часови во рамките на редовната | Следењето ќе се врши интерно преку инструмент за интерно следење на МИО активности, преку посета на заеднички часови и нивно следење со чек листа за следење на заеднички часови, присуство на одредени активности, | Директорот и сите наставници и стручни соработници кои се членови на Тимот за меѓуетничка | Во текот на целата учебна година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | настава, воннаставните активности во училиштето, | посета на воннаставните активности и др. | интеграција, | |
| **Промоција на реализираните активности** | Промоција на сите заеднички реализирани МИО активности и заеднички часови со наставниците и учениците од мешан етнички состав | Во холот на училиштето пред сите наставници, родители и ученици со присутни гости од партнер училиштата, локалната самоуправа и заедницата и во присуство на локалните медиуми ќе се промовираат сите самостојни и заеднички активности, како и заеднички часови кои ги реализирале наставниците.На денот на промовирањето ќе се направи и кратка прошетка низ училишните холови(први и втори спрат), за да се видат резултатите од активноста на учениците од новинарската секција и млади истражувачи за истражување на значајните личности во градот од двете етнички заедници (македонска и турска).<br>За промотивниот настан ќе се направат двојазични покани. Исто така промоцијата на заедничките активности ќе биде најавена и поставена на Веб страната на училиш. | Сите учесници во заедничките активности и заедничките часови. | На Патронотнаучилиштето |

## Прилог бр.41 Воннаставни активности во наставата по граѓанско образование
### за реализација на проектот „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“

Наставните предмети ***Граѓанско образование*** се директно поврзан со теми во врска со демократијата и со развојот на граѓанскиот систем, со чија помош учениците се едуцираат како да бидат добри граѓани. Во споменатите наставни предмети, сепак можеме да констатираме дека нема дел ниту посебна содржина кои се однесуваат на антикорупциската борба.

Проектот „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“ има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри, и истакнувајќи ги позитивните примери, ученикот опфатен во проектот ќе може да ја препознае корупцијата и да се заштити од оваа негативна општествена појава.

Со мотото **„Корупција - ја сечеш гранката на која што седиш“** се објаснува дека корупцијата не познава пол, вероисповед, нација, професија, возраст, граници, степен на образование, нагласувајќи дека таа е негативен дел од денешницата и од неа треба да се заштитиме.

**Целите** кои ги вклучува програмата за антикорупциска едукација, посветена на учениците од основните училишта, е тие да бидат запознаени со одредени поими, односно преку одредени активности да разберат за корупцијата и антикорупцијата, да анализираат ситуации, личности и настани поврзани со корупцијата, да се стават во друга ситуација и преку совладување на материјата да станат активни граѓани, коишто ќе придонесат кон развојот на модерното демократско општество.

**Програмата за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта ќе опфати:**

а) предавања за запознавање на учениците со поимите, можностите за заштита и превентивно делување кон корупциските активности;
б) работилници за антикорупциска едукација на учениците, со чија помош истите ќе бидат ставени во активна ситуација, во која ќе земат учество;
в) пополнување на прашалници од учениците пред почетокот на проектот и по неговото завршување;
г) запознавање на пошироката јавност со активностите поврзани со борбата против корупцијата преку работата на учениците;
д) организирање на натпревар за учениците за најдобра творба поврзана со антикорупциската едукација;
ѓ) антикорупциска едукација на наставниците, коишто ќе го спроведуваат проектот во основните училишта, но и на оние коишто работат секојдневно со учениците;
е) покана и учество на личности поврзани со борбата против корупцијата.

Сите активности во проектот за учениците ќе им бидат прикажани на соодветен начин, односно на јазик и стил прифатлив за нивната возраст. Со различни интерактивни ангажмани, учениците ќе бидат ставени во активна улога, кои ќе имаат цел позитивно да влијаат на нив, и од нив да направат активни граѓани кои се носители на позитивни вредности.
Бидејќи во образованието програмите се целни, целите ќе заземат соодветно место во оваа програма, односно во проектот **„Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“**.

Исто така, нагласуваме дека целите се разработени преку т.н. „Блумова таксономија“, односно при одвивањето на програмата ќе бидат развиени три нивоа на планирање, реализирање и повратен одговор.

Трите нивоа се:
а) разбирање или препознавање - проста репродукција на знаења, како најниско ниво;
б) сфаќање или разбирање на поими, настани и сл., - како повисоко ниво кое бара мисловна активност на ученикот и

в) повисоки нивоа на знаења (анализа, синтеза и др.) - како највисоки нивоа на знаења, во кои ученикот ќе треба да употреби сложени мисловни процеси. На вонпаставните часови ќе сработиме три работилници во кои ќе ги опфатиме учениците од седмо и деветто одделение при ООУ “Маршал Тито“ - Струмица.

**Целта на овој проект е:** Ученикот / ученичката е потребно:
- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да се запознае што значи „одлевање на социјален притисок“;
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и
-да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Македонија.

| Содржина | Цели | Вид на активност | Активности |
|---|---|---|---|
| Предзнаења за корупција и антикорупција | Да се согледаат предзнаењата на учениците | Прашалник за учениците | Пополнување на прашалникот од страна на учениците |
| Причини и последици од корупцијата | -Да се запознаат со поимитекорупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност;<br><br>-да знаат за облиците во кои може да се појави | Работилница | Говорна активност;<br><br>дискусија;<br><br>кусо предавање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;<br><br>-да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | | |
| Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција | -Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност;<br>-да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;<br>-да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата;<br>-да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството;<br>-да ја сфатат улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република СевернаМакедонија и механизмите преку кои таа делува | Предавање и вежби | Предавање; powerpoint презентација; дискусија; крстозбор |
| Активна борба против корупцијата | -Да се запознаат што значи „одлевање на социјален притисок“;<br>-да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;<br>-да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата;<br>-да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Работилница | Говорна активност;<br><br>дискусија;<br><br>кусо предавање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Активна борба против корупцијата: постери | -Да анализираат како и каде може да се појави корупцијата и како може да се спречи истата;<br>-да се стават во ситуација во која ќе имаат активна улога, преку која ќе разберат за антикорупцијата и за потребата од едукација; да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за развојот на граѓанската култура во современото општество | Работилница | |
| Утврдување на знаењата за корупцијата и антикорупцијата | Да се утврдат знаењатана учениците; да се види дали учениците научиле од проектот *„Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“* | Прашалник за учениците и активности за повторување | Пополнување на прашалникот од страна на учениците |

Одговорни наставници за реализацијата на овој проект се наставниците :

м–р Трајанка Колева и Ружица Михова

## Акциски план за Отворен ден по граѓанско образование во ООУ „МаршалТито“ - Струмица, за учебна 2025/2026год.

Со цел - зајакнување на демократската клима во училиштето, во текот на првото полугодие од учебната 2025/ 2026 година, шести пат ќе се спроведе Отворен ден за граѓанско образование чија намена е да се поттикне одговорноста кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницатаи да се зајакне нивната иницијативност за преземање активности за позитивна промена. Истовремено, активноста ќе придонесе во промоција на граѓанскитеетички вредности на ниво на целото училиште и поврзување на училиштето со пошироката заедница.

| | Година 2025 / 2026 | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Временска рамка | | | | | Следење | | | |
| **Задача** | **Активност** | **9** | **10** | **11** | | **Носител** | **Начини на спроведување (ресурси)** | **Очекувани резултати** | **Одговорни лица** | Буџет |
| **Дел 10: Вонланставни активности** | **Хуманитарна акција** | X | X | X | | Училишно раководство<br>Стручна служба<br>Наставник по ГО<br>Наставник по Етика<br>Ученици | Собирање финансиски средства (финансиска поддршказа лекување на социјално загрозени деца од училиштето и општината) - оваа активност ќе се реализира почнувајќи од втора половина на ноември и прва половина од декември.<br>Листи на учество, фотографии.<br><br>Ученици<br>Родители<br>Извештај од собраните средства ќе биде презентиран на Отворениот ден на ГО 28.5.2026 година(четврток) | Поттикнување на одговорност и иницијативност кај учениците<br>Промоција на граѓанските етички вредности (помагање,соработка,емпатија, ,толеранција)на ниво на целото училиште<br>Развивање на хуманоста и зголемување на свесноста за волонтирање и помагање | Училишно раководство<br><br>Стручна служба<br>Наставник по граѓанско обр. | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Дел 11: Поддршка на ученици** | **Креативна работилница – ученици на различни јазици ќе творат на тема ненасилство** | X | X | X | | Училишно раководство<br>Стручна служба<br>Наставник по ГО<br>Наставник по Етика<br>Наставници од јазично подрачје<br>Ученици од ученичкиот парламент<br>Тимот за МИО активности | Учениците ќе изработуваат цртежи, творби, пораки за ненасилство на три различни јазици(работилница со учениците)<br>Хамери, фломастери, боици, ножици, листови хартија, лепило, колаж/самолеплива хартија<br>Работилницата ќе биде реализирана во текот на Детската недела–прванедела во октомври па се до прва недела на декември.<br>Доделување на симболични награди за учесниците на работилницата и презентација на детскитетворби ќе се реализираат на Отворениот ден на ГО 28.5.2026 година | Позитивно социо-емоционална клима<br><br>Промовирање на мулти-културализмот во училиштето и унапредување на меѓуетничката интеграција | Училишно раководство<br>Стручна служба<br>Наставник по ГО<br>Наставници од јазично подрачје<br>Наставници по ЛО<br>Одделенски наставници<br>Тимот за МИО активности | |
| **Дел 11: Поддршка на ученици** | **Истражување засајбернасилство ,презентација за сајбернасилство,дискусија** | X | X | X | | Училишно раководство<br>Стручна служба - психолог<br>Наставник по ГО<br>наставник по Етика<br>Наставник по информатика<br>Ученици | Спроведување анкета меѓу учениците од VII до IX за насилство, сајбернасилство и неетичко однесување во училиштето и на социјалните мрежи меѓу врсниците<br>Анализа од спроведена анкета (статистички податоци)<br>Во втора недела во месец мај<br>Хартија (А3 и А4), компјутери, принтер, проектор<br>Листи на учество, фотографии<br>Изработка на постер<br>Презентација на резултатитеоданкетатанаОтворениот ден на ГО 28.5.2026 година | Информираност што е насилство а што сајбернасилство,негативните последици од насилство и подигнување на свесноста за штетното и неетичко однесување во училиштето и на социјалните мрежи(дискусија со примери) | Училишно раководство<br>Стручна служба-психолог<br>Наставник по ГО<br>Наставник по информатика | |

**Главна тема на отворен ден**: Конфликти, видови конфликти и нивно решавање(ppt изготвена од учениците) реализацијана 28.5.2026 година Реализатори учениците од ООУ „Маршал Тито“ Струмица под менторство на професор: м-р Трајанка Колева.

# Прилог бр.42 Програма за реализација на ученичките екскурзии

## ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕДНОДНЕВНА НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ВО III ОДД. ВО ООУ,, МАРШАЛ ТИТО“- СТРУМИЦА

**ВО УЧЕБНАТА 2025/2026г.**



Место на изведување: Скопје
Време на изведување : октомври 2025 – мај 2026 г.

**Врз основа на член 42 став(2) од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМакедонија, бр.161/19 г.)и Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, излети и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-10853/1 од 04.08.2025 г. Стручниот тим при ООУ ,, Маршал Тито“ - Струмица , во состав**

м-р Благица Устапетрова – директор
Љубинка Цветанова – одделенски раководител
Махмуре Тахир – одделенски раководител
Даниела Делева – психолог

Изготви

**ПРОГРАМА**
**за наставно-научна екскурзија за учениците од III одделение**
**на деветгодишно основно образование**

Основното училиште „Маршал Тито” -Струмица, со учениците од **III** одделение во учебната 2025/2026 година планира да изведе еднодневна екскурзија во Скопје во октомври 2025 година или мај 2026 година

**ПОДАТОЦИ ЗА ЕДНОДНЕВНАТА ЕСКУРЗИЈА**

**Цели**

- Продлабочување на основните знаења за историските настани, појави, процеси и личности од националната историја
- Запознавање со главниот град на РС Македонија

- да се цени културното наследство на својот народ, а со тоа и на другите народи
- Чување, негување и презентирање на културните вредности
- Развивање љубов кон татковината и нејзините вредности
- Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики
- Развивање позитивна социоемотивна клима меѓу учениците.

**Времетраење:**

Излетот со забавно – рекреативен карактер, ќе се реализира во времетраење од еден ден.

**Локации за посета и правци на патување**
Струмица- Скопје
Поаѓање во 08:00 часот од училиште. Пристигнување во Скопје околу 10 часот. Посета на кањонот Матка и разгледување на природните убавини на Матка. Потоа посета на Скопско Кале па спомен куќата на Мајка Тереза. Околу 14:00 часот е планиран ручек во центарот на градот. Разгледување на центарот на градот .Посета на Аеродромот Александар Велики..
Враќање во попладневните часови, околу 18:00 часот, во училиштето.

**Техничка организација**
Високо квалитетни климатизирани автобуси со турситички водач и присуство на лекар

**Начин на финансирање**
Наставно-научната екскурзија ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми.
За безбедноста на учениците ќе се грижат одделенските раководители на третите одделенија.

**Кодекс на однесување на учениците:**

Задолжително почитување на Законите на РС Македонија, достојно претставување на своето училиште, градот,забрана за консумирање алкохол и други недозволиви супстанции, забрана за нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување и нанесување на материјална штета и забрана за одддалечување од групата.

Стручен тим за подготовка Програмата
за наставно-научна екскурзија
м-р Благица Устапетрова – директор
Љубинка Цветанова – одделенски раководител
Махмуре Тахир – одделенски раководител
Даниела Делева – психолог

## ПЛАНИРАНА НАСТАВА ВО ПРИРОДА ЗА V ОДД.
## ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 година

- ООУ „МаршалТито" - Струмица
- Место на престој- Струга
- Време на реализација-Октомври 2025 – Мај 2026 год.
- Учесници-учениците од V одд. од ООУ,, Маршал Тито" -Струмица
- Релација– Струмица - Струга
- Место на тргнување-во училишниот двор на ООУ „Маршал Тито" – Струмица
- Превоз и патување-превозот на учениците ќе се врши со автобус

Цели на планираната екскурзија:

- запознавање со природните убавини во Западна Македонија;
- проширување и продлабочување на знаењата на учениците за културното наследство на словенскиот народ;
- развивање свест за негување и чување на културното богатство;
- развивање на другарството меѓу учениците;
- поттикнување за истражувачки активности;
- примена на знаењата и искуствата во секојдневниот живот;

Оваа планирана екскурзија е предвидена да се реализира во месец октомври 2025 година или во периодот април-мај 2026 година.

| ПРВ ДЕН | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Место на реализација** | **Активности** | **Време на реализација** |
| -Учениците да се запознаат со изворот на најголемата река во РМ -реката Вардар;<br><br>- Воочување на силата на водата која извира од еден извор;<br>- Разгледување и уживање во овој предел од својата татковина кој е богат со многу шуми и природни убавини. | с. Вруток во Гостиварската област од Западна Македонија | - Целосно разгледување на пределот околу изворот и објаснувања од страна на вработените кои го надгледуваат секојдневно изворот;<br><br>- Самостојно творење поезија на тема „Силата и убавината на реката Вардар“. | Утрото, во претпладневните часови |
| - Запознавање на учениците со вештачкото Мавровско Езеро и воочување на неговата големина, околина и воочување на мрестилиштата на Мавровската пастрмка;<br>- Патување по текот на реката Радика и воочување на големината на реката и околината која е богата со пасишта;<br>- Повторување на карактеристиките на високите планини. | По текот на реката Радика и Мавровското Езеро | - Живописна прошетка по течението на реката Радика и Мавровското Езеро со својот автобус;<br>- Кратко застанување во прекрасната природа и фотографирање на учениците за изработка на мал фото албум од овој прв ден од екскурзијата;<br>- Пишување описи на природата во овој период од годината и изработување книга. | Пладне, рано попладне |

| ВТОР ДЕН | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Место на реализација** | **Активности** | **Време на реализација** |
| - Запознавање на учениците со областа која неодамна е пронајдена и отворена како археолошко наоѓалиште и сведок на нашата богата историја и постоење;<br><br>- Откривање и проширување на новите знаења за оваа област;<br><br>- Разгледување на фреските и иконите во црквата Св. Наум. | Посета на ,,Заливот на коските,, и Св. Наум | - Читање на интересни текстови, преданија и легенди кои народот ги напишал како народни мудрости;<br><br>- Прошетка и разгледување на околината. | Попладне |
| ТРЕТ ДЕН | | | |
| - Разгледување на учениците со стариот дел на градот Охрид каде припаѓаат многу манастири, амфитеатри и големата Самуилова тврдина;<br><br>-разгледување на гробниците на учителите на словенскиот народ;<br><br>- Вредноста од постоењето на сите локалитети во стариот град кои се сведоци многу илјадници години за нашето постоење | Посета на Канео, Плаошник, Самуиловата тврдина и Амфитеатарот | - Фотографирање на стариот дел од градот Охрид;<br>- Купување по некој сувенир;<br>- Посета на малата плажичка во областа Канео и мала разонода покрај брегот на Охридското Езеро. | Претпладне |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Разгледување на старата чаршија во Охрид;<br><br>-Именување на старите занаети кои се сретнуваат во чаршијата;<br>- Разгледување на архитектурата на куќите во овој дел од градот. | Посета на чаршијата во Охрид | - Водење конструктивен разговор со учениците;<br><br>- Илустрација на Охридската чаршија;<br>- Пишување кратки состави од ова разгледување и интересно поминат ден заедно со своите другарчиња. | |
| **Четврти ден** | | | |
| **Цели** | **Место на реализација** | **Активности** | **Време на реализација** |
| - Разгледување на изворот на реката Црни Дрим;<br>- Воочување како реката се влева во Охридското Езеро. | Посета на изворот на реката Црни Дрим во градот Струга | - Разговор со жителите на Струга;<br>- Прошетка по кејот на реката. | Попладне |
| **Петти ден** | | | |
| - Именување на старите занаети кои се уште постојат во Струшката чаршија;<br>- Вреднување и ценење на рачните изработки на различни предмети. | Разгледување на Струшката чаршија | - Прошетка;<br>- Разговор со занаетчиите;<br>- Купување на некој сувенир како спомен. | Претпладне |

**Сместување**

Сместување ќе се реализира во еден од хотелите: „Десарет”, „Славија“, „Бренд“, „Метропол“, „Бетон” кои се наоѓаат во Охрид, а кои објектите ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни за сместување на учениците, (

двокреветни и трокреветни соби) содржат добро организирани простори за одржување на личната хигиена и располагаат со соодветни трпезарии и другите пропратни простории за пријатен престој на учениците, со спортски објекти и терени се во непосредната околина и истите ќе придонесат за непречено реализирање на спортско рекреативните активности, утринската гимнастика, спортските натпреварувања меѓу учениците и располагаат со простории за културно забавен живот на учениците.

**Техничка организација**

Високо квалитетни климатизирани автобуси со турситички водач и присуство на лекар

**Начин на финансирање**

Наставно-научната екскурзија ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми.
За безбедноста на учениците ќе се грижат одделенските раководители на третите одделенија.

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:**

Учениците да се запознаат со убавините и историјата на својата татковина и истите да ги негуваат и почитуваат. Стекнатите знаења да ги продлабочат, утврдат, прошират и збогатат, како и да се здобијат со нови знаења и искуства. Да стекнат конкретна претстава за некои изучени поими. Кај учениците да се развива другарството, меѓусебното помагање и соработка.

**Кодекс на однесување на учениците:**

Задолжително почитување на Законите на РС Македонија, достојно претставување на своето училиште, градот,забрана за консумирање алкохол и други недозволиви супстанции, забрана за нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување и нанесување на материјална штета и забрана за одддалечување од групата.

Стручен тим:

м-р Благица Устапетрова – директор
Тања Горгиева – одделенски раководител ,
Мерал Салиова Ахмедова – одделенски раководител
Даниела Делева – психолог

## ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДВОДНЕВНА НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА VI ОДД.
**ООУ,, МАРШАЛ ТИТО“ СТРУМИЦА**
**ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 г.**

Место на изведување: Крушево
Време на изведување : октомври 2025- мај 2026 г.

**Врз основа на член 42 став(2) од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМакедонија, бр.161/19 г.)и Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, излети и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-10853/1 од 04.08.2025 г. Стручниот тим при ООУ ,, Маршал Тито“ - Струмица , во состав**

Стручен тим:
м-р Благица Устапетрова - директор
Даниела Делева - психолог
Валентина Христова – одделенски раководител
Соња Ивановска – одделенски раководител

ИЗГОТВИ

**ПРОГРАМА**

**за наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение**
**на деветгодишно основно образование**

Основното училиште „Маршал Тито”- Струмица, со учениците од VI одделение за учебната 2025/2026 година планира да изведе дводневна екскурзија во Крушево во есен 2025 година или пролет 2026 година

**ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНО-НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА**
**ДВОДНЕВНА НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА VIОДДЕЛЕНИЕ ЗА**
**УЧЕБНАТА 2025 / 2026 ГОДИНА**

**Време на реализација: октомври 2025/мај 2026 г.**
**Учесници:** ученици од VI одделение од ООУ„ Маршал Тито“-Струмица
**Релација:** Струмица- Прилеп - Крушево- Скопје- Струмица
**Место на тргнување:** училишниот двор на ООУ„ Маршал Тито“-Струмица
**Превоз и патување:** превозот на учениците ќе се врши со автобус

**ПОДАТОЦИ ЗА ЕКСКУРЗИЈАТА**

**Цели на екскурзијата**

- повторување и утврдување на стекнатите знаења,
- стекнување на суштински систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста
- изградување на вредносен систем на однесување кон својот народ и државата, кон другите народи и држави
- продлабочување на интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси .
- чување, негување и презентирање на културните вредности
- социјализација и осамостојување

*ВРЕМЕТРАЕЊЕ*

Наставно-научната екскурзија “Дводневна научна екскурзија” за VI одделение ќе се реализира во времетраење од два дена.

*ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ*

***1 ДЕН***

-Поаѓање во 8 часот
***- Струмица – Стоби -Прилеп - Крушево***
Стоби – посета на античкиот град

Прилеп - Посета на Горен град и Маркови Кули
Крушево – Посета на спомен куќата на Тодор Проески , споменик Македониум и спомен Мечкин Камен ,сместување во хотел во Крушево и вечера и разгледување на градот.

***2 ДЕН***

***Крушево – Скопје - Струмица***

*-Појадок во Крушево и напуштање на хотелот во 10:00 ЧАСОТ И ТРГНУВАЊЕ ЗА Скопје.*
*Скопје – Посета на кањонот на Матка , спомен куќата на мајка Тереза , Музејски комплекс „Македонска борба“ , Меморијален музеј на Холокаустот .*
- Ручек во ресторан во Скопје во центарот на градот, посета на трговскиот центар Веро .

Посета на аеродромот Петровец и тргнување во вечерните часови за Струмица.

Содржина и активности

**1 Ден**

| Р.б. | Наставни цели | Место на реализација | Активности | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | -Учениците да се запознаат со културно- историските вредности<br>-Да воочат различни градби и култури | Стоби, Прилеп | Стоби – посета на античкиот град<br>Посета на Горен град и Маркови Кули | 10: 00 - 15:00 часот |
| 2. | Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на татковината. | Прилеп Крушево | Крушево – Посета на спомен куќата на Тодор Проески , споменик Македониум и спомен Мечкин Камен | 16:00 – 18:00 |
| 3. | -Учениците да применуваат правила за убаво однесување при сместување и културно однесување при јадење и во хотелот | Сместување во хотел | Сместување во хотел во Крушево и вечера и разгледување на градот. | Во вечерните часови |

**2 Ден**

| Р.б. | Наставницели | Местонареализација | Активности | Временареализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | -Проширување на знаењата на учениците<br>–Развивање на позитивен однос кон националните , културните и естетските вредности –Воспоставување ,развивање на пријателство меѓу учениците | Крушево | Појадок во Крушево и напуштање на хотелот во 10 :00 часот и тргнување за Скопје | 08:00-10:00 |
| 2. | - Запознавање со културните и верски вредности<br>- Посета на музеи | Скопје | -Посета на кањонот на Матка, спомен куќата на мајка Тереза, Музејски комплекс Македонска борба, Меморијален музеј на Холокаустот<br>- Ручек во ресторан во Скопје во центарот на градот , посета на трговскиот центар Веро | - 12:30 до 16:30 |
| 3. | Изучување и истражување на објекти | Скопје | Посета на аеродромот Петровец и тргнување во вечерните часови за Струмица. | 17:00 – 18:30<br>18:30 тргнување за Струмица |

**СМЕСТУВАЊЕ**

Сместување ќе се реализира во еден од хотелите кои се наоѓаат во градот Куманово, а кои објектите ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни за сместување на учениците, (двокреветни и трокреветни соби) содржат добро организирани простори за одржување на личната хигиена и располагаат со соодветни трпезарии и другите пропратни простории за пријатен престој на учениците, со спортски објекти и терени се во непосредната околина и истите ќе

придонесат за непречено реализирање на спортско рекреативните активности, утринската гимнастика, спортските натпреварувања меѓу учениците и располагаат со простории за културно забавен живот на учениците.

**Техничка организација**
Високо квалитетни климатизирани автобуси со турситички водач и присуство на лекар

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ
Наставно-научната екскурзија ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите. Наставно-научната екскурзија ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми.
За безбедноста на учениците, покрај одделенските раководители на шестите одделенија.

**Кодекс на однесување на учениците:**

Задолжително почитување на Законите на РС Македонија, достојно претставување на своето училиште, градот,забрана за консумирање алкохол и други недозволиви супстанции, забрана за нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување и нанесување на материјална штета и забрана за одддалечување од групата.

Стручен тим:
м-р Благица Устапетрова – директор
Даниела Делева- психолог

Валентина Христова – одделенски раководител
Соња Ивановска – одделенски раководител

## ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТРИДНЕВНА НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА – IX ОДД.

**ООУ,, МАРШАЛ ТИТО“ СТРУМИЦА**
**ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 г.**

Место на изведување: Охрид
Време на изведување: октомври2025- мај2026г.

**Врз основа на член 42 став(2) од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМакедонија, бр.161/19 г.)и Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, излети и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-10853/1 од 04.08.2025 2025 г. Стручниот тим при ООУ ,, Маршал Тито“ - Струмица , во состав** :

Благица Устапетрова – директор
Трајанка Колева– одделенски раководител
Билјана Пујуклиева – одделенски раководител
Даниела Делева-психолог

Изготви:

**ПРОГРАМА**
**за наставно-научна екскурзија за учениците од IX одделение**
**на деветгодишно основно образование**

Основното училиште „Маршал Тито” Струмица, со учениците од IX одделение на деветгодишно основно образование во учебната 2025/ 2026 година планира да изведе тридневна екскурзија во Охрид во есен 2025 година, или пролет 2026 година

## ПОДАТОЦИ ЗА ЕКСКУРЗИЈАТА

**Цели на екскурзијата:**

- совладување и проширување на знаењата на учениците
- истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот
- запознавање сокултурно-историските знаменитости
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на државата
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата
- поттикнување  развој на самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита
- Поттикнување на позитивни чувства( успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување на знаења, трајност на стекнати знаења)

**Содржини и активности:**

**Времетраење**

Наставно-научната екскурзија со воспитно-образовен карактер за учениците од IX одделение на деветгодишно основно образование, ќе се реализира во времетраење од три дена .

**Содржини и активности:**

**Прв ден**

**Поаѓање од училиштето во 8 часот наутро.**

Струмица(преку Валандово) -Прилеп –Битола-Охрид

**Ноќевање во хотел(Охрид)**

**Прв ден**

**-** Посета на градот Прилеп- Посета на Горен град и  Маркови  Кули, манастир „Успение на пресвета Богородица“ во с. Трескавец.

- Посета на градот Битола- Хераклеја и Национален Парк Пелистер .

-Пристигнување во доцните попладневи часови во Охрид и сместување во хотел;

**Втор ден**

**Охрид-Струга - Охрид**

- Охрид – посета на „Самоиловата тврдина“, „Плаошник“, „Св. Софија“, антички театар „Лихнидос“, Струга – „Природно научен Музеј“ ,посета на „Вевчанските извори“ во Вевчани
-Ноќевање во хотел(Охрид)

**Трет ден**

Охрид -Скопје- Струмица

Скопје(„Музеј на холокауст“, Музејски комплекс „Македонска борба“ , „Спомен куќа на Мајка Тереза“, „Стара чаршија“ и посета на „Кањонот на Матка“ и манастирот „Св. Андреј“.

Враќање во Струмица во вечерните часови.

## Сместување

Хотелите ,,**Десарет” – „Славија“ – „Бренд**“,- „**Метропол“ „Бетон**“, „**Амбасадор“** се наоѓаат во градот Охрид. Објектите ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на објектот. Хотелот располага со доволен број на соби ( двокреветни и трокреветни ) за да се сместат учениците, содржи добро организиран простор за одржување на личната хигиена. Хигиената во објектот, кујната и другите простории во хотелот се одржува на високо ниво, а убавата трпезарија и другите пропратни простории ќе придонесат за пријатен престој на учениците. Спортските објекти и терени во непосредната околина ќе придонесат за непречено реализирање на спортско рекреативните активности, утринската гимнастика, спортските натпреварувања меѓу учениците и друго.

Вечерниот културно забавен живот на учениците исто така ќе се реализира во објектот кој нуди услови и простор за тоа.

**Техничка организација**

Високо квалитетни климатизирани автобуси со турситички водач и присуство на лекар

## Начин на финансирање

Наставно-научната екскурзија ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите. Наставно-научната екскурзија ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми.

**За безбедноста на учениците ќе се грижат одделенските раководители на деветтите одделенија.**

**Кодекс на однесување на учениците:**

Задолжително почитување на Законите на РС Македонија, достојно претставување на своето училиште, градот,забрана за консумирање алкохол и други недозволиви супстанции, забрана за нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување и нанесување на материјална штета и забрана за одддалечување од групата.

Стручен тим:

м-р Благица Устапетрова – директор
Трајанка Колева– одделенски раководител
Билјана Пујуклиева – одделенски раководител

# ТИМ КОЈ УЧЕСТВУВАЛ ВО ИЗРАБОТКАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

- Благица Устапетрова
- Даниела Делева
- Сандра Јанева
- Зоран Ѓузелов

**Потпис на директор**

___________________________

**Датум**

___________________________

**Потпис на претседател на Училиштен одбор**

___________________________

**Струмица** **м.п.**

# СОДРЖИНА


1. Вовед ... 2

1. Општи податоци за училиштето ... 3

Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште ... 7

2. Податоци за условите за работа на основното училиште ... 10

Мапа на основното училиште ... 10

Податоци за училишниот простор ... 13

Материјално – технички услови ... 14

Простор ... 15

а) Наставни простории ... 15

б) Простории за општествена и педагошка дејност ... 16

в) Санитарни и други помошни простории ... 17

г) Училиштен двор и други површини ... 17

Опрема и наставни средства согласно Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства ... 19

Податоци за училишната библиотека ... 21

План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година ... 22

3. Податоци за вработените и учениците во основното училиште ... 22

Податоци за раководното лице ... 26

Податоци за воспитувачи ... 26

Податоци за вработените административни службеници ... 26

Податоци за вработените помошно-технички лица (лица кои вршат помошно-технички работи) ........ 28
Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар ........ 28
Број и структура на наставниот кадар и другиот вработен персонал: ........ 29
Податоци за учениците во основното училиште ........ 31
4. Материјално – финансиско работење на училиштето ........ 32
Констатации од претходната учебна година ........ 33
5. ПОДГОТОВКИ ЗА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА ........ 34
Кадровски подготовки ........ 34
МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ........ 36
ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ........ 37
6. Веќе научено / Стекнати искуства ........ 39
7. Подрачја на промени, приоритети и цели ........ 40
План за евалуација на акциските планови ........ 43
8. Програми и организација на работата во училиштето ........ 44
Организација и реализација на воспитно-образовната дејност ........ 44
Преглед на бројот на ученици по одделенија и паралелки ........ 46
Настава ........ 48
Вид на настава ........ 48
Организација на задолжителна настава ........ 49
Календар за организација и работата на училиштето ........ 49
Еколошки календар ........ 50
Изборна настава ........ 53

Дополнителна настава ........................................................................................................................................ 53
Додатна настава ................................................................................................................................................ 55
Работа со надарени и талентирани ученици .................................................................................................. 55
Работа со ученици со посебни образовни потреби ......................................................................................... 56
План на образовниот медијатор ........................................................................................................................ 57
РАБОТА НА СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА ВО УЧИЛИШТЕТО ........................................................................................ 57
Наставнички совет ............................................................................................................................................ 57
Совет на одделенски наставници ...................................................................................................................... 58
Совет на предметни наставници ........................................................................................................................ 59
Одделенски раководител .................................................................................................................................. 59
9. Воннаставни активности ................................................................................................................................ 63
10. Ученичко организирање и учество ............................................................................................................... 72
11. Вонучилишни активности ............................................................................................................................ 74
12. Натпревари за учениците ............................................................................................................................. 76
13. Унапредување на мултикултурализмот ....................................................................................................... 77
14. Проекти што се реализираат во училиштето ............................................................................................... 79
15. Поддршка на учениците ............................................................................................................................... 81
16. Оценување ..................................................................................................................................................... 84
Етички кодекс за оценување .............................................................................................................................. 87
Самоевалуација на училиштето .......................................................................................................................... 92
17. Безбедност во училиштето ............................................................................................................................. 93
18. Грижа за здравјето ......................................................................................................................................... 95

19. Училишна клима ........ 97
20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар ........ 99
21. Соработка на основното училиште со родителите/ старателите ........ 101
22. Комуникација со јавност и промоција на училиштето ........ 104
23. Следење на имплементација на годишната програма за работа на основното училиште ........ 108
24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште ........ 109
ПРИЛОЗИ ........ 110
Прилог бр.1 Преглед на наставниот кадар за 2025/26 ........ 110
Прилог бр.2 Распоред на часови ........ 118
Прилог бр.3 Програма за работа на советот на родители ........ 120
Прилог бр.4 Годишна програма за работа на директорот на училиштето за учебната 2025/26 ........ 121
Прилог бр.5 Програма за работа на стручните соработници ........ 130
*Годишна програма за работа на педагогот во учебната 2025/2026 год.* ........ 130
*Годишна програма за работа на психологот во учебната 2025/2026 год.* ........ 138
*Годишна програма за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор во учебната 2025/26 год.* ........ 151
*Годишна програма за работа на училишниот библиотекар во учебната 2025/26 год* ........ 155
Прилог бр.6 Програма за работа на стручните активи ........ 159
Програма за работа на стручниот актив по одделенска настава ........ 159
Програма за работа на стручен актив на прво одделение за учебната 2025/26 година ........ 160
Програма за работа на стручни активни за III одделение за учебната 2025/2026година ........ 165
Програма за работа на стручен активна IV одделение за учебната 2025/2026 год ........ 168
План за работа на стручен активна V одделение за учебната 2025/2026 год. ........ 173

Програма за работа на активот по македонски јазик во учебната 2025/2026година ... 180
Програма за работа на стручниот актив за странските јазици (англиски и германски јазик) за учебна 2025 / 2026 година ... 183
Програма за работа на стручниот актив по математика, информатика, физика и техничко образование за учебната 2025/2026 година ... 185
Програма за работа на стручниот актив по предметите: иновации, историја, граѓанско образование, географија, запознавање со религиите, филозофија за деца, справување со природни катастрофи, за учебната 2025/2026 година ... 190
Прилог бр.7 Програма за работа на Совет на одделенските наставници и Совет на предметни наставници, за учебната 2025/26 година ... 198
Прилог бр.8 Програма за работа на Наставнички совет ... 200
Глобална програма за дополнителна настава ... 202
Прилог бр.9 Програма за додатна настава ... 202
Прилог бр.10 Програма за посета на час за следење и вреднување на квалитетот на воспитно-образовниот кадар ... 203
Прилог бр.11 Програма за следење и вреднување на квалитетот навоспитно-образовната работа во училиштето ... 205
Прилог бр.12 Програма за самоевалуација на училиштето ... 207
Прилог бр.13 Планирање на оценувањето за постигањата на учениците ... 209
Прилог бр.14 Програма за заштита и спасување ... 211
Прилог бр.15 Кодекс на однесување на наставници и ученици ... 213
КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ... 213
КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ... 215
Прилог бр.16 Програма за професионален развој на наставниците ... 217
Прилог бр.17 Програма за соработка со родители во учебната 2025/2026 година ... 220
План за одржување на родителски средби во учебната 2025/2026 година ... 221
Прилог бр.18 Програма за реализација на ученички натпревари во учебната 2025/2026 година ... 222
Прилог бр.19 Акционен план за поддршка на учениците ... 225

Прилог бр.20 Програма за дисциплинирано однесување на учениците ........ 229
Прилог бр.21 Акционен план за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето ........ 230
Прилог бр.22 Акционен план за училиштен спорт ........ 231
Прилог бр.23 Програма за грижа за здравјето на учениците во учебната 2025/2026 година ........ 233
Прилог бр.24 Акционен план за општествено-хуманитарна работа ........ 235
Прилог бр.25 Програма за јавна и културна дејност на училиштето ........ 237
Прилог бр.26 Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште ........ 239
Прилог бр.27 - Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем ........ 240
ЕКО-СТАНДАРД 1 - ЕНЕРГИЈА ........ 240
ЕКО-СТАНДАРД 2 - ВОДА ........ 241
ЕКО-СТАНДАРД 3 – УРЕДЕН И ЕКОЛОШКИ ДВОР ........ 241
ЕКО-СТАНДАРД 4 – ВНАТРЕШНА СРЕДИНА ........ 243
ЕКО- СТАНДАРД 5- ОТПАД ........ 244
ЕКО- СТАНДАРД 6 - ТРАНСПОРТ ........ 245
Прилог бр.28 Годишна програма за работа на Училишниот одбор ........ 246
Прилог бр.29 Акционен план за подобрување на соработката со советот на родители ........ 249
Прилог бр.30 Преглед на содржините и активностите на инклузивниот тим за работа со ученици со посебни потреби за учебната 2025/2026 г. ... 251
Прилог бр.31 Програма за работа со деца со посебни образовни потреби ........ 254
Прилог бр.32 Програма за работа на ученичкиот парламент ........ 256
Прилог бр.33 Програма за превенција од насилно однесување ........ 260
Прилог бр.34 Програма за превенција од болести на зависност ........ 262
Прилог бр.35 Превентивна програма за асоцијално однесување ........ 265

Прилог бр.36 Програма за унапредување на менталното здравје на учениците ........ 268
Прилог бр.37 План за организирање на акции ........ 275
Прилог бр.38 Програма за професионална ориентација за учениците од деветто одделение ........ 276
Прилог бр.39 Процедура за откривање и грижа на учениците со емоционални потешкотии ........ 279
Прилог бр.41 Воннаставни активности во наставата по граѓанско образование ........ 286
Акциски план за Отворен ден по граѓанско образование во ООУ „МаршалТито“ - Струмица, за учебна 2025/2026год. ........ 292
Прилог бр.42 Програма за реализација на ученичките екскурзии ........ 294
ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕДНОДНЕВНА НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ВО III ОДД. ........ 294
ПЛАНИРАНА НАСТАВА ВО ПРИРОДА ЗА V ОДД. ........ 297
ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДВОДНЕВНА НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА VI ОДД. ........ 303
ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТРИДНЕВНА НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА – IX ОДД. ........ 308
ТИМ КОЈ УЧЕСТВУВАЛ ВО ИЗРАБОТКАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ........ 312
СОДРЖИНА ........ 313